РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ВО СКОПЈЕ

# БИЛТЕН

НА
УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ВО СКОПЈЕ

Билтен број 1024
Скопје, 1 февруари 2012 година

**Издание на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**

ПРВИОТ БРОЈ НА БИЛТЕНОТ Е ОБЈАВЕН ВО МАЈ 1957 ГОДИНА

**Главен и одговорен уредник: м-р Илија ПИПЕРКОСКИ, генерален секретар**

**Уредник: Томислав БАШЕВСКИ**

**Лектор: Весна Илиевска-Цветановска**

**Умножено на Универзитетот во Скопје**
**Тираж: 70 примероци**

# Содржина на Билтен број 1024 од 1 февруари 2012 год


**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ "БЛАЖЕ КОНЕСКИ"**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на докторска дисертација пријавени на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје (**м-р Анита Ангелеска, м-р Марјан Патлиџанковски, м-р Габриела Ивановска, м-р Марина Мијаковска, м-р Николче Вељановски**)....................1

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Филозофскиот факултет во Скопје (**Ирина Лабачевска, Билјана Волческа, Билјана Блажеска, Татјана Љапова, Марија Станчевска Ѓоргова, Весна Илиевска, Христина Љубеновска, Неда Аницин, Владо Стојанов, Ристе Кукутанов, Снежана Спасеновска, Нена Велковска, Марија Димитровска, Борче Чамински, Љупчо Кацарски, Валентина Врчкова, Сусана Новакоска, Новица Наков, Мартина Смилевска, Катерина Дојчинова, Илија Дојчиновски**)....................2-4
2. Преглед на прифатени теми за изработка на докторска дисертација на Филозофскиот факултет во Скопје (**м-р Лулзим Мехмеди, м-р Атанас Блажовски, м-р Милица Патраклиева, м-р Миле Петровски, м-р Жаклина Просароска, м-р Сашо Панчевски, м-р Маја Корубин, м-р Живко Гацоски, м-р Мартин Протоѓер, м-р Ардијан Муча, м-р Душица Димитровска, м-р Јадранка Бочварова, м-р Игор Јуруков, м-р Милан Димитровски, м-р Слаѓана Стаменкова, м-р Невена Петровска, м-р Јорданчо Попоски, м-р Викторија Боровска, м-р Драган Стефановски, м-р Гоце Величковски, м-р Николчо Спасов, м-р Никола Минов**)....................5-6

**ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ**

1. Рецензија на докторската дисертација под наслов **Хармонизација и синхронизација на јавното финансирање и распределбата на средствата во Европската унија од м-р Ана Дамјановска**, пријавена на Економскиот институт во Скопје....................7-12

**ЗЕМЈОДЕЛСКИ ИНСТИТУТ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Земјоделскиот институт во Скопје (**Лазар Плетварски, Александар Зашев**)....................13

**ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на докторска дисертација на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје (**м-р Ана Салтирова Давидовски, м-р Славица Михајловска-Ѓошиќ, м-р Милаим Фетаи, м-р Никола Ѓоргон**)....................14
2. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Економскиот институт во Скопје (**Јулија Трајковска, Горан Ѓорѓев, Анче Алексов, Душица Кранго-Марковска**)....................15

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ "ЈУСТИНИЈАН ПРВИ"**

1. Рецензија на докторската дисертација **Правните механизми во организацијата на Обединетите нации и прашањето околу името на Република Македонија**, изработена од **м-р Јанко Бачев**, пријавена на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје.........16-24

**СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Стоматолошкиот факултет во Скопје (**д-р Санела Идоска, д-р Предраг Серафимовски, д-р Касами Недим, д-р Бранка Величковска, д-р Желина Менчева**)........25

**МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по група предмети од областа на математиката на Машинскиот факултет во Скопје (**д-р Алекса Малчески**)........26-38

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Разузнавачко-безбедносните системи во остварувањето на националната и меѓународната безбедност** , од **м-р Горан Василевски,** пријавена на Филозофскиот факултет во Скопје........39-43

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЛИКОВНИ УМЕТНОСТИ**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања по предметите цртање и сликање на Катедрата за сликарство на Факултетот за ликовни уметности во Скопје (**м-р Јован Шумковски**)........44-51
2. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања по предметите цртање и сликање на Катедрата за сликарство на Факултетот за ликовни уметности во Скопје (**м-р Благоја Маневски**)........52-59
3. Реферат за избор на наставник во сите звања по предметите сликарска технологија, сликарски техники и конзервација и реставрација на Катедрата за сликарство на Факултетот за ликовни уметности во Скопје (**м-р Блаже Кузмановски**)........60-70

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Европскиот културен модел и културно-интеграциската политика на Република Македонија,** изработена од **м-р Елизабета Канческа Милевска,** пријавена на Филозофскиот факултет во Скопје........71-76

**ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА**

1. Реферат за избор во звањето виш научен соработник во Институтот за национална историја во Скопје (**д-р Ирена Стефоска**)........77-82

**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ "БЛАЖЕ КОНЕСКИ"**

1. Реферат за избор во звањето доцент по предметите современ албански јазик и историја на албанскиот јазик при Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје (**д-р Ајтен Ќамили**)........83-90

**ФАКУЛТЕТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА**

1. Рецензија на учебното помагало **Ендоскопија и бронхоскопија на пластиниран модел од куче,** од авторите **д-р Влатко Илиески, д-р Пламен Тројачанец, д-р Лазо Пендовски и м-р Ксенија Илиевска,** пријавено на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје........91-96

**ИНСТИТУТ ЗА ФОЛКЛОР "МАРКО ЦЕПЕНКОВ"**

1. Реферат за подобност на темата за докторска дисертација **Кларинетот во македонската чалгиска традиција** и оспособеност на кандидатот **м-р Љупчо Чедомирски** за научна работа, пријавена на Институтот за фолклор "Марко Цепенков" во Скопје........97-100

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Влијанието на групната динамика врз остварувањето на целите во групната социјална работа**, изработена од **м-р Мирослав Пендаровски**, пријавена на Филозофскиот факултет во Скопје....................................101-107

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на ракописот **Маркетинг на услуги**, од авторот **проф. д-р Снежана Ристевска-Јовановска**, пријавен на Економскиот факултет во Скопје..........................................108-113

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Основи на надворешно-политичката и дипломатско-безбедносната стратегија на Република Македонија**, изработена од **м-р Тони Петрески**, пријавена на Филозофскиот факултет во Скопје..............................114-117

**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Трансверзална аналитичка студија за употребата на додатоците на храна на територијата на град Скопје**, изработена од м-р д-р Розета Милева-Пецева, пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје..............................118-123
2. Рецензија на учебното помагало **Невромускулен блок**, од авторот в.н. сор. д-р Мирјана Шошолчева, пријавен на Медицинскиот факултет во Скопје.......................................124-127

**ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на докторска дисертација на Природно-математичкиот факултет во Скопје (**м-р Христина Оџаклиеска, м-р Невена Серафимова, м-р Томи Димовски, м-р Билјана Златановска, м-р Ане Тунтев, м-р Ристе Попоски, м-р Јован Јанушески, м-р Ана Петковска**)..............................................................................128-129
2. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Природно-математичкиот факултет во Скопје (**Љупчо Лазаровски, Велибор Тасевски, Ангелчо Ристовски**)..........................................................................................................................130
3. Преглед на прифатени теми за изработка на специјалистички труд на Природно-математичкиот факултет во Скопје (**Гордана Османли**)..............................................................131

**ФАРМАЦЕВТСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Фармацевтскиот факултет во Скопје (**Лирим Шабани**)..........................................................................................132
3. Преглед на прифатени теми за изработка на специјалистички труд на Фармацевтскиот факултет во Скопје (**Ева Везенкоска, Весна Мазнева, Милена Јаниќевиќ Христова**).....132

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на докторска дисертација на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје (**м-р Владо Илиевски, м-р Бојанчо Митев, м-р Лилјана Најденова, м-р Игор Лазов, м-р Верица Тасевска, м-р Ејуп Беќири, м-р Славчо Пејоски**)..........................................................................................133

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на наставник по предметот фискален и монетарен систем на ЕУ, на Економскиот факултет во Скопје (**д-р Ѓорѓи Гоцков, д-р Емилија Стевановска**).....134-153

**ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на докторска дисертација на Економскиот институт во Скопје (**м-р Соња Маркова, м-р Бисера Војческа, м-р Маја Богдановска-Стојаноска, м-р Амелија Јанковска, м-р Силвана Петревска, м-р Арбен Халили**)...........154
2. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Економскиот институт во Скопје (**Панореја Десовска, Лепче Ѓуриќ, Ивица Јаковлевски, Александра Илиевски**)..........155

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Емоционалната клима и однесувањето на учениците**, изработена од **м-р Деспина Сивевска**, пријавена на Филозофскиот факултет во Скопје..........156-161

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ "ЈУСТИНИЈАН ПРВИ"**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на докторска дисертација на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје (**м-р Шабан Сулејмани, м-р Агрон Бека, м-р Верка Костовска, м-р Елена Јовановска Брезоска, м-р Нада Петрушева, м-р Билјана Петревска**)..........162-163
2. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје (**Сања Ташкова, Ангелина Глигоровска, Катерина Кузмановска, Гонца Ангелова, Елена Вељановска, Милка Спировска, Сања Стојановска, Гаврил Ристовски, Марија Димитровска, Маја Стаменковска, Александра Петковска, Благоја Јовановски, Јулијана Неделковска, Данче Попева, Наташа Здравковска, Марија Маневска, Еџевит Аљији, Ивица Пеповски, Емилија Аринтоновска, Ирина Спасоска, Ирена Трајановска, Томче Дончев, Душан Босињанов, Магдалена Миланова, Душко Билески, Јован Чочковски, Весна Невеселовска, Драган Василов, Маја Тодоровска**)..........164-167
3. Реферат за избор на соработник во соработничко звање-асистент на научната област применети политички науки на политичките студии на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје (**м-р Милена Апостоловска, м-р Александар Пацески**)..........168-171

# ПРЕГЛЕД
на прифатени теми за изработка на докторски дисертации на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“-Скопје

| *Име и презиме на кандидатот* | *Наслов на прифатена тема за изработка на докторска дисертација* | *Комисија за утврдување подобност на кандидатот и темата* |
|---|---|---|
| м-р Анита Ангелеска | „Засведочените слова на св. Климент Охридски” | Проф. д-р Добрила Миловска<br>Проф. д-р Ратомир Грозданоски<br>Проф. д-р Нина Анастасова-Шкрињариќ |
| м-р Марјан Патлиџанковски | „Средновековни македонски скрипториуми” | Проф. д-р Добрила Миловска<br>Проф. д-р Митко Панов<br>Проф. д-р Нина Анастасова-Шкрињариќ |
| м-р Габриела Ивановска | „Не-нормирани идентитети: културните модели и функцијата на книжевноста” | Проф. д-р Маја Бојаџиевска<br>Проф. д-р Славица Србиновска<br>Проф. д-р Елизабета Шелева |
| м-р Марина Мијаковска | „Ecriture feminine и романот: прилог кон феминистичката теорија на жанрот” | Проф. д-р Маја Бојаџиевска<br>Проф. д-р Елизабета Шелева<br>Проф. д-р Славица Србиновска |
| м-р Николче Вељановски | „Функцијата на неопределените детерминатори во англискиот и во македонскиот јазик - контрастивна анализа” | Проф. д-р Владимир Цветковски<br>Проф. д-р Зозе Мургоски<br>Проф. д-р Живко Цветковски |

# Преглед

## на пријавени магистерски теми за изработка на магистерски труд на Филозофски факултет

| | Име и презиме | Тема | Ментор |
|---|---|---|---|
| 1 | Ирина Лабачевска | Развојот на евро- медитеранското партнерство: од барселонскиот процес до унијата за медитеранот | проф. д-р Билјана Ванковска |
| 2 | Билјана Волческа | Правото на приватен живот и правото на заштита на личните податоци во Европската унија и Република Македонија: поврзани и автономни фундаментални права | проф. д-р Билјана Ванковска |
| 3 | Билјана Блажеска | Слободното движење на работната сила како фундаментално право на граѓаните во ЕУ | проф. д-р Милева Ѓуровска |
| 4 | Татјана Љапова | Оценување на напредокот и постигањата кај учениците со интелектуална попреченост | доц. д-р Наташа Чичевска Јованова |
| 5 | Марија Станчевска Ѓоргова | Историски развој на ликовната уметност и галериската дејност во Република Македонија(1991-2011 година) | проф. д-р Виолета Ачкоска |
| 6 | Весна Илиевска | Историскиот развој на установите од областа на културата во Република Македонија (1991-2011 година) | проф. д-р Виолета Ачкоска |
| 7 | Христина Љубеновска | Видови на поддршка од социјалната мрежа за инвалидни лица | проф. д-р Сунчица Димитријоска |
| 8 | Неда Аницин | Интерперсоналната ориентација и афилијативната мотивација кај помагателните професии во социјалната заштита | доц. д-р Иван Трајков |
| 9 | Владо Стојанов | Менаџирање на електронската педагошка евиденција во средните училишта | проф. д-р Наташа Ангелоска Галевска |
| 10 | Ристе Кукутанов | Планирање и реализација на Етиката во религиите како наставен предмет во воспитно-образовниот процес | проф. д-р Наташа Ангелоска Галевска |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 11 | Снежана Спасеновска | Улогата на менаџерот на човечки ресурси во развојот на вработените во малите и средните претпријатија | проф. д-р Јован Пејковски |
| 12 | Нена Велковска | Развојните тенденции на менаџментот на човечки ресирси во АД Македонска пошта | проф. д-р Милева Ѓуровска |
| 13 | Марија Димитровска | Филмот како ангажирана уметност | проф. д-р Антоанела Петковска |
| 14 | Борче Чамински | Улогата на разузнавањето во хуманитарните интервенции | проф. д-р Митко Котовчевски |
| 15 | Љупчо Кацарски | Улогата на полицијата на Република Македонија во превенирањето и сузбивањето на еколошкиот криминал | проф. д-р Тони Милески |
| 16 | Валентина В'чкова | Безбедносни закани и современите тенденции на женскиот самоубиствен тероризам во XXI век | проф. д-р Митко Котовчевски |
| 17 | Сусана Новакоска | Потребата од координација и соработка на меѓународните организации во функција на зголемување на ефикасноста на меѓународната безбедност | проф. д-р Оливер Бакрески |
| 18 | Новица Наков | Влијанието на социјалната политика во одржливо градење на мирот (The impact of social policy on sustainble peace building) | проф. д-р Маја Геровска Митев |
| 19 | Мартина Смилевска | Влијанието на безбедносните интереси во донесувањето одлуки за азил: Праксата на Република Македонија (The impact of the security interests on asylum decision making: The practice of the Republic of Macedonia) | проф. д-р Лидија Георгиева |
| 20 | Катерина Дојчинова | Разлики помеѓу адолесценти и млади возрасни од еднодетни и повеќедетни семејства во перцепцијата на родителскиот стил, емпатијата и саморегулацијата | доц. д-р Ана Фрицханд |

# ПРЕГЛЕД

## на одобрени теми за изработка на докторски дисертации на Филозофскиот факултет во Скопје

| Кандидат | Тема | Комисија |
|---|---|---|
| 1) М-р Лулзим Мехмеди | Организациската поставеностми раководењето во контекст на обуката за претприемништвото во средното образование | 1.Проф. д-р Зоран Велковски<br>2.Проф. д-р Наташа Ангелоска Галевска<br>3.Проф. д-р Трајан Гоцевски |
| 2) М-р Атанас Лажовски | Руската надворешна политика кон Балканот и Македонија од Кримската војна (1853-1856) до почетокот на Првата светска војна | 1.Проф. д-р Кочо Сидовски<br>2.Проф. д-р Далибор Јовановски<br>3.Проф. д-р Ванчо Ѓорѓиев |
| 3) М-р Милица Патраклиева | Концептот на јавното-приватно партнерство во образовниот систем на Република Македонија од аспект на современо менаџирање | 1.Проф. д-р Трајан Гоцевски<br>2.Проф. д-р Снежана Адамческа<br>3.Проф. д-р Наташа Ангелоска Галевска |
| 4) М-р Миле Петровски | Здружено војување и современи безбедносни закани во светот | 1.Проф. д-р Митко Котовчевски<br>2.Проф. д-р Синиша Даскаловски<br>3.Проф. д-р Тони Милески |
| 5) М-р Жаклина Просароска | Можноста за воспоставување независен механизам за контрола врз работата на полицијата на Република Македонија во функција на јавната доверба | 1.Проф. д-р Билјана Ванковска<br>2.Проф. д-р Лидија Георгиева<br>3.Проф. д-рОливер Бакрески |
| 6) М-р Сашо Панчевски | Самоубиствениот тероризам и неговата персонификација во новиот религиозен бран на тероризмот | 1.Проф. д-р Митко Котовчевски<br>2.Проф. д-р Марина Митревска<br>3.Проф. д-р Синиша Даскаловски |
| 7) М-р Маја Корубин | Карактерните квалитети, субјективната добросостојба и општата и социјалната самоефикасност кај студенти | 1.Проф. д-р Благоја Јанаков<br>2.Проф. д-р Николина Кениг<br>3.Доц. д-р Огнен Спасовски |
| 8) М-р Живко Гацоски | Модели на контрола и нивна примена во работата на приватниот безбедносен сектор во Република Македонија | 1.Проф. д-р Оливер Бакрески<br>2.Проф. д-р Билјана Ванковска<br>3.Проф. д-р Митко Котовчевски |
| 9) М-р Мартин Протоѓер | Информацијата, медиумите и јавноста | 1.Проф. д-р Бранислав Саркањац<br>2.Проф. д-р Иван Џепароски<br>3.Проф. д-р Мирко Ѓошевски |
| 10) М-р Ардијан Муча | Влијанието на „меката„ легислатива во социјалната политика и социјалната заштита: националните стратешки документи на Република Македонија | 1.Проф. д-р Сунчица Димитријоска<br>2.Проф. д-р Јован Пејковски<br>3.Доц. д-р Иван Трајков |
| 11) М-р Душица Димитровска | Просторот и времето како филозофски категории во византискиот иконопис | 1.Проф. д-р Вера Георгиева<br>2.Проф. д-р Иван Џепароски<br>3.Доц. д-р Ристо Солунчев |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 21 | Илија Дојчиновски | Поврзаност на квалитетот на живот со надежта, проактивното справување со стрес и возраста кај хоспитализирани пациенти за операција на срце | доц. д-р Ана Фрицханд |

| | | |
|---|---|---|
| **12) М-р Јадранка Бочварова** | **Професионалниот развој на наставниците во високото образование** | 1.Проф. д-р Сузана Миовска Спасева<br>2.Проф. д-р Вера Стојановска<br>3.Проф. д-р Наташа Ангелоска Галевска |
| **13) М-р Игор Јуруков** | **Историското образование во Република Македонија 1944-1991** | 1.Проф. д-р Виолета Ачкоска<br>2.Проф. д-р Никола Жежов<br>3.Проф. д-р Даринка Петреска |
| **14) М-р Милан Димитровски** | **Организација на системот за заштита и спасување од употреба на хемиско и биолошко оружје во Република Македонија** | 1.Проф. д-р Марина Митревска<br>2.Проф. д-р Ванчо Кенков<br>3.Проф. д-р Јован Наумовски |
| **15) М-р Слаѓана Стаменкова** | **Етички кодекс – менаџирање, искуства и квалитет** | 1.Проф. д-р Снежана Адамческа<br>2.Проф. д-р Трајан Гоцевски<br>3.Проф. д-р Анета Баракоска |
| **16) М-р Невена Петровска** | **Педагошките аспекти на превенцијата на малолетничкото претстапништво** | 1.Проф. д-р Сузана Миовска Спасева<br>2.Проф. д-р Анета Баракоска<br>3.Проф. д-р Наташа Ангелоска Галевска |
| **17) М-р Јорданчо Попоски** | **Наставата по историја помеѓу традиционалното и иновациите 1991-2011** | 1.Проф. д-р Виолета Ачкоска<br>2.Проф. д-р Даринка Петреска<br>3.Проф. д-р Никола Жежов |
| **18) М-р Викторија Боровска** | **Општествениот контекст и промените во улогите на мајчинството** | 1.Проф. д-р Нелко Стојаноски<br>2.Проф. д-р Милева Ѓуровска<br>3.Проф. д-р Аница Драговиќ |
| **19) М-р Драган Стефановски** | **Социо-економските аспекти на глобализацијата (случајот Република Македонија)** | 1.Проф. д-р Илија Ацески<br>2.Проф. д-р Ѓорѓе Младеновски<br>3.Проф. д-р Зоран Матевски |
| **20) М-р Гоце Величковски** | **Влијанието на социјалниот капитал на студентите врз нивните академски постигнувања** | 1.Проф. д-р Зоран Матевски<br>2.Проф. д-р Ѓорѓе Младеновски<br>3.Проф. д-р Антоанела Петковска |
| **21) М-р Николчо Спасов** | **Безбедноста низ призмата на климатските промени: геостратегиски и геополитички аспекти** | 1.Проф. д-р Тони Милески<br>2.Проф. д-р Митко Котовчевски<br>3.Проф. д-р Лидија Георгиева |
| **22) М-р Никола Минов** | **Бугарската пропаганда во Македонија и големите сили (1878-1912)** | 1.Проф. д-р Ванчо Ѓорѓиев<br>2.Проф. д-р Кочо Сидовски<br>3.Проф. д-р Далибор Јовановски |

# Р Е Ц Е Н З И Ј А
# НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА ПОД НАСЛОВ „ХАРМОНИЗАЦИЈА И СИНХРОНИЗИРАЊЕ НА ЈАВНОТО ФИНАНСИРАЊЕ И РАСПРЕДЕЛБАТА НА СРЕДСТВАТА ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА” ОД М-Р АНА ДАМЈАНОВСКА, ПОДНЕСЕНА ДО ЕКОНОМСКИОТ ИНСТИТУТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 241 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“во Скопје, а во врска со поднесената докторска дисертација од кандидатката м-р Ана Дамјановска под наслов ХАРМОНИЗАЦИЈА И СИНХРОНИЗИРАЊЕ НА ЈАВНОТО ФИНАНСИРАЊЕ И РАСПРЕДЕЛБАТА НА СРЕДСТВАТА ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА, Нучниот совет на Економскиот институт во Скопје, на 65 седница одржана на 25.10.2011 година, со Одлука бр.02-1924/2 од 31.10.2011, и на 68 седница одржана на 5.12.2011 година со Одлука број 02-1924/3 од 7.12.2011, не именува за членови на Комисијата за оцена и одбрана на дисертацијата.

По проучувањето на поднесената докторска дисертација и по усогласувањето на мислењата на членовите, Комисијата на Научниот совет, до Економскиот институт во Скопје, го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### 1.Општи напомени

Докторската дисертација на кандидатката м-р Ана Дамјановска, ХАРМОНИЗАЦИЈА И СИНХРОНИЗИРАЊЕ НА ЈАВНОТО ФИНАНСИРАЊЕ И РАСПРЕДЕЛБАТА НА СРЕДСТВАТА ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА, обработува современа и мошне актуелна проблематика од областа на јавното финансирање во Европската унија (ЕУ). Основен предмет на истражувањето во дисертацијата претставува анализата на развојот, функционирањето и распределбата на средствата во рамките на системот за јавно финансирање во Европската унија, како и партиципацијата на Република Македонија во овие средства.

Стратешка определба на Република Македонија претставува полноправното членство во ЕУ со што земјата ќе биде во состојба да придонесува, а и да користи средства од европскиот буџет. Ефективното, пак, искористување на средствата од тој буџет ќе зависи од поставената правна и институционална рамка и апсорпционата моќ на земјата што се мери преку бројот на склучени договори на годишно ниво и бројот на искористените средства. Досегашното искуство покажува дека нашата земја, во досегашниот период, заостанува во ефективното искористување на средствата од претпристапниот инструмент. Како причини за ваквата состојба се наведуваат: недоволниот квантитет и квалитет на кадрите во институциите на државата, ограничените буџетски ресурси за одржување на материјалните инвестиции и за покривање на оперативните трошоци, недоволната приспособеност на кадровскиот потенцијал, хоризонталната поврзаност помеѓу секторите и учесниците итн.

2. Содржина на дисертацијата

Докторската дисертација под наслов ХАРМОНИЗАЦИЈА И СИНХРОНИЗИРАЊЕ НА ЈАВНОТО ФИНАНСИРАЊЕ И РАСПРЕДЕЛБАТА НА СРЕДСТВАТА ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА, на м-р Ана Дамјановска, има 346 страници. Основниот текст опфаќа 315 страници и се состои од вовед, четири глави, заклучок и прилози, а користената литература содржи 167 библиографски единици.

Во **Првата глава** насловена „Развој на системот на јавното финансирање и распределба на средствата на Европската унија", презентиран е поставениот регионален систем на јавно финансирање и распределба на средствата во Европската унија. Овој дел од трудот опфаќа четири точки. Во рамките на првата точка „Регионален систем на јавното финансирање и распределба на средствата на Европската унија", која содржи четири потточки, е презентиран развојот на европскиот буџет, почнувајќи од неговото воспоставување, односно од воспоставувањето на генералниот буџет во 1957 година, преку одделните реформи кои се спроведуваат, вклучувајќи ги и промените во системот на финансирање на буџетот. Во оваа точка, вниманието на авторката се задржува на финансискиот систем на Заедницата до 70-тите години, финансискиот систем по 70-тите години, Агендата 2000 и новата финансиска рамка 2007-2013 година.

Во втората точка на оваа глава „Процеси на подготвување, усвојување и имплементација на буџетот", се објаснети процесите на подготвување, усвојување и имплементација на буџетот, преку прикажување на надлежностите на одделните европски институции, а во однос на споменатите процеси. Можните опции за спроведување на понатамошни реформи, пред сè на страната на приходите, се презентирани во третата точка со наслов „Реформи во Европскиот буџет". Во рамките на оваа точка, а со цел да се утврди можноста од вклучување на даноците како извор на финансирање во рамките на европскиот буџет, презентирана е структурата на даночните системи на земјите-членки на Унијата и степенот на постигнатата хармонизација во однос на одделните видови даноци. На крајот на оваа глава, во четвртата точка која гласи „Значење на европскиот буџет и неговата распределба", елаборирано е значењето на европскиот буџет и неговата распределба, при што е анализирана неговата улога како инструмент на економската политика, посебно како инструмент за остварување на макроекономска стабилност, за алокација и за редистрибуција.

**Втората глава** на дисертацијата гласи „Функционирање на системот на распределба и дистрибуција на средствата од јавното финансирање во ЕУ" и таа опфаќа четири точки. Во рамките на првата точка „Теоретска шема на интерпретирање на распределбата на средствата од јавното финансирање", дадена е теоретската основа на распределба на средствата од јавното финансирање во ЕУ. Во рамките на шесте потточки од оваа точка, елаборирани се шесте поглавја на европскиот буџет, во рамките на кои се распределени трошоците за: одржлив развој; чување и управување со природните ресурси; граѓанство, слобода и правда; Европската унија како глобален играч; трошоци за администрација; и компензација.

Во втората точка од оваа глава „Институционална рамка на системот", претставена е институционалната поставеност во рамите на Унијата и системот на функционирање на институциите од аспект на нивната одговорност за имплементирање на европскиот буџет. Притоа, посебно внимание е посветено на начинот на

имплементација на буџетот. Во точката, пак, „Текови на распределба на средствата од европскиот буџет", авторката ги елаборира тековите на распределба на средствата од европскиот буџет по одделни поглавја. Оваа точка содржи две потточки во кои се презентирани и анализирани тековите на распределба на средствата по одделни поглавја во 2009 година, како и тековите на распределба на средствата по одделни поглавја во 2010 година.

На крај, во рамките на четвртата точка од втората глава со наслов „Парадигма за традиционалното сваќање на јавното финансирање и новите приоди кон функционирањето на системот за распределба", се обработува традиционалното сфаќање на јавното финансирање, а се прави осврт и на новите приоди кон функционирањето на системот на распределба. Притоа се мисли на новите модалитети на функционирање на буџетските начела, кои ја модификуваат и прошируваат традиционалната улога на буџетот како специфичен фискален медиум за финансирањето на јавните потреби на една земја, односно улогата на европскиот буџет во финансирање на целите и потребите кои произлегуваат од заедничките програми и политики на Унијата. Поаѓајќи од структурата на европскиот буџет, се забележува дека континуирано најголемиот дел од средствата се распределуваат преку Заедничката земјоделска политика и преку кохезионата политика.

**Третата глава, „**Факторска анализа за распределба на средствата од европскиот буџет", содржи пет точки. Во првата точка, „Распределбата на средствата од јавното финансирање и источното проширување на Унијата (Агенда 2000)", е обработено прашањето на претпристапната помош, приспособувањето на финансиската рамка 2000-2006 година и финансиската спогодба за новите земји-членки. Источното проширување, констатира авторката, даде посебен белег, влијание и значење врз системот на распределба на средствата во рамките на Унијата. Во овие рамки се претставени инструментите преку кои се реализираше оваа помош, а посебно програмата PHARE, инструментот за структурни политики за претчленство и специјалната програма за развој на земјоделството и руралниот развој. Во продолжение, авторката се осврнува на приспособувањето на финансиската рамка 2000-2006 година и тоа одделно во делот на земјоделството, во делот на структурните активности и во делот на внатрешните политики. На крајот од оваа точка, дадена е финансиската спогодба за новите земји-членки, со која се распределија трошоците од европскиот буџет по одделни поглавја и по одделните нови земји-членки на Унијата, за периодот 2004-2006 година.

Во втората точка од третата глава насловена „Критериуми на распределба на средствата од европскиот буџет помеѓу земјите-членки на Унијата", се обработени критериумите на распределба на средствата од буџетот помеѓу одделните земји-членки на Унијата. Оваа точка содржи четири потточки, а во рамките на кои се презентирани: пристапите и условите за распределба на средствата преку системот на директна помош, методите на распределба на средствата преку структурните фондови и кохезиониот фонд и критериумите за распределба на средствата преку внатрешните политики на Унијата. Во продолжение на оваа точка, обработено е прашањето на распределбата на средствата од европскиот буџет помеѓу земјите членки на Унијата во текот на 2009 година.

Во рамките на третата глава, посебно внимание е посветено на конфликтите и несогласувањата кои се појавуваат во однос на одделните прашања на буџетот, при што

се наведува дека тие се јавуваат не само како резултат на националните интереси, туку и на регионалните. Во следната точка „Хармонизирани и/или синхронизирани надлежности", посебно внимание е посветено на несогласувањата меѓу институциите во однос на надлежностите кои ги имаат врз европскиот буџет. Петтата точка од оваа глава „Влијание на економската криза врз распределбата на средствата од европскиот буџет", го обработува прашањето за влијанието на економската криза врз распределбата на средствата од европскиот буџет. Во рамките на ова точка, прво се презентирани ефектите на рецесијат врз програмите, а во продолжение е обработено прашањето околу искористувањето на структурните фондови за справување со настаната светска економска и финансиска криза и присутната рецесија во одделните членки на ЕУ.

**Четвртата, последна, глава** носи наслов „Партиципирање на Република Македонија во средствата од јавното финансирање во ЕУ" и опфаќа повеќе значајни аспекти за Република Македонија не само како земја со статус на кандидат, туку и како потенцијална идна членка на Унијата. Оваа глава содржи пет точки. Во првата точка „Развој и карактеристики на досегашното искуство на Република Македонија во користењето средства од европскиот буџет", обработен е развојот и карактеристиките на досегашното искуство на Република Македонија во користењето на средствата од ЕУ. Оваа точка опфаќа две потточки. Во првата потточка е презентирана финансиската помош во текот на 90-тите години, која главно се реализираше преку програмите ЕЦХО, ОБНОВА и PHARE, а втората потточка се однесува на помошта која Република Македонија ја добиваше во периодот 2000-2006 година преку програмата CARDS.

Втората точка од оваа глава која гласи „Можности на Република Македонија за користење средства од европскиот буџет во статус на кандидат за член на Унијата и во услови за преговори за членство во Унијата", ги третира можностите на Република Македонија за користење средства од европскиот буџет во услови на статус на кандидат за член и во услови на преговори за членство. Во рамките на оваа точка се опфатени три потточки. Во првата потточка е даден општ осврт на инструментот за претпристапна помош, во втората потточка е обработена претпристапната помош за Република Македонија преку нејзините одделни компоненти, а во третата потточка се прикажани можностите за користење на внатрешните програми на Унијата.

Третата точка од оваа глава е насловена „Критериуми и модалитети на партиципирање на Република Македонија во средствата од европскиот буџет по приемот во Европската унија". Во рамките на оваа точка, аворката ги обработува критериумите и модалитетите на партиципирање на Република Македонија во средствата од европскиот буџет по приемот во полноправно членство на ЕУ. Тука се прикажани не само аспектите на користење на средствата од европскиот буџет по зачленувањето на Република Македонија во Унијата, туку и аспектите по добивањето членство во ЕУ кога Република Македонија ќе дава свој придонес во формирањето на средствата на европскиот буџет.

Во четвртата точка, „Утврдување на ефектите во користењето на јавните текови на финансирање на европскиот буџет", авторката прави анализа на ефектите во користење на јавните текови на финансирање од европскиот буџет. Во рамките на ова точка се разгледуваат неколку аспекти, и тоа: зјакнувањето на апсорпциониот капацитет, подготовката за финансиските текови меѓу Република Македонија и Унијата во постпристапната фаза, зајакнувањето на административниот капацитет,

зајакнувањето на способностите за ефективно икористување на средствата од европскиот буџет, прилагодувањето кон европското законодавство и реструктуирањето на трошковната страна на буџетот.

Петтата, последна, точка од четвртата глава насловена "Ограничувања за ефективно користење на јавните текови на финансирање од европскиот буџет", ги опфаќа ограничувањата за ефективно искористување на јавните текови на финансирање од европскиот буџет. Во рамките на овие истражувања авторката тргнува од фактот дека ефективното искористување на средствата од европскиот буџет најповеќе ќе зависи од поставената правна и институционална рамка и апсорпциониот капацитет на земјата, посебно во врска со оспособувањето на институциите и носителите на овие активности.

Во Заклучните согледувања, авторката ги сумира главните сознанија од истражувањето во докторската дисертација, со нагласок на мерките и активностите кои треба да се остварат во Република Македонија за зголемување на апсорпционата способност за користење на средства од европскиот буџет.

## 3. Оцена и предлог

Членовите на Комисијата внимателно ја проучија поднесената докторска дисертација на кандидатката м-р Ана Дамјановска под наслов ХАРМОНИЗАЦИЈА И СИНХРОНИЗИРАЊЕ НА ЈАВНОТО ФИНАНСИРАЊЕ И РАСПРЕДЕЛБАТА НА СРЕДСТВАТА ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА и сметаат дека таа претставува содржаен труд кој се засновува на современ и актуелен пристап во обработката на проблематиката на јавното финансирање и распределба во Европската унија.

Во истражувањето, кандидатката користи понова стручна литература и статистички податоци што придонесе да се идентификуваат детерминантите во формирањето на средствата во европскиот буџет и начинот и постапката за нивно користење. Од посебно значење се истражувањата во врска со ефектите од користењето средства на европскиот буџет врз економијата на Република Македонија, како и предложените препораки за зголемување на апсорпционата спосбност на нашата земја во користењето на овие средства.

За Република Македонија, која има статус на кандидат за член во ЕУ и со стратешка определба да стане нејзина полноправна членка, истражувањата на европскиот буџет и модалитетите за користење на неговите средства се во постојан интерес на академската и пошироката јавност. Ова особено ако се има предвид досегашното искуство во користењето на вакви средства, кое се оценува како недоволно, а имајќи ги предвид можните силни ефекти не само врз економијата, туку и врз останатите области на општествениот живот на Република Македонија. Тоа прави дисертацијата да претставува придонес во третирањето на проблематиката на влијанието на јавното финансирање и распределбата на средствата на Европската унија врз економијата на Република Македонија.

Имајќи ги предвид претходно изнесените ставови, Комисијата е едногласна во заклучокот дека кандидатката м-р Ана Дамјановска во докторската дисертација под наслов ХАРМОНИЗАЦИЈА И СИНХРОНИЗИРАЊЕ НА ЈАВНОТО ФИНАНСИРАЊЕ И РАСПРЕДЕЛБАТА НА СРЕДСТВАТА ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА, успеа да одговори на целите и на прашањата што беа поставени при дефинирањето на предметот

на истражување. Појдовните тези во дисертацијата кандидатката успешно и аргументирано ги обработила, од што произлегуваат насоки и решенија што, кај нас, може да се применат во областа на јавното финансирање и распределба на средствата на европскиот буџет.

Врз основа на претходно изнесеното, Комисијата му предлага на Научниот совет на Економскиот институт во Скопје:

1. да го прифати овој извештај со позитивна оцена на докторската дисертација, и

2. на кандидатката м-р Ана Дамјановска да и се дозволи јавна одбрана на докторската дисертација.

Скопје, 12 јануари 2012 година,

КОМИСИЈА ЗА ОЦЕНА И ОДБРАНА:

1.________________________
/Д-р Благоја Наневски/ с.р.

2.________________________
/Д-р Верица Јанеска/ с.р.

3.________________________
/Д-р Снежана Костадиноска-Милошеска/с.р.

4.________________________
/Д-р Неда Петроска-Ангеловска/ с.р.

5.________________________
/Д-р Климентина Попоска/ с.р.

* * *

ЕДБ МК: 4043009100062
Тел. + 389 (0)2 32 30 910
Факс + 389 (0)2 31 14 283

Наш. бр. ____________________
Дата ____________________

**Преглед на прифатени теми за изработка на магистески тези**

Студиска програма **Енологија**

| ред. бр. | Студент | Тема | Предложен ментор |
|---|---|---|---|
| 1 | Лазар Плетварски | Влијание на коинокулацијата со чиста култура на јаболчно-млечна бактерија врз квалитетот на вината од сортата Вранец | Проф.д-р Горан Миланов |

Студиска програма **Одржливо земјоделство**

| ред. бр. | Студент | Тема | Предложен ментор |
|---|---|---|---|
| 1 | Александар Зашев | Можности за примена на интегралното градинарско производство во Република Маскедонија | Проф.д-р Гордана Попсимонова |

# П Р Е Г Л Е Д

на одобрени теми за изработка на **докторска дисертација** на **Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања – Скопје**

| Кандидат | Тема | Комисија |
|---|---|---|
| **м-р Ана Салтирова Давидовски** | **Менување на менталните модели во насока на интегрирање на организациското учење** | **Проф.д-р Петар Атанасов**<br>**Проф.д-р Мирјана Борота Поповска**<br>**Проф.д-р Јорде Јакимовски** |
| **м-р.Славица Михајловска-Ѓошиќ** | **Човековиот капитал како фактор за развојот на руралните средини** | **Проф.д-рЈорде Јаќимовски, Проф.д-р Ружица Цацановска**<br>**Проф.д-р Славејко Сасајковски** |
| **м-р Милаим Фетаи** | **Влијанието на Охридскиот рамковен договор на патот на Република Македонија кон Европската унија** | **проф. д-р Мирјана Најчевска**<br>**проф. д-р Емилија Симоска**<br>**доц. д-р Анета Цекиќ** |
| **м-р Никола Ѓоргон** | **Промената на парадигмата и стратешкиот пристап кон националните ресурси-Системски модел на креирање политики за холистичко третирање на одржливиот развој** | **проф.д-р Панде Лазаревски,**<br>**проф. д-р Мирјана Најчевска**<br>**проф. д-р Јорде Јаќимовски** |

# П Р Е Г Л Е Д

на пријавени и прифатени теми за изработка на **магистерски труд** на **Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања - Скопје**

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Јулија Трајковска | Можности и перспективи за развој на работната сила во Република Македонија | проф.д-р Аница Драговиќ |
| Горан Ѓорѓев | Ефектите од програмата "Млади во Акција" како дел од процесот неформалното учење во Република Македонија | доц.д-р Марија Топузовска |
| Анче Алексов | Авторитетот и статусот на директорите основните училишта - студија на случај во општината Пробиштип | проф.д-р Јорде Јакимовски |
| Душица Кранго - Марковска | Стратегии на менаџментот на човечки ресурси за поврзување на концептот на општествена одговорност на претпријатијата и процесот на брендирање | Проф.д-р Мирјана Борота Поповска |

# РЕЦЕНЗИЈА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ПРАВНИТЕ МЕХАНИЗМИ ВО ОРГАНИЗАЦИЈАТА НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ И ПРАШАЊЕТО ОКОЛУ ИМЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“, ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ЈАНКО БАЧЕВ, ПРИЈАВЕНА НА ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први” при Универзитетот „ Св. Кирил и Методиј” во Скопје на седницата одржана на 25.11.2011 донесе, одлука на формирање Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација под наслов „Правните механизми во Организацијата на обединетите нации и прашањето околу името на Република Македонија" од кандидатот м-р Јанко Бачев, во состав: проф. д-р Билјана Поповска, проф. д-р Марика Ристовска, проф. д-р Татјана Петрушевска, доц. д-р Јасна Бачовска и доц. д-р Васко Наумовски. Комисијата до Наставно - научниот совет го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

## ТЕМА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

### Актуелност на проблематиката и научеп придонес на истражувањето

Процесот на осамостојувањето и меѓународното признавање на дел од поранешните југословенски републики кои тоа го посакуваа се одвиваше во прилично сложени околности во веќе започнатите дезинтеграциони процеси и воена ескалација на етничките и територијалните расправи помеѓу поранешните југословенски републики во текот на 1991 година. Во едни такви околности и Република Македонија го започна својот пат за добивање на меѓународното признавање. Притоа, како и во случајот со другите југословенски републики, така и меѓународното признавање на РМ се одвиваше во две сукцесивни фази: најпрвин меѓународно признавање во рамките на ЕЗ/ЕУ на регионално ниво како „европско прашање„, а дополнително следеше и колективно признавање од светската организација со приемот во членството на ООН.

Меѓутоа, за разлика од меѓународното признавање на останатите југословенски републики преку ЕЗ/ЕУ и ООН, за Република Македонија овој процес се претвори во невидено понижување, и тоа, како во обидот за нејзино признавање преку ЕЗ/ЕУ, така, подоцна, и при признавањето од страна на Генералното собрание на ООН со приемот во Организацијата.

Поточно, за Македонците радоста од приемот во ООН се претвори во понижување, бидејќи РМ беше примена во ООН без име и без знаме.

Имено, Собранието на Република Македонија на 29 јули 1992 година донесе одлука, за стапување на Република Македонија во членството на ОН. Согласно со одлуката на Собранието, на 30 јули 1992 година, Република Македонија, упати писмо до Генералниот секретар на ООН, со кое побара прием на РМ во ООН. Ова барање ќе биде пуштено во процедура во ООН дури на 22 јануари 1993 година, откако на 7 јануари 1993 година РМ упати уште едно барање и до Советот за безбедност на ООН. Барањето за прием во ООН беше удоволено, меѓутоа РМ на 8 април 1993 година беше примена во членството на ООН под референцата „Поранешна Југословенска Република Македонија".

Советот за безбедност на ООН даде препорака до Генералното собрание да ја прими РМ во членството на ООН, која за сите потреби во Организацијата ќе биде именувана со ПЈРМ, односно, со име кое е различно од уставното име на државата. Советот за безбедност на ОН ја презеде оваа активност со усвојувањето на Резолуцијата 817 од седницата на 7 април 1993 година.

Оттука, темата е особено релевантна, бидејќи ООН, во случајот со членството на РМ во Организацијата недозволиво експерементираше и се наметна како своевиден иноватор со тоа што за првпат во својата историја светската организација изврши колективно признавање на една држава без минималните атрибути на сувереноста – името и знамето, со што ООН се доведе во една непријатна ситуација да биде сведок на рушење на меѓународните принципи и правила кои претходно ги градеше.

Во оваа насока, секоја држава која сака да стане членка на ООН единствено мора да ги исполни условите за членство определени со Повелбата на Организацијата. Меѓутоа, во процедурата за членство на РМ во ООН, и беа наметнати два дополнителни услова кои немаат правен карактер (да ја прифати референцата Поранешната Југословенска Република Македонија и да разговара со Грција за своето име).

Оттука, наметнувањето на овие правно невтемелени барања при приемот на РМ во ООН, нејзиниот прием во Организацијата не само што не се заснова врз меѓународното право, туку значи кршење на серија темелни меѓународноправни принципи и правила, бидејќи не постои меѓународно-правно правило со кое се регулира изборот и усвојувањето на името на одредена држава, туку прифатено е обичајно правило, дека секоја држава има право да носи име по сопствен избор. Односно, никој нема право да и

го оспорува името на една држава, и затоа не постои и меѓународна институција до која може да се упати вакво обвинение.

Значи, произлегува дека при приемот во ООН, врз грбот на РМ се прекршуваат серија преседани невтемелени врз меѓународното право. На РМ и беше оспорено уставното име, нешто дотогаш непознато на меѓународната сцена, да се негира суштествен елемент од правната личност на еден меѓународноправен субјект.

Со еден збор, меѓународноправно опсервирано, приемот на РМ во ООН значеше прекршување на важечкото меѓународно право.

Меѓутоа, актуелноста на темата не завршува со тоа што клучните органи на ООН (Генералното собрание и Советот за безбеднсост) ги пречекорија своите овластувања при приемот на РМ во членството на ООН. Темата е особено релевантна и во услови кога се уште трае проблемот со прашањето со државното име на Република Македонија.

По дваесетгодишни напори, Република Македонија и Република Грција не се поблизу да решавање на т.н. спор за името, иако РМ досега доследно се однесуваше на документите на ООН во врска со овој проблем. Односно, македонско - грчките разговори за прашањето околу името предвидени со документите на ООН достигнаа до мртва точка и не се способни да доведат до решение. Значи, пробиен е каков било разумен рок за решавање на прашањето со името, бидејќи дваесет години е многу повеќе од разумен рок.
Затоа, Република Македонија сега може да го користи своето право да биде нарекувана во ООН со уставното име прифатено од народот. Меѓутоа, во РМ ниту една владеачка гарнитура до денешно време не поведе постапка во рамките на ООН за враќање на уставното име, иако приемот на РМ во ООН под референцата ПЈРМ нема меѓународно-правна заснованост во правото на ООН и во општото меѓународно право. Дотолку повеќе, името на една држава е прашање од исклучиво внатрешна јурисдикција на државата, што значи дека Република Грција се меша и во внатрешните работи на РМ.
Оттука, созреан е моментот најпосле РМ да поднесе барање до ООН, за да го оствари своето право да биде нарекувана Република Македонија во ООН. За остварување на ова барање на РМ и стојат на располагање повеќе меѓународни правни механизми во рамките на ООН. Затоа темата околу обработката на можните опции кои и стојат на располагање на РМ да го врати своето уставно име во ООН е релевантна во период кога сé уште е во сила приемот на РМ во ООН под референцата ПЈРМ, заради што, е евидентна потребата од еден аналитички и научно издржан пристап во

обидот за враќање на уставното име на РМ во рамките на ООН, со цел да биде надмината и последната пречка за неразумното грчко однесување.

Во овој контекст, правниот пристап во решавањето на т.н. спор за името подразбира иницијатива од Република Македонија, дотолку повеќе што бројот на земјите што досега ја признаа РМ под уставното име, начинот на одучување во ООН, како и практиката на Меѓународниот суд на правдата во однос на условите за прием на една држава во членството на ООН, ги прават сосема изгледни шансите за успех на РМ. Се разбира, со претходно добро изготвена правна стратегија за настап.

Во Република Македонија правните механизми преку ООН за проблемот околу прашањето за државното име не биле предмет на подлабоко академско истражување, и покрај присутните напори посериозно да му се пристапи преку научни семинари и други академски ангажмани. Постојат парцијални секторски анализи, но отсуствува сеопфатно истражување за правните опции што и стојат на располагање на Република Македонија преку ООН да го воспостави своето државно име во светската организација, во кое овие опции се анализираат во нивната целовитост и комплексност.

## Предмет, цел и хипотеза на истражувањето

Предмет на истражувањето се меѓународно-правните механизми што и стојат на располагање на Република Македонија за враќање на уставното име во рамките на Обединетите нации.

Во истражувањето се опфатени неколкуте правни начини за враќање на уставното име во рамките на ООН кои се релевантни за предметот на истражувањето. Клучно во примената на правниот пристап во истражувањето е фактот дека во случајов станува збор за правно прашање, бидејќи постои заемно побивање на побарувања ставови, односно, несогласување меѓу страните околу нивните меѓунардни права и обврски што се однесуваат на приемот на една држава во членството на ОН.

Истражувањето се концентрира на неколкуте правни механизми што и стојат на располагање на Република Македонија за враќање на уставното име, кои би биле корисни во евентуалниот обид РМ да поведе правна процедура во ООН за враќање на уставното име и на тој начин да го заземе своето место во светското семејство на нации во согласност со меѓународната процедура. Оттука, со оглед на важноста на темата тежиштето во трудот се става на неговата практична страна, бидејќи тој може да биде корисен само доколку биде и доволно практичен. Дотолку

повеќе што, по двеценискиот неуспешен обид да се разреши т.н спор за името, се чини дека основано може да се каже дека Република Македонија сега има целосна слобода да се определи за правна разрешница на прашањето со името.

Основната цел на истражувањето е да се прикажат неколкуте опции што и стојат на располагање на РМ за враќање на нејзиното уставно име во рамките на ООН.. Поточно, да се прикаже оваа активност на РМ во рамките на ООН преку Генералниот секретар, Советот за Безбедност, Генералното Собрание на ООН и Меѓународниот суд на правдата. Ваквиот фокус врз меѓународноправните механизми за враќање на уставното име на РМ ќе овозможи детална и длабинска анализа на оваа исклучително значајна етапа со која би можела да заврши успешно постапката на големи исчекувања за РМ да го оствари своето право да биде нарекувана Република Македонија.

Во истражувањето, преку поставената хипотетска рамка се истражува релевантноста на следниве околности во процесот на воспоставување на уставното име во ООН преку правните механизми на Организацијата: Република Македонија има меѓународноправно признато право да носи име по сопствен избор; државното име претставува суштествен елемент од правната личност на еден меѓународноправен субјект; при приемот на РМ во ООН е прекршена Повелбата на ООН, односно, Генералното собрание и Советот за безбедност на ООН ги пречекорија своите овластувања со поставување на два дополнителни услова кои немаат правен карактер; не постои меѓународноправно правило со кое се регулира изборот и усвојувањето на името на одредена држава, туку е прифатено обичајното правило, дека секоја држава има право самата да го избере своето име; никој нема право да оспорува име на една држава, и затоа не постои и институција до која може да се упати вакво обвинение; постои општо прифатено гледиште, дека името на државата е суверено право кое е во строга внатрешна јурисдикција на една држава и секое мешање во оваа насока доведува до повреда на принципот на немешање на ООН во внатрешните работи на земјите членки; суверената волја на македонските граѓани изразена на референдумот од 8.9.1991 година да живеат во самостојна и суверена држава под името „Република Македонија како и неспорниот факт дека се уште нема решение за проблемот со прашањето со името.

## Методолошката рамка

Сложеноста на темата и целта на истражувањето наложува комплексен методолошки инструментариум. При изработката на трудот се користи комбинација на квалитативни и квантитативни методи. Одбраниот методолошки пристап има за цел да ги прикаже начините што и стојат на располагање на Република Македонија во рамките на ООН, со цел да го оствари своето меѓународноправно признато право да биде нарекувана со име по сопствен избор.

Пристапот се базира на сопствени искуства, истражување и анализа на документи, записи, прилози, анализа на содржина во истражувањето на релевантна литература, разговори со релевантни актери во процесот на прием на РМ во ООН, компаративниот и историскиот приод во вршењето на споредби во практиката на прием на држави во членството на ОН.
Притоа, во оценувањето релевантноста на факторите врз успешноста на правната процедура за воспоставување на уставното име на РМ во ООН применета е компаративна анализа со правилата и процедурата на ООН и нејзината практика на приемот за членство во ООН, како и со елаборирањето на стратешките грешки од тогашниот македонски државен врв во процесот на срамниот приемот на РМ под рефенцата ПЈРМ.

Историско-правниот и компаративно-правниот метод е применет во анализата на практиката со промената на имиња на држави во историјата на ООН при приемот на државите во членството на Организацијата.

Анализата на содржината е аплицирана во истражувањето на примарната литература, односно документите на ЕУ/ЕЗ, ООН и на Република Македонија релевантни за меѓународното признавање на Република Македонија и нејзиниот прием во ООН.

Преку критичка анализа, користејќи го индуктивниот и дедуктивниот метод, истражувањето дава оцена за влијанието на одделните домашни и странски фактори во процесот на воспоставување на уставното име преку правните механизми во ООН и ги идентификува основните недостатоци во процесот на прекршување на Повелбата на ООН при приемот на РМ во членството на ООН, како основа за изградба на еден конзистентен пристап и методологија во остварувањето на правото на РМ да биде нарекувана во ООН со име по сопствен избор.

Извонредното значење на темата за Република Македонија влијае истражувањето да биде повеќе од нивото на една теоретска расправа, односно, да се истражува избраната проблематика со тежиште врз нејзината практична страна, сметајќи дека може да биде корисна само ако биде и доволно практична, се разбира, сето тоа приспособено на поставената хипотетичка рамка и расположливите податоци.

## Структура на дисертацијата

Докторскиот труд „Правните механизми во Организацијата на обединетите нации и прашањето околу името на Република Македонија" концепциски е структуриран во четири дела.

Во првиот дел насловен како: „Конституирање на Република Македонија" е поместен периодот на конституирањето на РМ во 1991 година како самостојна и суверена држава на еден дел од својата етничка територија и за еден дел од својот народ по дисолуцијата на поранешната СФРЈ и наметнување на спорот за името од страна на Република Грција. Притоа посебно се разгледува конституирањето на првата плурална власт во РМ и во тие рамки појавувањето на т.н. спор за името. Понатаму, се обработуваат активностите за меѓународно признавање на РМ преку ЕЗ/ЕУ во тоа време, односно, третирањето на македонското признавање како „европско прашање" кое откако ЕЗ/ЕУ нема да развие доволен капацитет за негово решавање, проблемот ќе се префрли во ООН. Важноста на настаните во тој период се разгледуваат во еден историски хронолошки редослед и притоа трудот се занимава со историја само во смисла дека анализира настани кои се случиле пред дваесетина години. Во секој друг поглед настаните се разгледуваат од аспект на нивната актуелност и поврзаност со докторската тема.

Во вториот дел насловен како „Приемот во членството на ООН„ се прикажани местото и улогата на Обединетите нации како меѓународна владина организација од универзален и отворен карактер. Понатаму се обработува процедурата за прием на државите – членки во светската организација со детална анализа на самата правна процедура на прием во членство во ООН. Во овој контекст е прикажан и на начинот на промената на имињата на државите во практиката на ООН преку изложување на примери во историјата на ООН.

Во третиот дел насловен како „Приемот на Република Македонија во ООН„ поблиску е прикажан приемот на РМ во членството на ООН. Се дава приказ на постапката и приемот на РМ во ООН од аспект на повредата на меѓународното право, како и посебен осврт околу дилемата дали приемот на РМ во ООН под референцата ПЈРМ бил неопходен во тој момент, или, пак станува збор за лоша проценка, како и приказот на прашањето за

домашната уставноправна заснованост на приемот на РМ во ООН под референцата ПЈРМ.

Во четвртиот дел, насловен како „Преговорите за разликата околу името меѓу Република Македонија и Република Грција под покровителство на ООН„ е прикажана хронолошки инволвираноста на т.н. меѓународна заедница во процесот на меѓународното признавање на РМ за неспорен субјект на меѓународното право и проблемот со прашањето со името. Најпрвин се дава приказ преку учеството на ЕЗ/ЕУ во македонско – грчкиот проблем со името преку нејзината Арбитражна комисија, а дополнително детално е прикажана и инволвираноста на ООН во овој проблем преку ко-претседателите на Управниот комитет на Меѓународната конференцијата за Поранешна Југославија како и добрите услуги на генералниот секретар кои се актуелни до денешно време.

И петтиот дел од докторскиот труд насловен како „Меѓународни правни механизми за враќање на уставното име на Република Македонија во рамките на ООН„ ја содржи суштината на истражувањето, при што се изложени четири правни механизми за враќање на уставното име на Република во ООН: преку Генералниот секретар, Советот за безбедност, Генералното собрание и Меѓународниот суд на правдата. Кандидатот дава детален приказ на правниот пристап преку наведените институции на ООН со цел РМ да го оствари своето суверено право да биде нарекувана Република Македонија. Притоа кандидатот се осврнува и на прашањето за тоа кој од овие органи на ООН најповолно би реагирал во евентуалниот обид на РМ да започне правна процедура преку ООН, иако, се разбира, ова е прашање на политичка проценка и на самиот државен врв доколку се одважи и охрабри за правниот пристап за надминување на проблемот со прашањето за името.

## Заклучок и предлог

Докторскиот труд „Правните механизми во Организацијата на обединетите нации и прашањето околу името на Република Македонија" од кандидатот м-р Јанко Бачев обработува многу значајна тема за Република Македонија, која е актуелна и во пошироки рамки. Користената литература ја покажува способноста на кандидатот за систематско аналитичко користење на стручна литература. Поставената теоретска рамка ги следи современите тенденции, а применетиот методолошки инструментариум обезбедува релевантност и издржаност на сознанијата презентирани во трудот.

Материјата е изложена на јасен начин, содржински богато, сеопфатно и темелно, а целиот труд е логично систематизиран. Кандидатот пристапува

продлабочено и критички кон анализата на комплексното и сеопфатно прашање кое е предмет на истражувањето, покажувајќи способност да ги селектира и објективно да им пристапи на значајните проблеми од практиката, користејќи мноштво на емпириски податоци. За отворените прашања од практиката кандидатот изразува сопствен и јасен критички став конзистентно со поставената теоретска рамка.

Трудот претставува самостоен стручно-научен труд, во кој кандидатот дава сопствен придонес за натамошното развивање на правниот пристап на Република Македонија кон остварување на нејзиното меѓународно правно - признато право да биде нарекувана во ООН со име по сопствен избор. Трудот истовремено претставува основа за натамошни истражувања во оваа област, што ја демонстрира неговата научна валидност и вредност .

Врз основа на изнесениот приказ и оцена, Комисијата констатира дека се работи за докторски труд што ги задоволува критериумите за подготвување на научни и стручни трудови од ваков вид, предвидени во соодветната законска регулатива и актите на Правниот факултет „Јустинијан Први" и Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Од тие причини, на Комисијата ѝ претставува задоволство едногласно да му предложи на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" да го усвои овој извештај со позитивна оцена и да му овозможи на кандидатот Јанко Бачев да пристапи кон јавна одбрана на неговиот докторски труд.

КОМИСИЈА:

1.Проф.Билјана Поповска с.р

2.Проф.д-р Марика Ристовска с.р.

3.Проф. д-р Татјана Петрушевска с.р.

4.Доц. д-р Јасна Бачовска с.р.

5.Доц. д-р Васко Наумовски с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА МАТЕМАТИКАТА НА МАШИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје, донесена на седницата одржана на 18.11.2011 година, избрани сме за Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања по група предмети од областа на математиката на Машинскиот факултет во Скопје во состав: проф. д-р Лазо Димов, редовен професор на Машинскиот факултет во Скопје, проф. д-р Боро Пиперевски, редовен професор на ФЕИТ во Скопје во пензија и проф. д-р Љубица Стефанова, редовен професор на Машинскиот факултет во Скопје.

На расишаниот конкурс, објавен во весниците "Дневник", и "Коха" на 1.11.2011 година, се пријави само кандидадот д-р Алекса Малчески, вонреден професор на Машинскиот факултет во Скопје.

Рецензентската комисија врз основа на приложените документи и личното познавање на кандидатот, на Наставно-научниот совет му го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### I. Биографски податоци

Роден е во Прилеп на 12.III 1964 година, каде што завршил основно и средно образование, класична гимназија, со континуиран одличен успех. Во текот на основното и средното образование учествувал на повеќе натпревари по математика и хемија, на кои освоил бројни награди и пофалници.

Во учебната 1982/1983 година се запишал на Математичкиот факултет, но студирањето го започнал по отслужувањето на воениот рок. Дипломирал на 15.IX 1988 година со просечен успех 8,74, на тема "Интегрирање на диференцијални форми на многуобразија".

Во ноември 1988 година се запишал на постдипломските студии по теориска математика. Испитите од постдипломските студии ги положил со просечен успех 10,00. Со одбраната на магистерската тема "Интерполациони низи во единичниот диск" на 12.VI 1996 година, се стекнал со академскиот степен магистер на математички науки. Докторската дисертација под наслов "Карактеризација на n-полунорми", ја пријавил на Природно-математичкиот факултет во Скопје, под менторство на проф. д-р Павле Миличиќ, редовен професор на ПМФ во Белград, и успешно ја одбранил на 14.II 2002 година, со што се стекнал со академскиот степен доктор на математички науки.

На 1.V 1989 година се вработил на Машинскиот факултет при Одделот за математика и информатика, како помлад асистент по група предмети од областа на математиката. Во 1992 бил преизбран во истото звање, а во 1996 година бил избран за асистент по група предмети од математика и информатика. Во 2000 година бил преизбран за асистент при Одделот за математика и информатика на Машинскиот факултет.

На 11.7.2002 год. бил избран за доцент по група предмети од математика на Машинскиот факултет, а на 28.3.2007 година е избран за вонреден професор, на кое работно место и сега ги извршува наставничките работи.

Во 2006 година е избран од страна на органите на Сојузот на математичарите на Македонија за уредник на математичкото списание за основно образование "Нумерус". Од истата организација во 2009 година е избран за главен и одговорен уредник на математичкото списание за средно образование" Сигма". А на 27.1.2007 година, пак, е избран за уредник во научното математичко списание "Математички билтен", во издание на Сојузот на математичарите на Македонија. Сите три функции активно ги извршува до денешен ден.

По изборот во звањето вонреден професор продолжува со своите активности во работата на повеќе стручни математички асоцијации како домашни, така и странски, и тоа: СММ, MASEE, IMO, Kangaroo sans frontieres. Учесник бил во организацијата на ВМО 2008, учесник во организацијата на IV конгрес на математичарите на Република Македонија, учесник во организацијата на MICOM , учесник на конгресот на математичарите од Југоисточна Европа, учесник на IMO од 2007 до 2011, како и активен член на Kangoroo sans frontiers, 2008-2011, а и на редица други активности. Исто така е депути лидер на Македонската репрезентација од 2008 година до 2011 година, како и учесник на завршната меѓународна конференција Kangaroo sans frontieres од 2008 до 2011 година која се одржува секоја година. На оваа меѓународна конференција е член на меѓународното жири кое ги избира задачите за натпреварите. Истата конференција е една од конференциите со највисок рејтинг од областа на методиката на математиката.

За активностите на д-р Алекса Малчески во сите области од неговото работење до изборот во звањето вонреден професор е реферирано во **Билтенот** на УКИМ во Скопје од 15 март 2007 година, број 915.

## II. Наставно-образовна активност

### А. Одржување на настава

По изборот во звањето вонреден професор, т.е. во овој извештаен период одржувал настава по предметите:

**1.**Прв циклус на студии

-математика 1, математика 2, инженерска математика, дискретна математика, методи на оптимизации, и инженерска статистика.

**2.** Втор циклус на студии

-интегрални трансформации и примени, веројатност и статистика, нумеричка математика и одбрани поглавја од применетата математика.

### Б. Учество во комисии за оценка или одбрана на дипломски работи

-ментор на 2 дипломски работи на студенти;

-член во комисија за оцена и одбрана на 1 дипломска работа.

### III. Научноистражувачка дејност

Д-р Алекса Малчески досега има објавено повеќе научни трудови, во домашни и меѓународни математички списанија, од научната област која е предмет на неговото научно работење, а воедно учествувал на повеќе научни симпозиуми и конгреси, како во Македонија, така и во странство.

### А. Научни трудови

Во овој извештаен период, д-р Алекса Малчески ги има објавено или предадено за печат следниве научни трудови:

1. Manova-Erakovik V., Malceski A., $H^p$, $p>1$ as 2-normed space, Proceedings of the International scientific conference, FMNS-2007, Bugarija, 2007, стр. 95-100.
2. Malceski A., Manova-Erakovic V., Algebric structure of the kernel of the n-seminorm, Математички Билтен, 31 (LVII), Македонија, 2007, стр. 33-52.
3. Malceski A., Manova Erakovic V., Some classes of 2-linear functionals, Proceedings of the 12[th] Serbian Mathematical Congress, Србија, 2008, стр. 83-91.
4. Manova Erakovic V., Malceski A., Algebraic structure of $X^n$, Proceedings of the 12[th] Serbian Mathematical Congress, Србија, 2008, стр. 93-101.
5. Malcheski A., Manova-Erakovik V., A characterization of $n$-seminorm, Mathematica Balkanica,vol.26.(2011) fasc.3-4, Bulgaria.
6. Malceski A., Manova-Erakovic V., Some 2-subspaces of 2-space, Математички Билтен, 35 (LXI), Македонија, прифатен за печат.
7. Malceski A., Manova-Erakovic V., An extend of the type of Hanh-Banach for skew-symmetric linear forms, Математички билтен, 35 (LXI), Македонија, прифатен за печат.
8. А. Малчески, В. Малческа, Основи на теорија на кодирање, математичко списание "Сигма".

Краток осврт на трудовите од 1 до 8.

Во трудот бр. 1 е докажано дека постои 2-норма на $H^p$ просорите и преку грани чните функции на нивните елементи е определена 2-норма во $H^p$, за $p>1$.

Во трудот бр. 2 е добиена еквивалентна дефиниција на $n$-норма, како и една дефиниција на $n$-полунорма. Од класите подмножества определени со $n$-по лунорма посебно е разгледано нејзиното јадро, како и некои негови особини.

Во трудот бр. 3 се дадени некои класи на $n$-линеарни функционали. Посебно се разгледани 2-линеарни функционали над просторите $C_{[a,b]}$ и $C(Y)$, каде што $Y$ е произволен хаусдорфов компактен тополошки простор.

Во трудот бр. 4 е дадена еквивалентна дефиниција на $n$-полунорма, од која е очигледно дека полунормите и $n$-полунормите се определени со ист број на аксиоми. Потоа е даден пример на 2-подпростор од 2-простор генериран над произволен векторски простор. Исто така, разгледани се редица на особини на 2-потпросторите и покажана е егзистенцијата на нивната канонична факторизација.

Во трудот бр. 5 низ систем на неколку леми е дадена карактеризација на $n$-полунормите како $n$-функционали на Минковски. Исто така е даден уште еден резултат кој дава тесна врска меѓу класи подмножества определени со фукционал на Минковски и нивните $n$-функционали на Минковски.

Во трудот бр. 6 се дефинирани и опишани специјални класи на 2-потпростори од 2-векторски простор како што се цикличен 2-потпростор, гранка 2-потпростор, чвор 2-потпростор и јадро 2- потпростор. Тие се генератори на произволен 2-потпростор од 2-простор.

Во трудот бр. 7 се дадени две проширвања на кососиметрична линеарна форма од типот на Хан-Банах и тоа за јадрен потпростор и чвор потпростор, кои се определени во 6.

Во трудот бр. 8, како стручен труд, изложени се основите по теоријата на кодирање на начин прифатлив за учениците од средното образование.

### Б. Научни собири

Во овој извештаен период, д-р Алекса Малчески учествувал на следниве математички симпозиуми и конгреси:

1. International scientific conference, FMNS-2007, Благоевград, Бугарија, 2007;
2. 12th Serbian Mathematical Congress, Нови Сад, Србија, 2008;
3. IV конгрес на математичарите на Македонија, Струга, Македонија, 2008;
4. The MASSEE International Congress on Mathematics MICOM 2009, Охрид, Македонија, 2009.

### В. Професионални посети и престои на други универзитети

Од 16 до 22 април 2010 година, на покана на Associoation for the development of Education, Bulgaria, бил поканет да одржи предавања за талентирани ученици.

### Г. Научни проекти

Кандидатот д-р Алекса Малчески бил учесник како член во науч ниот проект:

"Гранични вредности на аналитички функции и дистрибуции и апроксимации во смисла на дистрибуции " (2006-2009).

## IV. Стручно-апликативна дејност и дејности од поширок интерес

По избор во звањето вонреден професор т.е. во овој извештаен период, како вработен на Машинскиот факултет во Скопје, е раководител на Катедрата за математика при Одделот за математика и информатика.

Како член на Комисијата за меѓународни натпревари, ги подготвувал македонските репрезентации кои учествуваа на меѓународните математички олимпијади за ученици од средното

### V. Образец кон извештајот за избор во наставно-научно звање

Во прилог го доставуваме образецот кон извештајот за избор во наставно-научно звање. Кандидатот д-р Алекса Малчески има вкупно добиено 363,95 поени, и тоа: за наставно-образовна дејност, 67,45 поени; за научноистражувачка дејност, 35, 50 поени; за стручно-апликативна дејност, 261 поен.

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | **Поени** |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 67,45 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 35,50 |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | 0 |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 261,00 |
| **Вкупно** | 363,95 |

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на извештајот, Рецензентската комисија констатира дека д-р Алекса Малчески во извештајниот период бил активно ангажиран во изведувањето на наставата на редовните студии со 6 предмети, а на постдипломските студии со 4 предмети. Тој многу квалитетно ги извршува своите наставни обврски. Кон подготовката и реализацијата на предавањата пристапува многу одговорно и стручно, а неговиот однос кон студентите и колегите е многу коректен, со спремност да помогне и да соработува. Објавените трудови во реномирани домашни и светски списанија, како и учеството на научни собири во земјата и во странство, покажуваат дека д-р Алекса Малчески е квалитетен научен истражувач.

Рецензентската комисија со задоволство заклучува дека кандидатот има значајни резултати во наставата и науката, и дека достигнал високо ниво во научноистражувачката, стручната, методската, едукативно-педагошката и општествената работа. Комисијата позитивно ги оценува наставните и научните активности на д-р Алекса Малчески и смета дека се исполнети сите услови д-р Алекса Малчески да биде избран во звањето редовен професор.

Врз основа на изнесените факти, личното искуство во соработката со кандидатот, согласно со Законот за високото образование, Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на УКИМ во Скопје и Статутот на Машинскиот факултет во Скопје, Рецензентската комисија му предлага на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје, да утврди предлог-одлука за избор во наставнонаучно звање – редовен професор на кандидатот д-р Алекса Малчески, досегашен вонреден професор.

образование, а во периодот од 2007 до 2011 бил заменикводач на македонските математички репрезентации.

Д-р Алекса Малчески, како претседател на Координативното тело за натпревари при Сојузот на математичарите на Македонија, во овој извештаен период ги организирал натпреварите по математика за основно и средно образование на сите нивоа, меѓународниот натпревар "Кенгур", Балканската математичка олимпијада за ученици од средно образование, ВМО 2008.

Учесник е во организациониот одбор на IV конгрес на математичарите на Македонија и на Меѓународниот математички конгрес MICOM 2009.

Во изминатиот период д-р Алекса Малчески бил:

1. член на жирито на ВМО 2008;
2. член на Организациониот Одбор на ВМО 2008;
3. претседател на Комитетот за селекција на задачите за ВМО 2008
4. Шеф на координаторите на ВМО 2008
5. член на Организациониот и Редакцискиот одбор на IV конгрес на математичарите на Македонија, Струга, Македонија, 2008;
6. член на Организациониот одбор на MASSEE International Congress on Mathematics MICOM 2009, Охрид, Македонија, 2009;
7. член на Редакцискиот одбор на математичкото списание за ученици од основно образование "Нумерус";
8. главен и одговорен уредник на математичкото списание за ученици од средно образование "Сигма";
9. член на Редакцискиот одбор на научното математичко списание со меѓународен уредувачки Одбор "Математички билтен".

Од странските јазици активно го зборува рускиот јазик, а пасивно се служи со англискиот јазик.

По изборот за вонреден професор во рамките на активностите во Сојузот на математичарите на Македонија, автор и коавтор е на 28 наслови (книги) за работа со талентирани ученици, кои се наведени во анексот на овој реферат.

Во 28-те наслови е создаден комплетен систем за подготовка на учениците за натпреварите по математика на сите нивоа вклучувајќи ги и олимпијадите, од најниските степени на образование до завршните класови на средното образование. Тие се комплементарни со материјалите објавени во научнопопуларните математички списанија "Нумерус" ( за основното образование) и "Сигма" (за средното образование).

Насловите од 1 до 18 се стручно методски книги за работа со талентирани ученици за математика, а од 19 до 28 се стучни книги (научно популарни) и во кои се содржат оригинални тематски задачи кои биле предлогзадачи на последните 6 математички олимпијади во Република Македонија.

Покрај ова, кандидатот д-р Алекса Малчески ги има во електронска форма обработено содржините на наставните предмети што ги предава, што е од големо значење и помош за студентите на Машинскиот факултет.

Истовремено му предлагаме на Универзитетскиот сенат на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје да го избере кандидатот д-р Алекса Малчески за наставник во научната област математика, во звањето редовен професор.

## РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1.Д-р Лазо Димов, редовен професор на Машинскиот факултет во Скопје с.р.

2. Д-р Боро Пиперевски, редовен професор на ФЕИТ во Скопје(во пензија) с.р.

3. Д-р Љубица Стефанова,редовен професор на Машинскиот факултет во Скопје с.р.

**АНЕКС 2**

# ОБРАЗЕЦ
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** **Алекса Стојан Малчески**
(име, татково име и презиме)

**Институција:** **Машински факултет - Скопје**
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област: математика**

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста:<br>Одржување на настава | Поени<br>**Вкупно:52,1** |
|---|---|---|
| 1. | Предмети од прв циклус на студии:<br>Математика 1(5 години, 15 недели во семестар, 3 часа)<br>Математика 2(5 години, 15 недели во семестар, 3 часа)<br>Инженерска математика(4 години, 15 недели, 3 часа)<br>Дискретна математика(1 години,15 недели во семестар, 2 часа)<br>Инженерска стататистика(2 години, 15 недели, 2+2 часа)<br>Методи на оптимирање(2 години, 15 недели, 2+2 часа) | 9,0<br>9,0<br>7,2<br>6,0<br>4,2<br>4,2<br>**Вкупно:39,6** |
| 2. | Предмети од постдипломски студии :<br>Веројатност и статистика<br>Интегрални трансформации и примени<br>Одбрани поглавја од применета математика<br>Нумерички методи | 7,5<br>3,0<br>4,5<br>3,0<br>**Вкупно: 18** |
| **Ред. број** | Назив на активноста:<br>Консултации со студенти<br>Предмети од прв циклус на студии:<br>Математика 1(2007-2011; 100+90+68+95+70=423 студенти)<br>Математика 2(2008-2011; 82+73+47+62=264 студенти)<br>Инженерска математика(2007-2010, 152+95+78+65=390)<br>Дискретна математика(2007-2011;81+80+104+82+110=457)<br>Методи на оптимирање(2007-2009;26+31+33=90)<br>Инженерска статистика(2010; 42) | **0,864**<br>**0,528**<br>**0,780**<br>**0,914**<br>**0,180**<br>**0,084**<br>**Вкупно:3,350** |
| **Ред. број** | Назив на активноста:<br>Подготовка на нов предмет | **Поени**<br>**Вкупно: 6** |
| 1. | Инженерска статистика (предавања +вежби) | **3** |

| | | |
|---|---|---|
| **2.** | Методи на оптимизација(предавања+вежби) | **3** |
| **Ред. број** | Назив на активноста: Ментор на дипломска работа (2) | **Поени Вкупно: 0,4** |
| **1.** | Ментор на дипломски работи (2 дипломски работи) | **0,4** |
| **Ред. број** | Назив на активноста: Член на комисија за оценка и одбрана на дипломска работа | **Поени Вкупно: 0,1** |
| | **Вкупно** | **67,45** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| | | |
|---|---|---|
| **Ред. број** | Назив на активноста: Учесник во национален научен проект | Поени **Вкупно:3** |
| **1** | Гранични вредности на аналитички функции и дистрибуции и апроксимации во смисла на дистрибуции " (во периодот 2006-2009) | **3** |
| **Ред. број** | Назив на активноста: Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание | Поени **Вкупно:3,6** |
| **1.** | Malceski A., Manova-Erakovic V., Algebric structure of the kernel of the n-seminorm, Математички Билтен, 31 (LVII), Македонија, 2007, стр. 33-52 | **3,6** |
| **Ред. број** | Назив на активноста: Трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор | Поени **Вкупно:16,2** |
| **1.** | Malcheski A., Manova-Erakovik V., A characterization of $n$-seminorm, Mathematica Balkanica, Бугарија. | **5,4** |
| **2.** | Malceski A., Manova-Erakovic V., Some 2-subspaces of 2-space, Математички билтен, 35 (LXI), Македонија, прифатен за печат. | **5,4** |
| **3.** | Malceski A., Manova-Erakovic V., An extend of the type of Hanh-Banach for skew-symmetric linear forms, Математички билтен, 35 (LXI), Македонија, прифатен за печат. | **5,4** |
| **Ред. број** | Назив на активноста: Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор | Поени **Вкупно:8,1** |
| **1.** | Manova-Erakovik V., Malceski A., $H^p$, $p>1$ as 2-normed space, Proceedings of the International scientific conference, FMNS-2007, Bugarija, 2007, стр. 95-100. | 2,7 |
| **2.** | Malceski A., Manova Erakovic V., Some classes of 2-linear functionals, Proceedings of the 12th Serbian Mathematical Congress, Србија, 2008, стр. 83-91. | 2,7 |
| **3.** | Manova Erakovic V., Malceski A., Algebraic structure of $X^n$, Proceedings of the 12th Serbian Mathematical Congress, Србија, 2008, стр. 93-101. | 2,7 |
| **Ред. број** | Назив на активноста: Апстракт објавен во зборник на конференција | Поени **Вкупно:1** |
| **1.** | Алекса Малчески, Весна Манова-Ераковиќ, | 0,5 |

| | | |
|---|---|---|
| | "Кососиметрични линеарни форми и структура на $V^n$" ,IV конгрес на математичарите на Македонија, Струга, Македонија, 2008. | |
| **Ред. број 1-4** | Назив на активноста:<br>Учество на научен/стручен собир со реферат:<br>1. International scientific conference, FMNS-2007, Благоевград, Бугарија, 2007;<br>2. 12<sup></sup>th Serbian Mathematical Congress, Нови Сад, Србија, 2008;<br>3. IV конгрес на математичарите на Македонија, Струга, Македонија, 2008;<br>4. The MASSEE International Congress on Mathematics MICOM 2009, Охрид, Македонија, 2009. | Поени<br>**Вкупно:4** |
| | **Вкупно** | 35,5 |

## СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

| **Ред. број** | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | **Вкупно** | 0 |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Поени

| **Ред. број** | Назив на активноста:<br>Учество во работа на комисии за државни натпревари | Поени<br>**Вкупно:21** |
|---|---|---|
| **1.** | Комисија за меѓународни натпревари по математика (4 години) | 4 |
| **2** | Претседател на Координативно тело за натпревари при СММ (5 години) | 5 |
| **3** | Претседател на Комисија за натпревари во основно образование (3 години) | 3 |
| **3** | Претседател на Комисија за натпревари во средно образование (5 години) | 5 |
| **4.** | Претседател на Координативно тело за меѓународен натпревар Кенгур (4години) | 4 |
| **Ред. број** | Назив на активноста:<br>Член на меѓународна жири-комисија | Поени<br>**Вкупно:14** |
| **1.** | Претседател на Комисија за задачи на BMO 2008 | 2 |
| | Шеф на координатори на BMO 2008 | 2 |
| | Член на жири на BMO 2010 | 2 |
| **2.** | Член на жири на Kangorou sans frontieres (2007-2011) | 8 |
| **Ред. број** | Назив на активноста:<br>Книга од стручна област | Поени<br>**Вкупно:215** |
| **1.** | J.Markoska, Gj. Markoski, A.Malcheski, Macedonian mathematical competitions, 2007, SMM, 2007. | 7 |
| 2 | Manova-Erakovic V., Malcheski R., Markovski G., Markovska J., Prangoski B., Cvetkovski Z., Petrushevski M., Malcheski A., Macedonian Mathematical Competitions, CMM, 2008. | 7 |
| 3 | Malcheski A., Manova Erakovik V., 25-th Balkan Mathematical | **8** |

| | | |
|---|---|---|
| | Olympiad, CMM, 2011. | |
| 4 | Manova-Erakovic V., Malcheski R., Nastovski Lj., Pachemska T., Saneva K., Gegovska-Zajkova S., Miovska V., Brsakoska S., Stojkovska I., Hadzieva E., Markovski G., Andova V., Gogovska V., Leshkovski D., Gacovska A., Trifunov Z., Cvetkovski Z., Petrushevski M., Prangoski B., Jovcheski I., Samardziska S., Dimovski P., Shoptrajanov M., Misajleski Z., Sokoloski P., Velinov D., Petkovski Z., Malcheski A., Macedonian Mathematical Competitions, CMM, 2009. | 7 |
| 5 | Манова-Ераковиќ В., Малчески А., Миовска В., Димовски И., Пачемска Т., Трифунов З., Гацовска А., Доневска А., Брсакоска С., Лешковски Д., Шоптрајанов М., Соколовски П., Петрушевски М., Мисајлески З., Цветковски З., Велинов Д., Прангоски Б., Јовчески И., Натпревари по математика 2010 во Република Македонија, СММ, 2010. | 7 |
| 6 | Manova-Erakovik V., Petrushevski M., Jovcheski I., Cvetkovski Z., Prangoski B., Malcheski A., Macedonian mathematical Competitions 2010, CMM, 2010. | 7 |
| 7 | Малчески А., Манова-Ераковиќ В., Брсакоска С., Гацовска А., Соколоски П., Пачемска Т., Шоптрајанов М., Прангоски Б., Мисајлески З., Димовски П., Андова В., Лешковски Д., Велинов Д., Костадинова С., Јовчески И., Филиповски С., Трифунов З., Натпревари по математика во основно образование 2011, СММ, 2011. | **8** |
| 8 | Малчески А., Манова-Ераковиќ В., Настовски Љ., Миовска В., Марковски Г., Лешковски Д., Гацовска А., Соколоски П., Прангоски Б., Мисајлески З., Димовски П., Андова В., Шоптрајанов М., Велинов Д., Јовчески И., Натпревари по математика во средно образование 2011, СММ, 2011. | **8** |
| 9 | Малчески А., Манова-Ераковиќ В., Лешковски Д., Прангоски Б., Јовчески И., Димовски П., Соколоски П., Андова В., Мисајлески З., Шоптрајанов М., Велинов Д., Филипоско Слободан, Mathematical Olympiads, SMM, 2011. | **8** |
| 10 | Малчески Р., Цветковски З., Стојковска И., Манова-Ераковиќ В., Маркоски Г., Самарџиска С., Малчески А., Избрани задачи од елементарна алгебра, СММ, 2008. | 7 |
| 11 | Малчески Р., Малчески А.,За најмладите математичари, Избрани задачи за IV,V и VI одделение, СММ, 2008. | 7 |
| 12 | Малчески Р., Манова-Ераковиќ В., Маркоски Г., Малчески А., Сигмина ризница (Рубрика задачи 1-505), СММ, 2008. | 7 |
| 13 | Малчески А., Манова-Ераковиќ В., Малчески Р., Маркоски Г., Сигмина ризница (Рубрика задачи 506-1005), СММ, 2011. | **8** |
| 14 | Малчески А., Манова-Ераковиќ В., Малчески Р., Сигмина ризница (Рубрика задачи 1006-1200), СММ, 2011. | **8** |
| 15 | Малчески А., Манова-Ераковиќ В., Малчески Р., Сигмина ризница (конкурсни задачи 1-144), СММ, 2011. | **8** |
| 16 | Манова-Ераковиќ В., Малчески А., Миовска В., Лешковски Д., Маркоски Г., Гацовска А., Стојковска И., Брсакоска С., Соколоски П., Велинов Д., Сигмина ризница (Меѓународен натпревар "Кенгур" 2006-2010), СММ, 2010. | 7 |
| 17 | Малчески А., Манова-Ераковиќ В., Меѓународен натпревар "Кенгур" 1994-2011, I-V одделение деветолетка, СММ, 2011. | **8** |
| 18 | Малчески А., Манова-Ераковиќ В., Миовска В., Лешковски Д., Гацовска А., Меѓународен натпревар "Кенгур" 2011, СММ, 2011. | **8** |
| 19 | Малчески А., Манова Ераковиќ В., Малчески Р., Лешковски Д., Јовчески И., Прангоски Б., Цветковски З., Петрушевски М., Соколоски П., Предлог задачи за XIV-та јуниорска македонска математичка олимпијада 2010 (за ученици до 15,5 години), Библиотека Олимпијади, СММ, 2011. | **8** |

| | | |
|---|---|---|
| 20 | Малчески А., Манова Ераковиќ В., Јовчески И., Соколоски П., Лешковски Д., Прангоски Б., Димоски П., Андова В., Филипоски С., Предлог задачи за XV-та јуниорска македонска математичка олимпијада 2011, (за ученици до 15,5 години), Библиотека Олимпијади, СММ, 2011. | **8** |
| 21 | Малчески А., Манова Ераковиќ В., Малчески Р., Самарџиска С., Јовчески И., Прангоски Б., Цветковски З., Петрушевски М., Предлог задачи за XI-та јуниорска македонска математичка олимпијада 2007 (за ученици до 15,5 години), Библиотека Олимпијади, СММ, 2011. | **8** |
| 22 | Малчески А., Манова Ераковиќ В., Малчески Р., Јовчески И., Прангоски Б., Цветковски З., Петрушевски М., Предлог задачи за XIII-та јуниорска македонска математичка олимпијада 2009 (за ученици до 15,5 години), Библиотека Олимпијади, СММ, 2011. | **8** |
| 23 | Малчески А., Манова Ераковиќ В., Малчески Р., Самарџиска С., Јовчески И., Прангоски Б., Цветковски З., Петрушевски М., Предлог задачи за XII-та јуниорска македонска математичка олимпијада 2008 (за ученици до 15,5 години), Библиотека Олимпијади, СММ, 2011. | **8** |
| 24 | Малчески А., Манова Ераковиќ В., Малчески Р., Маркоски Г., Јовчески И., Прангоски Б., Петрушевски М., Цветковски З., Самарџиска С., Предлог задачи за XIII македонска математичка олимпијада 2006, СММ, 2011. | **8** |
| 25 | Малчески А., Манова Ераковиќ В., Малчески Р., Шекутковски Н., Настовски Љ., Соколоски П., Јовчески И., Прангоски Б., Петрушевски М., Цветковск З., Предлог задачи за XIV-та македонска математичка олимпијада 2007, СММ, 2011. | **8** |
| 26 | Малчески А., Манова Ераковиќ В., Малчески Р., Јовчески И., Прангоски Б., Петрушевски М., Цветковски З., Предлог задачи за XVI македонска математичка олимпијада 2009, СММ, 2011. | **8** |
| 27 | Малчески А., Манова Ераковиќ В., Јовчески И., Лешковски Д., Прангоски Б., Петрушевски М., Цветковки З., Предлог задачи за XVII македонска математичка олимпијада 2010, СММ, 2011. | **8** |
| 28 | Малчески А., Манова Ераковиќ В., Јовчески И., Соколоски П., Лешковски Д., Прангоски Б., Димоски П., Андова В., Филипоски С., Предлог задачи за XVIII македонска математичка олимпијада 2011, СММ, 2011. | **8** |

## Дејности од поширок интерес

| **Ред. број** | Назив на активноста:<br>Член на уредувачки одбор на научно/стручно списание | Поени<br>**Вкупно:3,5** |
|---|---|---|
| **1-3** | 1. Математичкото списание за ученици од основно образование "Нумерус";<br>2.Математичкото списание за ученици од средно образование "Сигма";<br>3.Меѓународното научно математичко списание "Математички билтен". | **0,5**<br>**2**<br>**1** |

| **Ред. број** | Назив на активноста:<br>Член на организационен или програмски одбор на научен/стручен собир | Поени<br>**Вкупно:1,5** |
|---|---|---|
| **1.** | Член на Организациониот одбор на MASSEE International Congress on Mathematics MICOM 2009, Охрид, Македонија, 2009. | 1 |
| **2.** | Член на Организациониот и Редакцискиот Одбор на IV конгрес на математичарите на Македонија, Струга, Македонија, 2008. | 0,5 |
| **Ред.** | Назив на активноста: | Поени |

| број | Раководител на внатрешна организациона единица | Вкупно:3 |
|---|---|---|
| 1. | Раководител на Катедрата за математика при Одделот за математика и информатика | 3 |
| Ред. број | Назив на активноста: Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект | Поени Вкупно:1 |
| 1 | Натпревари по математика 2009, Генерален секретаријат при Владата на Р. Македонија. | 1 |
| Ред. број | Назив на активноста: Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект | Поени Вкупно:2 |
| 1 | Балканска математичка олимпијада 2008 (BMO 2008), Министерство за образование и наука, Влада на Република Македонија. | 2 |
| | **Вкупно** | **261** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 67,45 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 35,50 |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | 0 |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 261,00 |
| **Вкупно** | 363,95 |

**Членови на рецензентската комисија**

1. Проф.д-р Лазо Димов, претседател
2. Проф.д-р Боро Пиперевски, член
3. Проф. д-р Љубица Стефанова, член

# РЕЦЕНЗИЈА
НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „РАЗУЗНАВАЧКО-БЕЗБЕДНОСНИТЕ СИСТЕМИ ВО ОСТВАРУВАЊЕТО НА НАЦИОНАЛНАТА И МЕЃУНАРОДНАТА БЕЗБЕДНОСТ", ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ГОРАН ВАСИЛЕВСКИ, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје, на својата XXII редовна седница одржана на 24.XI 2011 година, донесе одлука за формирање Комисија за оцена на докторската дисертација со наслов „Разузнавачко-безбедносните системи во остварувањето на националната и меѓународната безбедност", поднесена од кандидатот м-р Горан Василевски. Заблагодарувајќи се за довербата, Комисијата во состав: проф. д-р Оливер Бакрески, проф. д-р Томе Батковски, проф. д-р Тони Милески, проф. д-р Марина Митревска и проф. д-р Ванчо Кенков, со особена чест на Наставно-научниот совет му го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Докторскиот труд „Разузнавачко-безбедносните системи во остварувањето на националната и меѓународната безбедност" од кандидатот м-р Горан Василевски претставува извонредно вредна анализа за суштинските прашања со кои се соочува разузнавачко-безбедносната заедница во Република Македонија во остварувањето на националната и меѓународната безбедност. Интегралниот текст на дисертацијата содржи вовед, методолошка рамка, теоретска разработка на проблемот, заклучоци и преглед на библиографски единици, односно основниот текст на докторската дисертација е изложен на 212 страници и е структуриран во шест дела кои се надополнуваат еден со друг создавајќи хармонична целина. Вкупната содржина е поткрепена со 301 фуснота и пет шематски прикази како визуелно појаснување на текстуалниот дел. При изработката на трудот, кандидатот користел 125 библиографски единици.

**Воведот** се врзува за основните елементи кои се претставени во самиот труд, почнувајќи од значењето на разузнавачката заедница во остварувањето на безбедноста на национално и на меѓународно ниво, преку посочување на значењето кое го има безбедноста за поединецот и обратно, како и настојувањата да се креира позитивно безбедносно опкружување како еден од главните приоритети за успешно функционирање на националната држава и општо, меѓународната заедница. Понатаму јасно се апострофира разузнавачко-безбедносната

дејност и нејзиниот придонес во остварувањето на посакуваното ниво на безбедност, како и трансформацијата на оваа дејност и функциите што ги добиваат разузнавачките служби во насока на експлицитно градење на стратегија за ефикасно остварување на националната безбедност.

**Првиот дел** од дисертацијата се фокусира на основниот проблем на истражувањето, кој начелно се фокусира на безбедноста и на безбедносната парадигма како своевидни феномени на човештвото во сите фази од неговиот развој. Притоа, акцентот се става на теоретското определување на поимот безбедност и на одредени категоријални апарати врзани за безбедноста. Суштинската анализа се врзува за безбедноста и неговата мултидефинираност и различните приоди во зависност од идеологијата и факторите што ја одредуваат оваа појава. Исто така, во овој дел се нагласени различните теоретски дивергенции на поимот и на употребата на зборот безбедност и на соодветните пристапи кои го определуваат поимот безбедност. Одредувајќи ги одредените аспекти на националната и на меѓународната безбедност, се доаѓа и до прашањето за функцијата на разузнавачко-безбедносните системи во остварување на безбедноста на национален и на меѓудржавен план.

**Вториот дел** од докторската дисертација ја дава широката рамка за разузнавачко-безбедносните служби. Тука, акцентот е ставен на општата слика за генезата од развојот на разузнавачките служби, за потоа да се даде целосна прегледност за начините и формите кои ги применуваат овие служби во остварувањето на својата цел, односно се дава објаснување на разузнавачката и на безбедносната дејност за тоа каква е и како се остварува. Во овој дел, исто така вниманието е насочено и организацијата и кон формите на дејствување на разузнавачко-безбедносните служби. Општата констатација е дека разузнавачките служби се специфични според својот карактер, според техниките и според ресурсите што ги користат, според задачите кои ги извршуваат, според целите кон чие исполнување тежнеат, како и во однос на положбата во рамките на системот на национална безбедност.

**Третиот дел** од докторската дисертација дава јасна прегледна слика за улогата на разузнавачко-безбедносните системи во државите, односно дава конкретизација на работата што тие ја извршуваат низ призмата на нивната специфичност. Исто така, во рамките на овој дел станува збор и за улогата на државата, односно чекорите што таа ги презема за да го контролира функционирањето на разузнавачко-безбедносниот систем, кој претставува збир на државни и недржавни институции што постапуваат според нормите на безбедносното право и имаат надлежност, обврска и одговорност во областа на државната безбедност. Во овој дел уште се посочува и за врските на разузнавачко-безбедносниот систем со дипломатијата, и особено важното прашање за односот што го има овој сегмент со политиката.

Во **четвртиот дел** на дисертацијата се прави разработка на суштинските прашања кои што се врзуваат со работата на разузнавачко-безбедносните системи на меѓународно ниво, при што се дадени карактеристиките и функционирањето на ваквите системи во Европската унија и во НАТО. Со оглед на денешниот широк спектар на безбедносни предизвици чие решавање е од нивен заеднички интерес,

овој дел ја нагласува потребата од интензивирање на соработката во разузнавачко-безбедносните структури на НАТО и на ЕУ што подразбира заедничко ангажирање, координација, синхронизираност на акциите, помош, размена на информации итн.

Во **петтиот дел** на докторската дисертација е направена разработка на прашањата кои што се врзуваат за основите на разузнавањето во Република Македонија, почнувајќи од општите теоретски претпоставки за формирање и развој на разузнавачко-безбедносната заедница во Република Македонија, па сè до нејзината трансформација и приспособување на новите предизвици Во рамките на оваа глава, кандидатот целосно ги анализира основите и потребата за развој на разунавачката заедница во Република Македонија, чие дејствување се базира на уставните и законски основи, претставувајќи ја неговата организациска и функционална поставеност, како и неговото место и улога во остварувањето на меѓународната безбедност. Со тоа се нагласува дека безбедносните и разузнавачките служби имаат важна функција во остварувањето на заштитата на националната држава и дека тие служби работат прикриено затоа што природата на нивните задачи бара од нив да ги исполнуваат своите обврски во тајност, што говори дека тие не се во согласност со принципите на демократското општество.

**Шестиот дел** од докторската дисертација се однесува на резултатите од спроведеното истражување за улогата на разузнавачката заедница во осигурување на националната и на меѓународната безбедност. Во рамките на ова истражување, како што посочува и самиот кандидат, клучното прашање не е дали разузнавачката заедница има свој придонес во осигурувањето на безбедноста на државата, туку прашањето дали механизмите и средствата кои ги користи за осигурување на безбедноста се соодветни и применливи. Во рамките на самото истражување користени се методот на триангулација и компаративниот метод, што покажува дека за потребите на докторската дисертација и обработката на податоците се имало соодветен пристап, наметнат од предметот и од целите на истражување. Кандидатот го насочил тежиштето на истражување кон утврдување на ставовите и мислењата на испитаниците за: современите аспекти на безбедноста во национални и меѓународни рамки, за политичките импликации врз политиката на национална безбедност, за влијанието на политичката и безбедносната култура врз безбедноста, за функцијата на разузнавачко-безбедносните системи во остварувањето на безбедноста, за улогата на разузнавањето во новото безбедносно опкружување, за билатералната и мултилатералната соработка на разузнавачко-безбедносните системи во насока за нивен придонес кон безбедноста итн.

**Последниот дел од дисертацијата** е своевиден сублимат на заклучоци и препораки за улогата на разузнавачко-безбедносните служби во остварување на националната и на меѓународната безбедност. Треба да се потенцира дека заклучоците се резултат на препораките кои ги даваат испитаниците за да се подобри работата на разузнавачко-безбедносната заедница во Република Македонија. По извршеното истражување и проверката на дадените хипотези, како краен заклучок за оправданост на докторската дисертација, кандидатот

наведува дека: државите и меѓународната заедница се соочуваат со мултиплицирани и динамични безбедносни закани и ризици. Од една страна, сè уште се актуелни конвенционалните закани карактеристични за традиционалното сфаќање на безбедноста, а од друга страна, нагласеното потенцирање на постојните разлики придонесуваат за појава на дезинтегративни процеси кои произведуваат слаби или нефункционални држави што немаат контрола врз својата територија. Кандидатот констатира дека ваквите безбедносни закани и предизвици со засилен интензитет го менуваат севкупното безбедносно опкружување, а прогресивниот научно-технолошки развој и информатичката револуција, зголемената потреба од енергенси, загадувањето, појавата на нови болести со интернационални епидемиолошки димензии, како и глобалното затоплување со неговите ефекти за менување на биосферата и екосистемот, само го дополнуваат овој неповолен безбедносен спектар. Притоа се доаѓа до заклучок дека е од исклучителна важност потребата за поседување на точни и пред сè навремени информации и податоци, неопходни во планирањето и спроведувањето на соодветна безбедносна политика на национално и меѓународно ниво.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Докторскиот труд „Разузнавачко-безбедносните системи во остварувањето на националната и меѓународната безбедност", изработен од кандидатот м-р Горан Василевски, претставува комплексна и сеопфатна анализа за едно доста важно и чувствително прашање. Ова е научен труд кој на систематизиран и обемен начин ја обработува оваа сложена и специфична проблематика.

Ова истражување има големо научно и општествено значење, бидејќи резултатите кои се добиени од спроведеното истражување ќе имаат своја примена како во науката во добивањето на нови сознанија, така и за државата, односно системот за национална безбедност од аспект на нудење нови предлози и решенија со кои ќе се подобри работата и функционирањето на разузнавачката заедница во Република Македонија. Со еден дел трудот се врзува за националната безбедност, со друг дел за меѓународната безбедност, со трет дел навлегува во одредени дисциплини од националната безбедност како што се политиката и разузнавањето. Тоа потврдува дека станува збор за труд кој е интердисциплинарен и со тоа бара и широки познавања од различни области и дисциплини. Значи, начинот на кој е пишуван овој труд, поширокта елаборација и експликација, како и добиените резултати од спроведеното истражување потврдуваат дека станува збор за докторска дисертација која има посебен научен придонес во академската јавност, а особено во областа на националната безбедност. Исто така, сеопфатноста, комплексноста и методолошкиот концепт на докторската дисертација придонесуваат да се прифатат понудените решенија како основа во функционирањето и во работењето на разузнавачко-безбедносната заедница во Република Македонија.

Според тоа, Комисијата констатира дека докторскиот труд е пишуван јасно, концизно и со едноставен, лесно достапен стил. Секоја глава се фокусира на основните проблеми, а следува и детална разработка на основните тези. Потоа следува јасна експликација и прецизна анализа на посочените проблеми. Тоа овозможува да се осознаат сите проблемски аспекти во работата на разунавачко-безбедносните служби, а тие се така поставени интегрално во сите димензии што значи дека неговата проблемско-тематска анализа е поткрепена со релевантна литература. Кандидатот не се задоволува само со експликација и анализа на клучните прашања врзани со работата на разузнавачко-безбедносните системи, туку тој користејќи соодветна методолошка апаратура ги открива точките на конвергенција на проблемите, како и точките на дивергенција откривајќи ја притоа сета сложеност на проблемот. Треба да се нагласи дека и покрај позитивните оцени за трудот би било добро во некоја следна фаза да се нагласи влијанието и интерните релации на државата и системот на национална безбедност на сметка на разузнавачките служби, што во никој случај не може да го намали квалитетот на самиот докторски труд.

Имајќи го предвид изнесеното, Комисијата со особено задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет да го усвои позитивниот извештај и да му овозможи на кандидатот м-р Горан Василевски да пристапи кон јавна одбрана на докторската дисертација.

Скопје, 9 јануари 2012 година

Комисија

1. Проф. д-р Оливер Бакрески, с.р.
2. Проф. д-р Томе Батковски, с.р.
3. Проф. д-р Тони Милески, с.р.
4. Проф. д-р Марина Митревска, с.р.
5. Проф. д-р Ванчо Кенков, с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ПО ПРЕДМЕТИТЕ ЦРТАЊЕ И СЛИКАЊЕ НА КАТЕДРАТА ЗА СЛИКАРСТВО НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЛИКОВНИ УМЕТНОСТИ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, на својата редовна седница одржана на ден 23 декември 2011 година формира, Рецензентска комисија во состав: ред. проф. м-р Рубенс Корубин, претседател, ред. проф.Родољуб Анастасов, член и ред. проф. м-р Станко Павлески, член.

На конкурсот, објавен во весникот „Дневник", на 24 ноември 2011 година за избор на наставник во сите наставно-научни звања, по предметите цртање и сликање на Катедрата за сликарство на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, се пријави кандидатот вонр.проф. м-р Јован Шумковски.

Врз основа на приложената документација од страна на кандидатот, како и следењето на неговата педагошка и ликовна дејност, Рецензентската комисија има чест да го достави следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### Биографски податоци

Јован Шумковски е роден 1962 година во Скопје. Дипломирал на Факултетот за ликовна уметност во Скопје во 1986 година на сликарскиот оддел. Магистерски студии завршил на истиот факултет во првата генерација постдипломци, во 1999 година, со одбрана на магистерската тема насловена како „Над површината".
Од 1986 година е член на Друштвото на ликовни уметници и од истата година па до 1998 година работел како слободен ликовен уметник.
Од 1998 до 2001 година работел како конзерватор – реставратор на современи уметнички дела и графичко обликување на публикации и каталози во Музејот на современата уметност во Скопје. Од 1999 до 2001 е член на управниот одбор на МСУ. Член е и на повеќе комисии од ликовната област, а во 2002 година е член на Комисијата за галериска и музеолошка дејност при Министерството за култура на РМ. Работел врз визуелно обликување на многу печатени публикации, каталози, монографии и списанија. Проектирал сценографии и работел конзервација и реставрација како надворешен соработник на Републичкиот конзарваторски завод.
Во март 2002 година е избран за доцент по предметите цртање и сликање на ФЛУ, а во 2006 година е избран за вонреден професор по истите предмети. Од 2006 до 2010 е член на Универзитетскиот сенат а од 2010 до ноември 2011 е член на Ректорската управа на УКИМ и декан на ФЛУ.
Како млад ликовен творец, во периодот меѓу 1986 – 1990 година, покрај приредувањето на самостојни ликовни изложби, зема учество во повеќето најрелевантни групни ликовни претставувања, биенални, селективни и тематски изложби низ тогашните југословенски уметнички центри.

Од 1991 година е редовен учесник на сите најзначајни меѓународни претставувања на ликовни уменици од Република Македонија.
Приредил преку 20тина самостојни ликовни изложби и учествувал на преку 100 домашни и странски групни претставувања.
Ја претставувал Република Македонија на најзначајните светските уметнички манифестации и биеналиња: Сао Паоло – Бразил 1994г, Венеција – Италија 2001, Јена – Германија , 2002 година.
Добитник е на повеќе национални и интернационални признанија и награди.

**Изложби и проекти**

**2007**

-Њујорк во МСУ, Скопјанец во Њујорк,(проект: „Автомобилски прозорец“, заедно со Т.Ациевски и С.Павлески), МЦ-галерија Њу Јорк, САД

**2007/08**

-Изместени размери, Мала галерија - Скопје

**2008**

- Фотоинсталација, Р=1:2 и 1:200, Уметничка галерија БиХ, Сараево, БиХ
- Изместени размери (проект: „Кич – Да“ заедно со А.Мазнески,) Уметничка галерија – Тетово, Центар за култута – Гостивар, Завод музеј– Битола, Уметничка галерија при Центарот за култура „Антон Панов“– Струмица, Центар за култура – Штип, Уметничка галерија – Велес
- Венеција виа МКЦ, Младински културен центар – Скопје
- Современа македонска уметност, МЦ-галерија Њујорк, САД

**2009**

- Скопје како Њујорк (проект: „Автомобилски прозорец 2“, заедно со Т.Ациевски и С.Павлески), МЦ-галерија Њујорк, САД
- Синестезија, Пата Порција – Виена, Австрија. Македонски културен центар – Софија, Бугарија
- Проекција Балкон (заедно со Т.Ациевски и С.Павлески) Галерија при Македонската академија на науките и уметностите – Скопје

**2010**

-30 години ФЛУ, изложба на професори од ФЛУ, МСУ - Скопје

20010/11

-Минимализмот, конструктивизмот и монохромијата во македонската уметност, МСУ- Скопје

**2011**

- Невидливиот пејзаж, МСУ – Скопје
- Разменување погледи (групен проект на С. Неделковски), МГС – Скопје
- „Фрагменти“- Македонска ликовна сцена 1991 – 2011, МСУ – Скопје

# Творечка активност

Ликовно – уметничкото творештво на Јован Шумковски во периодот од 2007 до 2011 година генерално го карактеризираат две линии на ликовен интерес а следствено со тоа и експонирање на создадените дела. Првата група е продукција и изложби реализирани на веќе усвоена ликовна матрица или во очигледен континуитет со претходниот ликовен ангажман (пред 2007). Оттаму, по покана на интернационалната манифестацијата „Сараевска зима во Уметничката галерија на БиХ ја поставува фотографската инсталација „Р = 1:2 и 1:200“, а пак принтовите на платно насловени како „Изместени размери“ ги изработува за „Мала галерија“ Скопје, 2007/08 а потоа ги излага и во шест градови низ Македонија (две изложби кои произлегоа од големата видео-инсталација Р= 1:2 и 1:200 во МСУ – Скопје, 2004). Вториот позначаен ликовен ангажман во наведениот период Шумковски го вградува во проектот „Проекција Балкон“(заедно со Т. Аџиевски и С. Павлески) Овој ликовен серијал е конципиран за четири одделни проекти подготвени и излагани низ неколку светски центри. На двапати во Њујорк, во МС галерија ги реализира „Њујорк во МСУ, Скопјанец во Њујорк“,2007 и „Скопје како Њујорк“, 2008, како и „Египетски памук“, 2009, претставен во Александрија – Египет. (Александар, 2006 – Париз), кој во комплетна презентативна продукција е претставен во галеријата на МАНУ – Скопје во 2009 година.

Во наведените, а и во останатите проекти и изложби во кои партиципира Шумковски се чини примарна уметничка опсервација му се човекот и градот. Во неговите фотографско - објектни инсталации ќе сретнеме воедно и потврда и демант на глобалната социјална и популарната културна стварност. Тој вешто проектира уметнички антиципации на хипотетички објекти за социјални и општествени институции. Игра со фотокомпарации на урбани специфики и монументи во Њујорк и Скопје. Симулира сликовита ликовна утопија, конструира замислен трансфер и реципроцитет на луѓе и амбиенти од еден хабитат во друг. Овие уметнички продукти на Шумковски оддаваат силна потреба на авторот за современ ликовен придонес во нашата и во странските ликовни средини. Воедно, Шумковски покажува искусен приод во конципирање и техничко продуцирање на делата и изложбите во целина.

Вредно е да се истакне перманентното присуство на дела од продукцијата на Ј.Шумковски на домашните групни проекти, селективните и тематските изложби, како и на оние манифестации што ја претставуваа нашата современа ликовна уметност на највисоко ниво во странство.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Ценејќи ги извонредните постигнувања на кандидатот вонр. проф. м-р Јован Шумковски на македонската современа ликовна сцена, неговиот севкупен ангажман и длабока посветеност, како на ликовно-креативен, така и на педагошки план, а и активностите врзани пошироко во струката, како неговиот колегијален и конструктивен однос кон вработените на Факултетот, Рецензентската комисија смета дека пријавениот кандидат ги исполнува сите услови за избор на наставник во повисоко звање. Комисијата има чест и задоволство на Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за ликовни уметности при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје да му предложи вонр. проф. м-р Јован Шумковски да биде избран во звањето **редовен професор** по предметите цртање и сликање на Катедрата за сликарство на ФЛУ.

**Рецензентска комисија**

Ред.проф. Рубенс Корубин, претседател, с.р.

Ред.проф. Родољуб Анастасов , с.р.

Ред.проф. Станко Павлески, с.р.

## ОБРАЗЕЦ
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНОНАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат: вонр. проф. м-р Јован Шумковски**
**Институција: Факултет за ликовни уметности- Скопје**
**Научна – уметничка област: сликарство**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред.број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | **Одржување на настава од прв циклус** | |
| | Цртање и сликање 2, 4+4 2006/07 летен, | 1,2 |
| | Цртање и сликање 1 и 2, 4+4 2007/08, зимски/летен | 2,4 |
| | Цртање и сликање 1 и 2, 4+4 2008/09, зимски/летен | 2,4 |
| | Цртање и сликање 1 и 2, 4+4 2009/10, зимски/летен | 2,4 |
| | Цртање и сликање 1 и 2, 4+4 2010/11, зимски/летен | 2,4 |
| | Цртање и сликање 1 и 2, 4+4 2010/11, зимски | 1,2 |
| | Сликарство 2, 10+10 2006/07 летен | 3,2 |
| | Сликарство 1 и 2, 10+10 2007/08, зимски/летен | 6,4 |
| | Сликарство 1 и 2, 10+10 2008/09, зимски/летен | 6,4 |
| | Сликарство 1 и 2, 10+10 2009/10, зимски/летен | 6,4 |
| | Сликарство 1 и 2, 10+10 2010/11, зимски/летен | 6,4 |
| | Сликарство 1, 10+10 2011/12, зимски | 3,2 |
| 2 | **Одржување на настава од втор циклус** | |
| | Сликање 2, 2006/07, летен | 4,5 |
| | Сликање 1 и 2, 2007/08, зимски/летен | 9 |
| | Сликање 1 и 2, 2008/09, зимски/летен | 9 |
| | Сликање 1 и 2, 2009/10, зимски/летен | 9 |
| | Сликање 1 и 2, 2010/11, зимско/летен | 9 |
| | Сликање 1, 2011/12, зимски | 4,5 |
| | Сли.практики 2, 2006/07, летен | 1,5 |
| | Сли.практики 1 и 2, 2007/08, зимски/летен | 3 |
| | Сли.практики 1 и 2, 2008/09, зимски/летен | 3 |
| | Сли.практики 1 и 2, 2009/10, зимски/летен | 3 |
| | Сли.практики 1 и 2, 2010/11, зимски/летен | 3 |
| | Сли.практики 1, 2011/12 зимски | 1,5 |
| 3 | **Одржување на вежби** | |
| | Цртање и сликање 2, 4+4 2006/07, летен | 0,9 |
| | Цртање и сликање 1 и 2, 4+4 2007/08, зимски/летен | 1,8 |
| | Цртање и сликање 1 и 2, 4+4 2008/09, зимски/летен | 1,8 |
| | Цртање и сликање 1 и 2, 4+4 2009/10, зимски/летен | 1,8 |
| | Цртање и сликање 1 и 2, 4+4 2010/11, зимски/летен, | 1,8 |
| | Цртање и сликање 1, 4+4 2010/11, зимски, | 0,9 |

| | | |
|---|---|---|
| | Сликарство 2, 10+10 2006/07, летен | 2,25 |
| | Сликарство 1 и 2, 10+10 2007/08, зимски/летен | 4,5 |
| | Сликарство 1 и 2, 10+10 2008/09, зимски/летен | 4,5 |
| | Сликарство 1 и 2, 10+10 2009/10, зимски/летен | 4,5 |
| | Сликарство 1 и 2, 10+10 2010/11, зимски/летен | 4,5 |
| | Сликарство 1, 10+10 2011/12 зимски | 2,25 |
| | Ментор на дипломска работа - 4 | 0,8 |
| | Член на комисија за оцена и одбрана на магистратура - 21 | 6,3 |
| | Член на комисија за оцена и одбрана на дипломска работа - 22 | 2,2 |
| | **Вкупно** | **144,8** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред.број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Ментор на магистерска работа - 6 | 6 |
| 2 | Труд со оригинални научни резултати,објавен во стручно/научно популарно списание – 3 | 6 |
| | **Вкупно** | **12** |

## СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред.број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | **Самостојно јавно претставување со ликовни дела (во странство по повик)- 1** | |
| | **2008**- Фотоинсталација – P=1:2 и 1:200, Уметничка галерија БиХ, Сараево | 7 |
| 2 | **Самостојно јавно претставување со ликовни дела во земјава- 2** | |
| | **2007/08** -Изместени размери, „мала галерија“, Скопје | 4 |
| | **2009** - Проекција Балкон (заедно со Т.Аџиевски и С.Павлески), Галерија при Македонската академија на науките и уметностите – Скопје | 4 |
| 3 | **Групно јавно претставување со ликовни дела- посебен проект, меѓународна, селектирана и жирирана манифестација (во странство) - 8** | |
| | **2007** - Њујорк во МСУ, Скопјанец во Њујорк (проект: „Автомобилски прозорец“, заедно со Т.Аџиевски и С.Павлески), МЦ-галерија Њујорк, САД | 4 |
| | **2008** - Современи македонски уметници – Денови на македонска култура во САД | 4 |

| | | |
|---|---|---|
| | -Скопје како Њујорк (проект: „Автомобилски прозорец - 2",заедно со Т.Ациевски и С.Павлески), МЦ-галерија Њу Јорк, САД | 4 |
| | **2009** - Венеција виа МКЦ, Колегиум – артистикум, Сараево, БиХ | 4 |
| | -Египетски памук (проект – Скарабеј, заедно со Т.Ациевски и С.Павлески), галерија на Езуитскиот центар во Александрија, АР-Египет | 4 |
| | - Синестезија, Палата Порција – Виена, Австрија | 4 |
| | **2010**- Синестезија – Во чест на св. Кирил и Методија – Монументален комплекс Сан Микеле, Рим, Италија | 4 |
| | - Синестезија, Музеј на град Белград, Конак на кнегиња Милица, Белград, Србија | 4 |
| 4 | **Групно јавно претставување со ликовни дела – посебен проект, меѓународна, селектирана жирирана манифестација (во земјата) - 11** | |
| | **2008** - Венеција виа МКЦ, младински културен центар – Скопје | 2 |
| | **2008/09** - Изместени размери (проект: „Кич – Да" заедносо А.Мазнески,) Уметничка галерија – Тетово, Центар за култура. – Гостивар, Завод музеј– Битола, Уметничка галерија при Центарот за култура „Антон Панов"– Струмица, Центар за култура – Штип, Уметничка галерија – Велес | 5/2=10 |
| | **2010** -30 години ФЛУ, изложба на професори од ФЛУ, МСУ – Скопје | 2 |
| | -Минимализмот, конструктивизмот и монохромијата во македонската уметност, МСУ- Скопје | 2 |
| | **2011** - Невидливиот пејзаж, МСУ – Скопје | 2 |
| | -Разменување погледи, (групен проект на С. Неделковски), МГС – Скопје | 2 |
| | - „Фрагменти"- Македонска ликовна сцена 1991 – 2011, МСУ – Скопје | 2 |
| | **Вкупно** | 73 |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред.број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Учество во промотивни активности на Факултетот - 2, | 1 |
| 2 | Објавено дело во каталог од национална ликовна манифестација – 6 | 6 |
| 3 | Објавено дело во каталог од меѓународна ликовна манифестација – 6 | 12 |
| | **Вкупно** | **19** |

## ДЕЈНОСТ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

| Ред.број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Декан на Факултетот за ликовни уметности во Скопје | 6 |
| 2 | Член на Универзитетски сенат | 2 |
| 3 | Член на факултетска комисија - 4 | 2 |
| 4 | Член на комисија за избор на звања – 2 | 0,4 |
| | **Вкупно** | **10, 4** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | 144,8 |
| НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ | 12 |
| СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ | 73 |
| СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ | 19 |
| ДЕЈНОСТ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС | 10,4 |
| **Вкупно** | **259,2** |

**Рецензентска комисија**

1. **Ред.проф. Рубенс Корубин, претседател, с.р.**

2. **Ред.проф. Родољуб Анастасов, член, с.р.**

3. **Ред.проф. Станко Павлески, член, с.р.**

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ПО ПРЕДМЕТИТЕ ЦРТАЊЕ И СЛИКАЊЕ НА КАТЕДРАТА ЗА СЛИКАРСТВО НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЛИКОВНИ УМЕТНОСТИ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, на својата редовна седница одржана на 23 декември 2011 година, формира Рецензентска комисија во состав: ред. проф. м-р Рубенс Корубин, претседател, ред. проф. Родољуб Анастасов, член и ред. проф. м-р Жарко Башески, член.

На конкурсот, објавен во весникот „Дневник", на 24 ноември 2011 година за избор на наставник во сите наставно-научни звања, по предметите цртање и сликање на Катедрата за сликарство на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, се пријави кандидатот вонр.проф. м-р Благоја Маневски.

Врз основа на приложената документација од страна на кандидатот, како и следењето на неговата педагошка и ликовна дејност, Рецензентската комисија има чест да го достави следниов

## ИЗВЕШТАЈ

**Биографски податоци**

Вонр.проф. м-р Благоја Маневски е роден 1957 година во Скопје. Средно училиште за применета уметност завршил во Скопје, оддел: сликарство, во класата на проф. Родољуб Анастасов. Дипломирал на Факултетот за ликовни уметности во Скопје во 1986 година на Сликарскиот оддел, во класата на проф. Метар Мазев, со насока: графички дизајн. Добитник е на наградата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, за студент со највисок среден успех на генерацијата и истата година ја добил и наградата за сликарство, која ја доделува Факултетот. Магистрирал на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, област: сликарство, на тема: „Амбигвитетот на средиштето на уметничкото дело или „трошноста" на неговата конзистентност", под менторство на ред. проф.м-р Рубенс Корубин.

Во периодот 1991-2002 година работел како конзерватор за ѕидно сликарство во тогашниот Републички завод за заштита на спомениците на културата воСкопје, а во 2001 година го добива звањето виш конзерватор од истата институција. На полето на конзервацијата има изработено и реализирано повеќе проекти за заштита на нашето културно наследство.

Од 2002 година, односно од вработувањето на Факултетот за ликовни уметности при УКИМ во Скопје, до 2007 година работел како доцент по предметите цртање и сликање на Катедрата за сликарство. Во овој период бил претседател и член на

повеќе работни комисии, како и раководител на Катедрата за сликарство во два мандатни периода, од 2002 до 2006 година и од 2006 до 2010 година.

Од 2010 година до средината на ноември 2011 година бил продекан на Факултетот за ликовни уметности во Скопје. Како раководител и продекан на Факултетот земал активно учество во сите сфери на неговото развивање, водење и унапредување. Со решение на ректорот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, од 15 ноември 2011 година е назначен за в.д. декан на Факулетот за ликовни уметности.

Во 2011 година, со Решение на министерот за култура на РМ бил назначен за претседател на Комисијата за подготовка на годишната програма на Министерството, за областа ликовна уметност и галериска дејност, како и член на Комисијата за финансирање проекти од областа на меѓународната културна соработка.

Од 2007 година до денес, учествувал на повеќе ликовни изложби во земјава и во странство, меѓу кои и како претставник на Репубика Македонија на престижното светско 52. Венециско биенале во Италија.

**Самостојни изложби**

2007 *Locigal Paintings (Crossing), 52. La Biennale di Venzia,* Istituto Ciliiota, Павилјон на Република Македонија, Венеција
2008 *Цртежи,* Мала галерија, Скопје
Gallery MC (со С.Соколовски), Њујорк

**Групни изложби**

2007 *Големите формати од колекцијата на новата сала на НУ МСУ,* НУ Музеј на современата уметност, Скопје
2008 *Колаж – избор од колекцијата на НУ МСУ,* НУ Музеј на современата уметност, Скопје
*Венција виа МКЦ,* Младински културен центар, Скопје
*Современи македонски уметници – Денови на македонската култура во САД,* Gallery MC, Њујорк
2009 *Кружен тек (Santiago Hernandez, Blagoja Manevski, Danielle Sauve, Slavco Sokolovski, Paul Stremple), curated by Jed Speare,* Gallery 263, Кембриџ
*Венеција виа МКЦ,* Колегиум артистикум, Сараево
*Синестезија,* Palais Porcia, Виена
*Illuminati nuovi (Raphael DiLuzio, SantiagoHernandez, Blagoja Manevski, Danielle Sauve, Slavco Sokolovski, Paul Stremple, curated by Amse Hammershaimb),* Gallery MC, Њујорк
2010 *30. години Факултет за ликовни уметности,* НУ Музеј на современата уметност, Скопје
*Синестезија, Во чест на св. Кирил и Методиј,* Complesso monumentale di San Michele, Рим
*Синестезија,* Музеј на град Белград, Конак на кнегиња Милица, Белград

*Минимализмот, конструктивизмот и монохромијата во современата македонска уметност* (од колекцијата на НУ МСУ, Скопје), Музеј на современата уметност, Скопје

2011 *Невидливиот пејзаж*, НУ Музеј на современата уметност, Скопје
*Фрагменти – македонска ликовна сцена 1991-2011*, НУ Музеј на современата уметност, Скопје
*In City – Денови на македонската култура во Талин, Европска престолнина на културата 2011*, Nokia Kontserdimaja, Талин

**Творечка активност**

Во богатото ликовно творештво на вонр. проф. м-р Благоја Маневски секогаш постои континуитет, кој се карактеризира со рафиниран сензибилитет, нов, со свежи идеи, силна експресија и верба во сопствената уметност. Со својата ликовна автентичност, вонр. проф. м-р Благоја Маневски е присутен како на нашата, така и на меѓународната ликовна сцена веќе три децении, со постигнати извонредни резултати преку својот препознатлив изграден израз. Еден е од носителите на постмодернистичките тенденции од осумдесеттите години во Република Македонија и пошироко. Од неговиот избор за вонреден професор па до денес (2007-2012 година), има реализирано три самостојни и петнаесет групни изложби во земјава и во странство. Во овој контекст треба да се потенцира неговото успешно самостојно претставување на престижната, во светски размери релевантна ликовна манифестација, 52. Венециско биенале во Италија, како претставник на Република Македонија. Таму, тој ја помести ликовната инсталација, амбиент, *Логични слики (премин)*, каде што *основните ликовни упоришта се усредоточуваат на прашањата за просторот, погледот и релациите со гледачот... Апелира на излегување од его-сферата во стратегиите на блискотста меѓу луѓето, на културата на допирите и погледите... Драмата меѓу блиските и далечните погледи ја прави вистинската дистинкција меѓу врамениот лимитиран простор, особен за класично гледаната слика и нејзиното ново дифузно позиционирање*", како што вели ликовниот критичар и историчар на уметноста г-ѓа Соња Абаџиева за најновите авторски искази на Маневски.

Со сериозноста на ликовниот концепт и огромната енергија вложена во неговите реализации, Маневски заслужува целосен респект и внимание. Тој е секогаш иновативен и оди чекор напред, секогаш е подготвен за експериментирање на различни комбинации, што ќе овозможат и поинакви начини на читање и рецепција на делата. Ликовната магија што ја создава, влијае на сетилата и на чувствата на реципиентот, го издига квалитетот на неговото суштествување. Особено значаен е фактот што тој подеднакво одговорно се одесува и кон цртежот. Цртачкиот медиум кај сликарот Благоја Маневски прераснува во ликовна дисциплина. Моливот и хартијата ја чинат кревката материјална подлога, којашто авторот ја претпочита во истражувањето на преодните состојби на ликовниот израз. Тој и самиот ќе забележи: *фасцинацијата од линијата како основен ликовен елемент е, всушност, состојба на мојот сензибилитет, т.е. на моите чувства и визии. Со неа ги изразувам најсуштинските содржини, та оттаму, со цртежот ја изразувам мислата, идејата, односно визијата за темата, психолошкиот момент, итн.*

**Наставно-образовна дејност и дејност од поширок интерес**

Во изминатиот период, од 2007 година до денес, како наставник по цртање и сликање на додипломските студии на Катедрата за сликарство, наставник и ментор на постдипломските студии, област: сликарство, по предметите сликање и сликарски практики (досега под негово менторство магистрирале 8 кандидати), вонр. проф. м-р Благоја Маневски секогаш им е на располагање на студентите за практична поддршка при успешното совладување на наставната програма. Тој со најголем ентузијазам и целосна посветеност одговара на барањата и потребите на студентите за креативно надградување според нивните индивидуални афинитети. Со ваквиот негов приод, централно место во образовниот процес зазема студентот, кој станува и креатор на динамиката на студирањето. Колегата Маневски, воспоставувајќи го дијалогот и промовирајќи го партнерскиот однос со студентите, им овозможува тие да станат рамноправни оценувачи и двигатели на иницијативата за прогрес во наставно-образовниот процес.
Како раководител на Катедрата за сликарство од 2006 до 2010 година, продекан од 2010 до средината на ноември 2011 година, и од 15 ноември 2011 година како в.д. декан на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, тој мошне ангажирано и совесно ги извршува сите обврски кои произлегуваат од овие функции.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Ценејќи ги извонредните постигнувања на кандидатот вонр. проф. м-р Благоја Маневски на македонската современа ликовна сцена, неговиот севкупен ангажман и длабока посветеност, како на ликовно-креативен, така и на педагошки план, а и активностите врзани пошироко во струката, како неговиот колегијален и конструктивен однос кон вработените на Факултетот, Рецензентската комисија смета дека пријавениот кандидат ги исполнува сите услови за избор за наставник во повисоко звање. Комисијата има чест и задоволство на Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за ликовни уметности при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје да му предложи вон. проф. м-р Благоја Маневски да биде избран во звањето **редовен професор** по предметите цртање и сликање на Катедрата за сликарство на ФЛУ.

**Рецензентска комисија**

Ред.проф. Рубенс Корубин, претседател с.р.

Ред.проф. Родољуб Анастасов с.р.

Ред.проф. Жарко Башевски с.р

# ОБРАЗЕЦ
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО,НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат: вонр.проф. м-р Благоја Маневски**
**Институција: Факултет за ликовни уметности - Скопје**
**Научно - уметничка област: сликарство**

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред.број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | **Одржување на настава од прв циклус студии** | |
| | Цртање 4, 2006/07, летен, 5x15 x 0.04 = | **3** |
| | Цртање 1 и 2, 2009/10, зимски/летен, 10x15x0.04= | **6** |
| | Цртање 3 и 4, 2010/11, зимски/летен, 10x15x0.04= | **6** |
| | Сликање 5 и 6, 2007/08, зимски/летен, 16x15x0.04 = | **9,6** |
| | Сликање 7 и 8, 2008/09, зимски/летен, 16x15x0.04= | **9,6** |
| | Сликање 1 и 2, 2009/10, зимски/летен, 8x15x0.04= | **4,8** |
| | Сликање 3 и 4, 2010/11, зимски/летен, 8x15x0.04= | **4,8** |
| | Сликање 5 и 6, 2010/11, зимски/летен, 16x15x0.04 = | **9,6** |
| | Сликање 5 и 6, 2011/12, зимски/летен, 16x9x0.04= | **5,76** |
| | Сликање 7 и 8, 2011/12, зимски/летен, 16x9x0.04= | **5,76** |
| 2 | **Одржување на настава од втор циклус студии** | |
| | Сликање 1и 2, 2008/09, зимски/летен, 12x15x0.05= | **9** |
| | Сликање 1 и 2, 2009/10, зимски/летен, 12x15x0.05= | **9** |
| | Сликање 1 и 2, 2010/11, зимски/летен, 9x15x0.05= | **6,75** |
| | Сликање 1 и 2, 2011/12, зимски/летен, 9x15x0.05= | **6,75** |
| | Сликар.практики 1и2, 2008/09,зим./лет. 4x15x0.05= | **3** |
| | Сликар.практики 1и2, 2009/10,зим./лет. 4x15x0.05= | **3** |
| | Сликар.практики, 2010/11, зимски, 3x15x0.05= | **2,25** |
| | Сликар.практики, 2011/12, зимски, 3x15x0.05= | **2,25** |
| 3 | **Одржување на теренска настава** | |
| | Теренска настава, 2007/08, летен, 3x15x0.04= | **1,8** |
| | Теренска настава, 2010/11, летен, 3x15x0.04= | **1,8** |
| 4 | **Одржување на вежби** | |
| | Цртање 4, 2006/07, летен, 2x15x0.03= | **0,9** |
| | Цртање 1 и 2, 2009/10, зимски/летен, 4x15x0.03= | **1,8** |
| | Цртање 3 и 4, 2010/11, зимски/летен, 4x15x0.03 = | **1,8** |
| | Сликање 5 иб, 2007/08, зимски/летен, 8x15x0.03 = | **3,6** |
| | Сликање 7 и 8, 2008/09, зимски/летен, 8x15x0.03 = | **3,6** |
| | Сликање 1 и 2, 2009/10, зимски/летен, 4x15x0.03 = | **1,8** |
| | Сликање 1 и 2, 2008/09, зимски/летен, 3x15x0.03= | **1,35** |
| | Сликање 1 и 2, 2009/10, зимски/летен, 3x15x0.03= | **1,35** |

| | | |
|---|---|---|
| | Сликање 1 и 2, 2010/11, зимски/летен, 4x15x0.03= | **1,8** |
| | Сликање 1 и 2, 2011/12, зимски, 2x15x0.03= | **0,9** |
| | Сликар.практики 1и2, 2008/09,зим./лет. 4x15x0.03= | **1,8** |
| | Сликар.практики, 2010/11, зимски, 2x15x0.03= | **0,9** |
| | Сликар.практики, 2011/12, зимски, 2x15x0.03= | **0,9** |
| 5 | **Консултации со студенти** | |
| | 2007/2008, зимски/летен, 38x15x0.002= | **1,14** |
| | 2008/2009, зимски/летен, 38x15x0.002= | **1,14** |
| | 2009/2010, зимски/летен, 21x15x0.002= | **0,63** |
| | 2010/2011, зимски/летен, 48x15x0.002= | **1,44** |
| | 2011/2012, зимски, 25x15x0.002= | **0,75** |
| 6 | Ментор на дипломска работа, 18 x 0.2 = | **3,6** |
| 7 | Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура, 21 x 0.3 = | **6,3** |
| 8 | Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа 36 x 0.1 = | **3,6** |
| | **Вкупно** | **150,15** |

## НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред.број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Ментор на магистерска работа 9 x 1 = | **9** |
| 2 | Труд со оригинални научни резултати,објавен во стручно/научно популарно списание 3 x 2 = | **6** |
| | **Вкупно** | **15** |

## СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред.број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | **Самостојни изложби** | |
| 1 | 2007 *Locigal Paintings (Crossing), 52. La Biennale di Venzia,* Istituto Ciliiota, Павилјон на Република Македонија, Венеција | **10** |
| 2 | 2008 Gallery MC, (со С.Соколовски), Њујорк | **7** |
| 3 | 2008 *Цртежи,* Мала галерија, Скопје | **4** |
| | **Групни изложби** | |
| | **Групно јавно претставување со ликовни дела – со посебен проект, меѓународна, селектирана и жирирана манифестација ( во странство )** | |
| 1 | 2008 *Современи македонски уметници – Денови на македонската култура во САД,* Gallery MC, Њујорк | **4** |
| 2 | 2009, *Кружен тек (Santiago Hernandez, Blagoja Manevski, Danielle Sauve, Slavco Sokolovski, Paul Stremple), curated by Jed Speare,* Gallery 263, Кембриџ | **4** |

| | | |
|---|---|---|
| 3 | 2009, *Венеција виа МКЦ*, Колегиум артистикум, Сараево | 4 |
| 4 | 2009, *Синестезија*, Palais Porcia, Виена | 4 |
| 5 | 2009, *Illuminati nuovi (Raphael DiLuzio, SantiagoHernandez, Blagoja Manevski, Danielle Sauve, Slavco Sokolovski, Paul Stremple, curated by Anse Hammershaimb)*, Gallery MC, Њујорк | 4 |
| 6 | 2010, *Синестезија, Во чест на св. Кирил и Методиј*, Complesso monumentale di San Michele, Рим | 4 |
| 7 | 2010, *Синестезија*, Музеј на град Белград, Конак на кнегиња Милица, Белград | 4 |
| 8 | 2011, *In City – Денови на македонската култура во Талин, Европска престолнина на културата 2011*, Nokia Kontserdimaja, Талин | 4 |
| | **Групно јавно претставување со ликовни дела – со посебен проект, селектирана и жирирана манифестација ( во земјата )** | |
| 1 | 2007 , *Големите формати од колекцијата на новата сала на НУ МСУ*, НУ Музеј на современата уметност, Скопје | 2 |
| 2 | 2008,Колаж – *избор од колекцијата на НУ МСУ*, НУ Музеј на современата уметност, Скопје | 2 |
| 3 | 2008, *Венеција виа МКЦ*, Младински културен центар, Скопје | 2 |
| 4 | 2010, *30. години Факултет за ликовни уметности*, НУ Музеј на современата уметност, Скопје | 2 |
| 5 | 2010, *Минимализмот, конструктивизмот и монохромијата во современата македонска уметност* (од колекцијата на НУ МСУ, Скопје), Музеј на современата уметност, Скопје | 2 |
| 6 | 2011 , *Невидливиот пејзаж*, НУ Музеј на современата уметност, Скопје | 2 |
| 7 | 2010, *Фрагменти – македонска ликовна сцена 1991-2011*, НУ Музеј на современата уметност, Скопје | 2 |
| | **Вкупно** | 67 |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред.број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | **Експертски активности – систематизација на ФЛУ** | 1 |
| 2 | Објавено дело во каталог од национална ликовна манифестација 7 x 1 = | 7 |
| 3 | Објавено дело во каталог од меѓународна ликовна манифестација 6 x 2 = | 12 |
| | **ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС** | |
| 1 | Продекан на ФЛУ во Скопје | 4 |
| 2 | Раководител на Катедрата за сликарство | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| 3 | Член на Универзитетска конкурсна комисија | 1 |
| 4 | Член на факултетска комисија 2 x 0.5 = | 1 |
| 5 | Член на комисија за избор во звање 2 x 0.2 = | 0,4 |
| 6 | Учество во комисија на МК од областа на меѓународната културна соработка | 1 |
| 7 | Учество во комисија на МК во изработка на национална програма од областа на ликовната уметност и галериската дејност | 3 |
| | **Вкупно** | **33,4** |

| **ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ** | **Поени** |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **150,15** |
| **НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **15** |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | **67** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **33,4** |
| **Вкупно** | **265,55** |

**Рецензентска комисија**

**Ред. проф. Рубенс Корубин, претседател с.р.**

**Ред. проф. Родољуб Анастасов, член с.р.**

**Ред. проф. Жарко Башески, член с.р.**

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ПО ПРЕДМЕТИТЕ СЛИКАРСКА ТЕХНОЛОГИЈА, СЛИКАРСКИ ТЕХНИКИ И КОНЗЕРВАЦИЈА И РЕСТАВРАЦИЈА НА КАТЕДРАТА ЗА СЛИКАРСТВО НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЛИКОВНИ УМЕТНОСТИ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, на својата редовна седница одржана на 23.12.2011 година, формира Рецензентска комисија во состав:ред.проф.м-р Рубенс Корубин, претседател, ред.проф.Симон Шемов,член и ред.проф. м-р Жарко Башески, член.

На конкурсот објавен во весникот "Дневник", на 24.11.2011 година, за избор на наставник во сите звања по предметите сликарска технологија, сликарски техники и конзервација и реставрација на Факултетот за ликовни уметности се пријави кандидатот м-р Блаже Кузмановски, вонреден професор.

Врз основа на приложената документација од страна на кандидатот, како и следењето на неговата досегашна педагошка, стручна и ликовна дејност, како и дејноста во непосредната заштита-конзервација и реставрација, Рецензентската комисија има чест да го достави следниов

# ИЗВЕШТАЈ

## Биографски податоци

Вонр. проф. Блаже Кузмановски е роден 1951 година во Скопје. Средно образование има завршено во Училиштето за применета уметност во Скопје. На Академијата за ликовни уметности во Загреб дипломирал во 1977 год. на Сликарскиот оддел во класата на проф. Раул Голдони. Од 1978 до 2002 година бил вработен во Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата на РМ, како сликар-реставратор за темперен живопис (иконопис). Од дипломирањето до вработувањето на Факултетот за ликовни уметности учествувал во бројни национални и меѓународни научно истражувачи проекти од областа на заштитата на културното наследство на Македонија. Исто така, стручно се усовршувал во Полска, Италија, Русија, Франција и САД и учествувал на бројни семинари, летни школи, курсеви и сл.

Од 1966 до 1988 година, од областа на сликарството добитник е на пет награди. Во 1972 година и во 1998 година реализирал две самостојни изложби и учествувал на 15 групни изложби во земјата и во странство.

Од 1997 година е вклучен во наставниот процес на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, како надворешен соработник во насоката конзервација и реставрација. Од 1998 година е избран за наставник во звањето доцент по предметите: темперен, маслен, фреско и мозаичен живопис во насоката конзервација и реставрација.

Во учебната 2001/02 година ја изведувал наставата по предметот сликарска технологија како надворешен соработник.

Од 2002 година се вработил на Факултетот за ликовни уметности во Скопје на Сликарскиот оддел, како доцент по предметите: сликарска технологија, сликарски техники и конзервација и реставрација.

Во 2006 година го одбранил магистерскиот труд на тема "Конзервација и реставрација на минијатурни мозаични икони", на Факултетот за применета уметност во Белград, Република Србија, под менторство на ред. проф. Гордана Жуниќ – Кусовац.

Во 2007 година е избран за вонреден професор на Факултетот за ликовни уметности во Скопје.

Во 2009 година пријавил докторска дисертација во Институтот за фолклор „Марко Цепенков" во Скопје на тема „Техничко-технолошки и естетски карактеристики на народното боење во Македонија".

## Творечка активност во периодот 2007-2012 година

Од изборот во звањето вонреден професор на ФЛУ, кандидатот Блаже Кузмановски ги изработил следниве монументални сакрални мозаици и една скулптура:

**2007 год.**
-Ставропиетестален манастир-летна резиденција на архиепископот на Македонската православна црква на западната страна на црквата "Св. Богородица", манастир Калишта – Струга, со тема "Раѓање на Пресвета Богородица" со димензии 3,00 x 2,20 м.

**2008 год.**
- Соборен храм "Св. Климент Охридски"- Скопје, со претстава на св. Климент во тркалезна форма со димензии 2,50 x 2,50 м., "Св Јустинијан" – 2,80 x 1,30 м. и "Св. Апостол Павле" 2,80 x 1,30 м.

**2010 год.**
- Црква "Света Тројца", село Скачковце, со претстава на "Исус Христос" со димензии со 2,15 x 1,05 м.

- Скулптура во бронза, реализирана со Ј. Антониев, на Никола Петров Русински – Берово, димензии 2,45 метри.

- Стручна помош во изработка на мозаикот "Богородица со Исус Христос" црква "Архангел Гаврил", Варош.

- "Старец Јосиф" Црква ", Св. Антонио", Феникс – Аризона САД.

**2011 год.**
-Во тек на изработка се мозаиците од црквата "Св.Богородица ширшаја" со димензии 0,90 x 0,55 м. "Дејсиз"- "Св.Богородица", со димензии 0,89 x 0,39м., "Исус Христос" – дим. 177 x 0,84 м. "Св. Апостол Јован Богослов", дим. 0,88 x 0,40 м., "Богородица Ширшаја", дим. 2,20 x 1,45 м., столбови, димензии 1,60 x 0,85м. x 4.

## Непосредна заштита

**2008 год.**
-Конзервација и реставрација на иконата "Богородица со Исус Христос", со специфична резба и апликации од XVIII век приватна збирка.

**2007 – 2012 год.**
- Конзервација и реставрација на **27** икони од XVIII до XIX век.

**2007 – 2012 год.**
-Конзервација и реставрација на **18** слики во маслена техника од приватните збирки и колекции од македонските современи сликари: Димитар Аврамовски – Пандилов, Димитар Андонов - Папрадешки, Никола Мартиновски, Лазар Личеновски, Ванѓел Коцоман, Миле Корубин и Трајче Јанчевски.

**2008 год.**
-Конзервација и реставрација со транспозиција на фрескофрагменти од Плаошник – Охрид.

**2011 год.**
-Конзервација и реставрација со транспозиција од археолошкиот локалитет на Плаошник – Охрид, V век.

## Општествен ангажман- музеи, галерии, национални конзерваторски центри

**2007 год.**
- Стручен надзор на фрескоживописот во црквата „ Св.Ѓорги" - Лазарополе

- Претседател на стручна комисија за прием на изведени конзерваторски работи на живописот во црквата "Св.Никола",с. Косел – Охрид.

**2008 год.**
- Член на стручна контрола на конзерваторски проект на ѕидното сликарство во манастирот Лешок II .
- Претседател на стручен надзор на иконите и иконостасот во црквата "Св. Ѓорги"- Лазарополе.
- Претседател на стручен надзор на "Царски двери" во црквата "Св. Атанасие" – манастир Зрзе – Прилеп.
- Претседател на стручен надзор на "Царски двери" во црквата "Св. Никола" од XVII век, с. Долни Орах.

**2009 год.**
- Претседател на стручен надзор на "Чинот" од XVI век во црквата "Воведение на Богородица во храм"- експонат во Музејот на Македонија.
- Претседател на стручен надзор на 12 икони од тиквешкиот регион во Музејот на Кавадарци.

**2010 год.**
- Претседател на конзерваторскореставраторски работи на иконите од збирката на икони од Охрид и Музејот на Македонија, изложени во Музејот во Утрех – Холандија.
- Претседател на стручен надзор на 2 икони од црквата "Св. Ѓорги" с. Рајчица – Дебар.

**2011 год.**
- Претседател на конзерваторскореставраторски надзор на иконата со претстава на св. Никола и св. Василие од XI век и иконата "Богородица Епискепсис" од XIV век од Галеријата и Музеј Охрид – реконзервација.
- Член на Комисија за добивање на конзерваторско-реставраторска лиценца за непосредна заштита на културното наследство на Оливера Макриевска од Битола.

## Издавачка дејност

**2011 год.**
- Издаден учебник, "Сликарска технологија и техники", издавач: Универзитет „Св. Кирил и Методиј" и Факултет за ликовни уметности – Скопје. Библиографија: стр.192, формат 23 x 16 см, отпечатен во боја/високошколски учебник COBISS.MK-ID 88924938.

## Мислење

Земајќи го предвид приложениот материјал како: биографските податоци, реализираните проекти, техничкотехнолошките остварувања, конзерваторскореставраторските активности, како и општествените ангажмани на вонр.проф. м-р Блаже Кузмановски, со право можеме да заклучиме дека станува збор за автор со исклучително работно искуство на индивидуални ликовни остварувања, а особено неговите остварувања во областа на непосредната заштита на споменичкото културно наследство на дела реализирани во најразлични технички опуси, медиуми и сл.
Со неговото долгогодишно искуство во областа на конзервацијата и реставрацијата на дела со исклучителна историска, естетска и иконографска вредност, Кузмановски се стекна со извонредно познавање на сликарските материјали, нивните карактеристики и својства, како и нивната адекватна примена во најразлични сликарски техники во класичното и современото сликарство. За сето ова сведочат големиот број на стручнореставрирани дела во повеќе техники, како и неговата перманентна ангажираност во таа област. Секако тука ќе ги спомнеме и изложбите на македонските икони во "Метрополитен музеј" во Њујорк, музејот "Клини" во Париз, Падова-Италија, Краков-Полска, Утрех- Холандија, каде што даде несебичен придонес за нивна достојна експозиција и презентација, а со тоа и афирмација на македонската култура воопшто.
Техничко – технолошкото искуство евидентно е видливо и во делата кои ги има реализирано во повеќе цркви, манастири и други јавни објекти, а тоа се голем број на икони, фрески и мозаици. Исклучителното познавање на сликарските техники и технологии му овозможија многу лесно и стручно да навлезе во истражувањето на нови сликарски постапки. Во неговите сакрални дела се гледа стручно познавање и комбинирање на класичните и современите материјални изразни елементи и нивна примена во сликарството, во која било сликарска техника, кој мајсторски ги внесува со свој личен творечки израз, само нему својствен, особено кога се работи за трансформација на големи сликарски површини од една во друга сликарска техника. Тоа е видливо во неговите монументални реализирани мозаични панели.
Секако не може а да не се напомене и неговото познавање во областа на сликарската технологија. Тоа го оправдува и фактот со издавањето на неговиот учебник насловен како „Сликарска технологија и техники" наменет за образовниот процес и едукација не само за студентите на ФЛУ, туку и пошироко, за сите оние што сакаат да се запознаат со карактеристиките, својствата и намената на одделни материјали и нивната примена во сликарството.

## Наставно - образовна дејност

Во периодот од 2007 год. до денес, како наставник по предметите сликарска технологија, сликарски техники и конзервација и реставрација на II циклус студии на Катедрата за сликарство, вонр.проф. м-р Блаже Кузмановски успешно ја реализира наставната програма. Експлицитноста и неговата посветеност и способност за теоретска и стручна настава, како и

практичните активности, вежби, консултации и сл. му овозможуваат непосреден однос со студентите, за што сведочат и квалитетните резултати што тие ги постигнуваат. Секако тука не се исклучува можноста и потребата за проширена студиска програма во зависност од индивидуалните потреби на секој студент поединечно. Во овој период од особено значење е неговиот ангажман за отворање на катедра од областа на конзервацијата и реставрацијата,со давањето несебичен придонес за нејзино функционирање, а со тоа и афирмација на Факултетот за ликовни уметности.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Имајќи ги предвид изнесените биографски податоци, творечката активност, општествените ангажмани од поширок интерес, издавачката како и научно-истражувачката и педагошката дејност, Комисијата има чест и задоволство на Наставно – научниот и уметнички совет на ФЛУ да му предложи вонр. проф. м-р Блаже Кузмановски да биде избран во звањето редовен професор по предметите сликарска технологија, сликарски техники и конзервација и реставрација на Факултетот за ликовна уметност во Скопје

Рецензентска комисија

Ред. проф. м-р Рубенс Корубин, претседател, с.р.

Ред. проф. Симон Шемов, член, с.р.

Ред. проф. м-р Жарко Башески, член, с.р.

# ОБРАЗЕЦ
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат: вонр.проф.м-р Блаже Кузмановски**
**Институција: Факултет за ликовни уметности Скопје**
**Научна област: сликарска технологија, сликарски техники и конзервација и реставрација**

## НАСТАВНО - ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред.број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | **Одржување на настава од прв циклус студии** | |
| 1. | 2011 г, учебник "Сликарска технологија и техники", издавач: Универзитет "Св Кирил и Методиј" и ФЛУ-Скопје/високошколски учебник COBISS.MK-ID 88924938 | **8** |
| 2. | Сликарска технологија, 2007/2008, зимски/летен, 4x15. 0,04 | **2,4** |
| 3. | Сликарска технологија, 2008/2009, зимски/летен 4x15. 0,04 | **2,4** |
| 4. | Сликарска технологија, 2009/2010, зимски/летен 4x15. 0,04 | **2,4** |
| 5. | Сликарска технологија, 2010/2011, зимски/летен 4x15. 0,04 | **2,4** |
| 6. | Сликарски техники, 2007/2008, зимски/летен, 4x15. 0,04 | **2,4** |
| 7. | Сликарски техники, 2008/2009, зимски/летен, 4x15. 0,04 | **2,4** |
| 8. | Сликарски техники, 2009/20010, зимски/летен, 4x15. 0,04 | **2,4** |
| 9. | Сликарски техники, 2010/2011, зимски/летен, 4x15. 0,04 | **2,4** |
| 10. | Конзервација и реставрација, 2007/2008, зимски/летен, 4x15. 0,04 | **2,4** |
| 11. | Конзервација и реставрација, 2008/2009, зимски/летен, 4x15. 0,04 | **2,4** |
| 12. | Конзервација и реставрација, 2009/2010, зимски/летен, 4x15. 0,04 | **2,4** |
| 13. | Конзервација и реставрација, 2010/2011, зимски/летен, 4x15. 0,04 | **2,4** |
| | **Одржување на вежби** | |
| 1. | Сликарска технологија, 2007/2008, зимски/летен, 4x15. 0,03 | **1,8** |
| 2. | Сликарска технологија, 2008/2009, зимски/летен 4x15. 0,03 | **1,8** |

| | | |
|---|---|---|
| 3. | Сликарска технологија, 2009/2010, зимски/летен 4x15. 0,03 | **1,8** |
| 4. | Сликарска технологија, 2010/2011, зимски/летен 4x15. 0,03 | **1,8** |
| 5. | Сликарски техники, 2007/2008, зимски/летен, 4x15. 0,03 | **1,8** |
| 6. | Сликарски техники, 2008/2009, зимски/летен 4x15. 0,03 | **1,8** |
| 7. | Сликарски техники, 2009/20010, зимски/летен, 4x15. 0,04 | **1,8** |
| 8. | Сликарски техники, 2010/2011, зимски/летен, 4x15. 0,03 | **1,8** |
| 9. | Конзервација и реставрација, 2007/2008, зимски/летен, 4x15. 0,03 | **1,8** |
| 10. | Конзервација и реставрација, 2008/2009, зимски/летен, 4x15. 0,03 | **1,8** |
| 11. | Конзервација и реставрација, 2009/2010, зимски/летен, 4x15. 0,03 | **1,8** |
| 12. | Конзервација и реставрација, 2010/2011, зимски/летен, 4x15. 0,03 | **1,8** |
| | **Одржување на настава од втор циклус студии** | |
| 1. | Теорија на конзервација и реставрација, летен/зимски, 2010/2011 8x15. 0,05 | **6** |
| 2. | Теорија на конзервација и реставрација, зимски, 2011 4x15. 0,05 | **3** |
| 3. | Конзерваторско- реставраторски практики, летен/зимски, 2010/2011 6x15. 0,05 | **4,5** |
| 4. | Конзерваторско- реставраторски практики, зимски, 2011 3x15. 0,05 | **2,25** |
| 5. | Сликарска технологија, летен/зимски, 2010/2011 4x15. 0,05 | **3** |
| 6. | Сликарска технологија, зимски, 2011 2x15. 0,05 | **1,5** |
| 7. | Сликарски техники, летен/зимски, 2010/2011 1x15. 0,05 | **0,75** |
| | **Одржување на вежби** | |
| 1. | Теорија на конзервација и реставрација, летен/зимски, 2010/2011 8x15. 0,05 | **6** |
| 2. | Конзерваторско- реставраторски практики, зимски, 2011 2x15. 0,05 | **1,5** |
| 3. | Сликарски техники, летен/зимски, 2010/2011 1x15. 0,05 | **0,75** |
| 4. | Сликарски техники, зимски, 2011 1x15. 0,05 | **0,75** |
| | **Консултации со студенти** | |
| 1. | Член на Комисија за оцена и одбрана на дипломска работа, 14x0,1 | **1,4** |
| 2. | Член на Комисија за одбрана на магистратура, 1x0,3 | **0,3** |
| | **ВКУПНО** | **90,1** |

## НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред.бр. | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Ментор на магистерска работа 7x1 | 1 |
| | **ВКУПНО** | 7 |

## СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред.број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | **Мозаични панели** | |
| 1. | 2007 г, цр. "Св.Богородица", м.Калишта-Струга "Раѓање на Пресвета Богородица", дим.3,00 x 2.20 м. | 8 |
| 2. | 2008 г, Соборен храм "Св.Климент Охридски"-Скопје ",Св. Климент", дим. 2,50x2,50 м.; "Св.Јустинијан", дим. 2,80x1,30 м. "Св.Апостол Павле", дим.2,80x1,30 м. | 8 |
| 3. | 2010 г, цр. "Св.Тројца", "Исус Христос", дим.2 15 x 1,05 | 8 |
| 4. | 2010г, скулптура во бронза Никола Петров – Русински – Берово, 2,45 м. | 8 |
| 5. | 2010 г, стручна помош, мозаик "Богородица сс Исус Христос цр. "Св. Архангел Гаврил"- Варош | 3 |
| 6. | 2011 г, стручна помош, мозик "Старец Јосиф" цр. Св. Антонио, Феникс- Аризона САД | 3 |
| 7. | 2011 г, цр. „Св.Богородица", мозаик "Св. Богородица Ширшаја", дим.0,90x0,55м."Дејсиз"-Св.Богородица, дим.0,89x0,39м."Исус Христос", дим.177 x 0,84 м."Св. Апостол Јован Богослов", дим. 0,88 x 0,4э м. "Богородица Ширшаја", ди. 2,20 x 1,45 м. столбови, дим. 1,60 x 0,85 м. x 4. | 8 |
| | **ВКУПНО** | **46** |

## СТРУЧНО-НАУЧНА УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред.број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | **Непосредна заштита** | |
| 1. | 2008 г, конзервација и реставрација, "Богородица со Исус Христос", 18 век | 8 |
| 2. | 2007-2011 г, конзервација и реставрација на 27 икони 18-19 век. | 8 |
| 3. | 2007-2011 г, конзервација и реставрација на 18 слики во маслена техника, приватни збирки и колекции од македонски современи сликари: Димитар Аврамовски-Пандилов, Димитер Андонов – Папратешки, Никола Мартиновски, Лазар Личеноски, Ванѓел Коџоман, Миле Корубин и Трајче Јанчевски | 8 |

| | | |
|---|---|---|
| 4. | 2008 г, конзервација и реставрација на фрескофрагменти од Плаошник – Охрид | **8** |
| 5. | 2011 г, конзервација и реставрација на фрескофрагменти од Археолошкиот локалитет Плаошник, 5 век, Охрид | **8** |
| | **ВКУПНО** | **40** |

**СТРУЧНО – АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| **Ред.број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| | **Општествен ангажман-музеи, галерии, национални конзерваторски центри** | |
| 1. | 2007 г, стручен надзор на фрескоживопис во цр.“Св. Ѓорги“, Лазарополе | **3** |
| 2. | 2007 г, претседател на Стручна комисија за прием на изведени конзерваторски работи на живописот во цр. “Св. Никола“, с.Косел, Охрид | **3** |
| 3. | 2008 г, член на стручна контрола на конзерваторски проект на ѕидното сликарство во манастирот Лешок | **3** |
| 4. | 2008 г, претседател на стручен надзор на иконите и иконостасот во цр. “Св.Ѓорги“ –Лазарополе | **3** |
| 5. | 2008 г, претседател на Стручен надзор на “Царски Двери“ во цр. ,,Св Атанасие“-манастир Зрзе – Прилеп | **3** |
| 6. | 2008 г, претседател на стручен надзор на “Царски Двери“ во цр. “Св.Никола“ од 17 век, с. Долни Орах | **3** |
| 7. | 2009 г, претседател на стручен надзор на “Чинот“ од 16 век, експонат во Музеј на Македонија | **3** |
| 8. | 2009 г, претседател на стручен надзор на 12 икони од Музејот Кавадарци | **3** |
| 9. | 2010 г, претседател на Конзерваторско реставраторски работи на иконите од збирката на икони во Охрид и Музејот на Македонија- изложени во музејот – Утрехт – Холандија | **6** |
| 10. | 2010 г, претседател на стручен надзор на 2 икони од цр. “Св. Ѓорѓија“ с. Рајчица, Дебар | **3** |
| 11. | 2011 г, претседател на Конзерваторскореставраторски надзор на иконите на “Св Никола и Св. Василие“ од 11 век и “Богородица Епискепсис“ од 14 век- Галерија и Музеј – Охрид | **3** |
| 12. | 2011 г, член на Комисија за добивање конзерваторско-реставраторска лиценца за непосредна заштита | **2** |
| 13. | 2011 г, член на Комисија за избор на асистент 1x0,2 | **0,2** |
| | **ВКУПНО** | **38,02** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| НАСТАВНООБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | 90.1 |
| НАУЧНО ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ | 7 |
| СТРУЧНО УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ | 46 |
| СТРУЧНОНАУЧНА УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ | 40 |
| СТРУЧНО АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ | 38,02 |
| ВКУПНО | 221,12 |

**Рецензентска комисија**

**Ред. проф. м-р Рубенс Корубин, с.р.**

**Ред. проф. Симон Шемов, с.р.**

**Ред. проф. м-р Жарко Башевски, с.р.**

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА **„ЕВРОПСКИОТ КУЛТУРЕН МОДЕЛ И КУЛТУРНО-ИНТЕГРАЦИСКАТА ПОЛИТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“**, ИЗРАБОТЕНА ОД **М-Р ЕЛИЗАБЕТА КАНЧЕСКА МИЛЕВСКА, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ**

Со одлука на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, донесена на XXII редовна седница одржана на 24 XI 2011 година, избрани сме за членови на Комисијата за оцена на докторската дисертација **„Европскиот културен модел и културно-интеграциската политика на Република Македонија“**, поднесена од **м-р Елизабета Канческа Милевска**. Откако ја прегледаа докторската дисертација и се согласија околу основните премиси на нејзината оценка, членовите на Комисијата имаат чест, до Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, да го достават следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### I

Докторската дисертација опфаќа над 200 страници компјутерски обработен текст и голем број библиографски единици од македонски и од странски автори поместени на над 20 страници.

Содржината на докторската дисертација вклучува: вовед, 5 одделни тематски поглавја и заклучни согледувања.

### II

Во **воведот** на докторската дисертација, авторката се сосредоточува на темелните причини поради кои евроинтеграциските процеси треба да се истражуваат и согледуваат од аспект на културата. Интеркултурната комуникација е едно од клучните прашања на современото општество, а со тоа и културата се идентификува како еден од мошне интригантните концепти во областа на општествените науки. Од гледна точка на општествената практика, во контекст на новите светски поделби или интеграции, овој проблем се врзува за градењето на културната политика и нејзината операционализација во јавни политики. Така, Канческа Милевска смета дека процесите врзани за културата се најважна човечка карактеристика, а културната политика во себе ги инкорпорира „избраните“ вредности и норми за чија реализација се спроведуваат низа директни и индиректни мерки.

Според натамошните согледувањата на авторката, постојат низа докази дека и т.н. „мали култури“ мораат и можат да учествуваат во градењето на значајните и темелни културни политики кои би се инкорпорирале во поширок дизајн на културна политика што опфаќа, по дефиниција, повеќе различни културни матрици. Такоі е случајот на односот помеѓу македонската култура и културата на Европската унија,

односно нејзиниот цивилизациски дискурс. Укажано е дека пристапувањето на Македонија кон Европската унија овозможува учество во сферите на дејствување на европската и глобалната економија, политика и култура, но и дека ваквите процеси исходуваат со длабоки внатрешни општествени трансформации.

Од тие причини, „основниот предмет на дисертацијата е културниот модел на Европската унија и културната политика на Република Македонија, во поглед на компатибилноста и адаптибилноста на културната политика на Република Македонија со европскиот културен модел“ ќе нагласи Канческа Милевска. Се разбира, вака определениот проблем се доведува во директна врска со општите процеси на евроатлантската интеграција на македонската култура и општество. Канческа Милевска укажува дека културната политика на европските земји во последниве четириесетина години ја карактеризираат четири големи принципи на помалку или повеќе експлицитен начин: развој на културниот идентитет, земање предвид на културната разнообразност на Европа, стимулација на творештвото во сите негови видови и учество на сите во културниот живот. Ваквите пристапи кон културната политика на ЕУ се согледани како соодветни модели кон чија операционализација треба да се ориентира и Република Македонија во креирањето на својата културна политика, не губејќи ги притоа предвид спецификите на сопствениот културен развој.

Во деловите, главите на текстот што следуваат, на консеквентен, хронолошки и тематски заокружен начин се елаборирани сите централни прашања врзани за тезата на трудот, како од гледна точка на проследувањето на релевантните теориски парадигми, така и од гледна точка на темелните анализи на секундарните извори на емпириски податоци и друг вид граѓа (во вид на документи, законска регулатива и сл.), неопходни за развивање и докажување на клучните постановки на дисертацијата.

Основната тема на **првата глава** од дисертацијата се однесува на *значењето на историјата за формирањето на идејата за Европа.* Таа е елаборирана низ следниве ракурси: *европска модерност - култура и општество; историска генеза на европската цивилизација; Европа на нации: проширувањето и модерноста; поуките од светските војни – конфликт, разединување и обединување; модерни идеи за Европа – диверзитет, конвергенција и интеграција;иднината на континентот.*

Во овој дел од текстот се операционализирани некои од клучните поими, објаснети се значајни феномени и процеси врзани за главната тема на трудот, како на пример: култура, европско општество, европска цивилизација, модерност и други. Тука се нагласени и претставени значајните моменти, настани и аспекти, што имале пресудно влијание врз историјата на Европа, формулирањето и дизајнирањето на идејата за обединета Европа и дефинирањето на културната политика на ЕУ низ идентификацијата и етаблирањето на основниот корпус на вредностите на европската цивилизација. Европската „мапа“ на културите е претставена низ компаративна и хронолошка анализа, со особен акцент на културната разнообразност на континентот во неговата физичка, но и во „замислената“ вредносно-интелектуална димензија која произходува од заедничките корени на европските култури. Авторката, така, истакнува дека „една од целите на истражувањето е да се потенцира значењето на

европската култура, европската цивилизација и европските вредности за развојот на општеството и неговите перспективи". Посебно се нагласени интенциите или барем обидите, тлото на Европа да биде согледано низ една културна политика на рамноправност, односно на еднакви можности.

Особено е импозантна, по својата природа, разновидна и релевантно избраната литература што е користена за обемната дискурзивност на овој текст, од автори како: Гиденс, Меклеан, Елброу, Комбс, Терборн, Маркс, Штомпка, Турен, Дејвис, Фонтана, Саид, Тонра, Дун, Деланти и многу други.

**Вториот дел** од дисертацијата е посветен на една широка расправа за феномените на *идентитетите и идеологиите* кои се инхерентен и централен аспект на културата, но кои се и особено значајни за конципирањето на структурата и содржината на културната политика и нејзината активна реализација низ јавните, културни политики. Во оваа глава се поместени дискурсите за: *процесите на градењето на идентитетот;дихотомиите на идентитетот; сопоставеноста на културата и идентитетот; јазикот и идентитетот; проблемот на повеќекратните идентитети и нивните главни карактеристики (пол, класа, етничка припадност, култура); дефинирањето на социјалниот и културниот идентитет; и, конечно, европскиот идентитет и процесот на европската интеграција.*

Најпрво, тука е нагласено несомненото значење кое европскиот идентитет или проектот за тој идентитет, како и европските вредности го имале за севкупниот развој на глобалното општество и култура, согледани во историска но и во современа перспектива.

Експлицирајќи го концептот на идентитетот во целите на темата на своето истражување, авторката на трудот ќе каже дека тој „во својата наједноставна форма, го претставува начинот преку кој секој од нас го разбира и се поврзува со своето опкружување, затоа е важно да се разбере врската помеѓу идентитетот на единката и идејата за Европа, која е основана на претпоставката за *Нас* и *Другите*". И, понатаму, Канческа Милевска заклучува дека сите теориски пристапи кон концептот за идентитетот или идентитетите „претставуваат предизвик за традиционалната застапеност и структурите на моќ и суверенитет. Создавањето на постмодерни идентитети не е во согласност со традиционалните структури на етнонационалните идентитети". Всушност, во овој став евидентно и минуциозно се претставени основните интенции и проблеми на ЕУ во правец на градењето на политиките на идентитетите, а во рамките на некои современи, понекогаш контроверзни идеолошки матрици.

Многу значајни автори од областа на општествените науки и хуманистиката се цитирани и во овој дел од трудот, на пример: Рекс, Малуф, Тонра, Дун, Каглар, Филипс, Бејкрофт, Шор, Грин, Хабермас и други.

Со цел да ги потенцира идеите што се застапуваат за отворен, стратешки и сеопфатен пристап кон културата во современото општество (вклучувајќи ја нејзината економска, идеолошка и политичка димензија), а особено на тлото на Европа и консеквентна на своите расправи за политиките на идентитетот, Канческа Милевска му посветува цело поглавје (**трет дел**) на дискурсот за *европската цивилизација*. Тука таа ги вклучува расправите за синтагмата *Европа на различности,* ги

образложува концептите врзани за *социјалнаша и кулшурнаша рамка на Евроūа* во сета нејзина борба за заедништво, понатаму ги анализира *евроūскиош кулшурен и евроūскиош социјален ūросшор*, говори за *фундаменшалнише вредносши на евроūскаша цивилизација*, како и за отвореното и сè уште горешто двојство на *националниош насūроши евроūскиош кулшурен ūросшор.*

Всушност, во овој дел, втемелен на теоријата и практиката на егзистенцијата на интегрираниот европски социо-културен простор и втемелениот, но развоен механизам на градењето на обединета Европа, низ дијахрониски и синхрониски истражувања и согледувања, се укажува на суштината на евроинтеграциските процеси. Европската цивилизација е согледана како ентитет кој се темели на историски вредности што ја обединуваат и ја прават препознатлива за останатиот дел од светот, како: античкото медитеранско наследство, византиската цивилизација, јудео-христијанството, хуманизмот и ренесансата, просветителството, граѓанските револуции, контракултурите на XX век. Тука се идентификувани и актуелните апстрактни и инструментални вредности вклопени во дискурсот на постмодерноста: индивидуализмот, интеркултурализмот, толеранцијата, владеењето на правото, човековите права и сл. кои во суштина се препознаени (или импостирани) и како вредности на глобалната култура.

**Четвртиот** и **петтиот дел** на дисертацијата се посветени на прикажувањето и анализата на културната политика во некои од земјите на Европа, културната политика на Европската унија, функционирањето на Советот на Европа, перспективите на развојот на европската култура, местото на Република Македонија во Европа и фазите на нејзината интеграција во ЕУ, нормите и вредностите на културната политика на РМ, како и некои аспекти на нивната реализација и значењето, претставувањето и заштитата на националното културно наследсво. Концептите дефинирани во овие делови, како и историските факти за фазите на интеграцијата на РМ во ЕУ се втемелени врз сознанијата на повеќе релеватни автори (како и цитирањето на веродостојни документи), а податоците за начинот на дизајнирањето и функционирањето на културните политики во Европа и Република Македонија се анализирани врз база на низа релевантни национални и меѓународни (европски) документи (закони, стратегии и сл.) како и истражувања.

Воведниот дел од **четвртата глава** е посветен на операционализацијата на поимот *кулшурна ūолишика,* поткрепена, покрај другото, со становиштата на Манди, Џордан и Ведон, Шешиќ, Ланч и други автори, како и определбата за културната политика на УНЕСКО. Авторката се согласува со дефиницијата на М.Д. Шешиќ и Б.Стојковиќ, според која „културната политика претставува свесно регулирање на интересите во областа на културата и одлучување за сите прашања врзани за културниот развој на едно глобално општество".

Во овој сегмент се расправа и за контроверзите, историските предизвици, меѓународните баласти, политичките, економските и социјалните влијанија врз процесите на конципирањето на централните постулати на културните политики во одделни земји на Европа.

Натамошните содржини од оваа глава се однесуваат на конкретната анализа на профилите на националните креативни културни политики на европски земји кои се членки на ЕУ: Австрија, Бугарија, Естонија, Финска,

Франција, Германија, Унгарија, Република Ирска, Италија, Латвија, Литванија, Холандија, Полска, Португалија, Словенија, Шведска, Велика Британија. Тука се опфатени елементите на: правната структура (легислативата); финансирањето и функционирањето на културните дејности; директните и индиректните мерки што ги применуваат националните влади како индикатори за успешноста и развојноста на одделните аспекти на културната политика; тешкотиите во дизајнирањето на културната политика; усогласувањето со барањата на културната политика на ЕУ; огледувањето на културната дејност на Советот на Европа како независна организација и една од најстарите структури на спроведувањето на активностите на интеркултурната комуникација на тлото на Европа.

**Петтата глава** од текстот на дисертацијата е целосно посветен на Република Македонија, историјата на нејзините процеси на интеграција во ЕУ, меѓународната културна соработка со земјите од Европа, функционирањето на реализацијата на вградувањето на македонската културна практика во телата и структурите на меѓународните, европски организации, како дел од обидите за интегрирањето и приклучувањето на Република Македонија кон Европската унија, но и како логична консеквенца на историското припаѓање на земјата на европскиот културен ареал.

Низ опширната и сеопфатна елаборација на елементите на културната политика и одделните културни политики реализирани во последните дваесетина години во Република Македонија, потпрена врз обемната граѓа на официјални документи и реализирани и предвидени проекти (закони, конвенции, извештаи, стратегии и сл.), Канческа Милевска ја оформува сликата за реалните состојби во конципирањето и остварувањето на вредностите и нормите вградени во културната политика на Македонија. Од особено значење се и согледувањата за средствата преку кои македонската култура се обидува да ги следи тенденциите на европската култура или конкретно, на културната политика на ЕУ и тоа како на институционален и организационен план, така и на планот на активности. Во тој контекст, како и во контекстот на градењето на односот кон турбулентното историско и богатото со културни контакти минато, авторката му посветува одделно внимание на прашањето на бележењето, чувањето, заштитата и презентацијата на културното наследство во Република Македонија, како еден од темелните аспекти на културната политика и како област преку која најлесно се вградуваме во светските текови на културното наследство.

**Заклучните согледувања** претставуваат синтеза на анализите, компарациите и критичките согледувања и сугестии за понатамошните потфати во културата кои авторката ги конципира по однос на *културно-интеграциската политика на Република Македонија во контекст на вградувањето во европскиот културен модел.*

Според Канческа Милевска, „културната политика мора да биде јавна дејност. Таа има задача да ја поттикнува креативноста и масовното учество, а не да се грижи за задоволување на интересите на политичките партии и другите организации. Посебно внимание треба да се посвети на ослободување на културното творештво од стегите на политиката".

Приложената **библиографија** е поделена на: *користена литература, поширока литература и дополнителни извори на*

*податоци*. Прикажаните единици на библиографијата говорат за консултирање на исклучително обемна и релевантна литература, како и за познавањето и анализата на особено важни национални и меѓународни истражувања на зададената проблематика, документи, архивска граѓа и сл.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Докторската дисертација под наслов **„Европскиот културен модел и културно-интеграцискaта политика на Република Македонија"**, поднесена од **м-р Елизабета Канческа Милевска,** претставува оригинален научен труд, кој во себе содржи особено битни заклучоци за актуелните феномени на современото општество, а особено за евроинтеграциските процеси кои имаат големо значење за Република Македонија. Со покажано исклучително познавање на темата, со сензибилитет, аналитичност и конзистентност, авторката на трудот ја проблематизира дискурзивноста и противречноста на феномените на културата и културната политика, произлезени од сложените и противречни процеси на рецентната стварност со посебен аспект на европската стварност и нејзиниот културен модел. Авторката е методолошки суверена во пристапот кон истражуваниот проблем и со завидно познавање на валидните теоретски концепти, како и на практиката на културниот менаџмент. М-р Елизабета Канческа Милевска покажува импозантна способност за автентично лоцирање на состојбите и парадигмите што се клучни за истражуваниот проблем и во согласност со општествените теории на современието. Нејзин дополнителен квалитет е пасионираноста, критичноста и креативноста во испитувањето и оценувањето на сите валидни аспекти на функционирањето на Република Македонија во доменот на културата, а во контекст на процесите на интеграција кон ЕУ.

Тргнувајќи од ваквите согледби и оцени, Комисијата има чест и задоволство на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје да му предложи да го усвои овој позитивен извештај и да закаже термин за усна одбрана на докторската дисертација.

Комисија

Скопје, 23. 1. 2012

1. Проф. д-р Антоанела Петковска, с.р.
2. Проф. д-р Ѓорѓе Младеновски, с.р.
3. Проф. д-р Димитар Мирчев, с.р.
4. Проф. д-р Марија Ташева, с.р.
5. Проф. д-р Милева Ѓуровска, с.р.

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ ВИШ НАУЧЕН СОРАБОТНИК ВО ИНСТИТУТОТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА ВО СКОПЈЕ

Советот на Институтот за национална историја во Скопје, на седницата одржана на 23.12.2011 година, нѐ именува за членови на Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Анета Шукарова, проф. д-р Милан Бошкоски и проф. д-р Митко Панов за кандидатката д-р Ирена Стефоска, научен соработник во ИНИ, која се пријави на конкурсот за предвремен извор во звањето виш научен соработник, објавен во весникот „Утрински весник" на 29.11.2011 година. Врз основа на доставените и темелно рзгледани материјали, Комисијата има чест до Советот на ИНИ да го поднесе следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Доц.д-р Ирена Стефоска ја проучува средновековната историја на Македонија, воедно и на регионот. Конкретно, таа ги проучува историските процеси карактеристични за раното средновековие, средновековната историја на Словените на Балканот и нивната интерференција во византиското социо-културно и политичко милје. Стефоска покажува особен интерес и за урбаната и социјалната историја во контекст на спомнатиот историски период. Последниве години, д-р Стефоска интензивно работи и на истражување на современите феномени на нациите и национализмите, и облиците во кои тие се јавуваат во рамки на историографиите; во таа насока, д-р Стефоска теориски и медолошки обработува проблеми поврзани со соодветната научна дисциплина. Значаен дел од научноистражувачките интереси на д-р Стефоска претставуваат и проблемите поврзани со наставата по историја во земјата и во регионот, со што таа активно учествува во промовирање на основната идеја на ваквите проекти која е насочена кон учење историја за надминување на конфликтното минато и поттикнување концепти на мир и соработка.

Д-р Ирена дипломирала на групата за класични студии при Филозофскиот факултет во Скопје, во 1991 година.

Од 1993 година е вработена во Институтот за национална историја во звањето помлад асистент-истражувач. Во текот на 1994 година била на едногодишни магистерски студии, на Катедрата за средновековни студии при Централноевропскиот универзитет во Будимпешта, каде што се стекнала со звањето магистер на темата: „Лицето на Македонија: како ја виделе западните патописци (XI - XIV век)". Во 1996 година се запишала на магистерски студии по византиска историја на Универзитетот во Белград каде што и магистрирала во 2001 година, на тема: „Склавиниите на територијата на Македонија помеѓу VI и почетокот на X век". Во почетокот на следната 2002 година се стекнала со звањето асистент-истражувач. Во 2007 година, на Филозофскиот факултет во Скопје ја одбранила докторската дисертација под наслов: „Струмица и Струмичко од VI до XIV век". Со одлука на Советот на ИНИ, во февруари 2008 година е избрана во звањето научен соработник – доцент.

1. Д-р Ирена Стефоска е автор на два публикувани монографски труда: *Словените на почвата на Македонија VII - X век* (2002) и *Струмица и Струмичко во средновековието*. Во првата публикувана книга, д-р Стефоска ги обработува проблемите на раното словенско населување на територијата на Македонија, формирањето на македонските склавинии, комплексните процеси на акултурација и процесот на покрстувањето. Во ова научно истражување таа користи интердисциплинарен пристап во методолошката перспектива на проблемот. Во втората обемна студија публикувана во 2011 година, д-р Стефоска ја истражува средновековната политичка, социјална, економска, културна и црковна историја на градот Струмица и поширокиот регион. Книгата на Стефоска претставува прва сублимирана монографија посветена на средновековната историја на овој значаен македонски центар. Придонесот на оваа книга за македонската медиевистика се содржи во „центрипеталната" перспектива низ која ги проучува различните средновековни извори, воедно и обемната научна литература пишувана на повеќе светски јазици, со цел да се даде научно фундиран одговор за сложените историски процеси кои се трансформираат на една микролокација во состав на византискиот свет низ вековите кои оставиле траен белег во историскиот континуум на Струмица и струмичко.

2. Во периодот што е предмет на разгледување на овој извештај, доц. д-р Стефоска учествувала во следниве меѓународни проекти:
- "New and Ambiguous Nation-building Processes in South-eastern Europe: Collective Identities in Bosnia-Herzegovina, Macedonia, Moldova and Montenegro in Comparison (1944-2005), Institute for Eastern European Studies, Free University, Berlin (2007-2009). Под раководство на професор Холм Цундхаузен, истражувачи од 4 земји во компаративна перспектива ги анализираа процесите на институционализирање (низ различни форми) на македонската, молдавската, босанската и црногорската нација.
- "The Southeast European Joint History Project", Center for Democracy and Reconciliation in South-eastern Europe, Thessaloniki, (2007-2009). Д-р Стефоска се вклучува во последната фаза од овој повеќегодишен проект на кој работат академски историчари од Југоисточна Европа и од светот. Таа беше уредник на македонското издание на четирите колекции на извори и текстови (алтернативни материјали за наставата по историја) кои третираат неколку исклучителни теми од сложената историја на регионот: Османлиската империја; периодот на формирање на нациите и национализмите во Југоисточна Европа; балканските војни и Втората светска војна. Целта на овој проект е на заедничкото минато на регионот да му се пристапи на поинаков начин од традиционалното учење историја. На учениците и на студентите им се нуди можност низ критичка и мултиперспективна призма да ги проследуваат сличностите и разликите од заедничкото минато на современите балкански нации. По публикувањето на материјалите, д-р Стефоска ги раководеше и семинарите за обука на професорите по историја од средните училишта во земјата.
- Во текот на 2011 година д-р Стефоска работеше и на регионалниот проект: "A Balkan Tale", Goethe Institute, Athens. Целта на проектот е на граѓаните во регионот да им се претстави богатото османлиско наследство преку изложби, документарен филм и текстови во кои се селектирани видовите и типовите

јавни градби од различен карактер (исламски, христијански, еврејски), пред се - џамии, амами, безистени, цркви, синагоги и други архитектонски објекти со кои изобилува регионот, а кои, се уште се недоволно презентирани.
- Во текот на 2010/2011, д-р Стефоска, заедно со истражувачкиот тим на чело со доц. д-р Тони Филипоски, работеше и на националниот проект „Деволско-преспанскиот регион во раниот среден век". Овој исклучително интересен регион од македонското средновековие се истражува од аспект на историската географија, политичката историја и археологија со цел да се испитаат, проучат и сублимираат сите релевантни податоци непоходни за детално расветлување на неговата историја.

3. Во споменатиот период, д-р Стефоска ги остварила и следниве научно-истражувачки престои:
- George-Eckert Institut fur Internationale Schulbuchforschung, Braunschweig, Германија (август 2007);
- Institute for South-eastern History, Karl Franzes Universitat, Грац, Австрија (септември/октомври 2008);
- Византолошки институт, САНУ, Белград, Србија (1-15декември).

Во периодот од ноември 2009 до јуни 2010 година, д-р Стефоска оствари подолг студиски престој на престижниот универзитет Brown, во САД, како стипендист на Фулбрајтовата програма на владата на САД.
Во рамките на научноистражувачкиот престој, д-р Стефоска одржа неколку предавања на еминентни универзитети и истражувачки центри: Вудро Вилсон центарот во Вашингтон, Универзитетот Колумбија во Њујорк, Универзитетот во Чикаго, како и на Универзитетот на Илиноис во Урбана.

Обемната и разновидна научна активност на д-р Стефоска се гледа и преку нејзиното учество со свои реферати на конференции, симпозиуми и работилници во земјата и во странство, од кои се нагласуваат како значајни следните учества:

20-24 октомври 2007
Работилница/Семинар: "New and Ambiguous Nation-building Processes in South-eastern Europe: Collective Identities in Bosnia-Herzegovina, Macedonia, Moldova and Montenegro in Comparison (1944–2005)," Institute for Eastern European Studies, Free University, Берлин.

23-27 ноември 2007, Тирана, Албанија.
Регионална конференција: Joint History Project, CDRSEE, Тирана.

17-19 Април 2008, Софија, Бугарија
Меѓународна конференција: "New Approaches to Comparative History in Central and Southeast Europe".

11-12 мај 2009, Скопје
Конференција: "Византиското културно-историско наследство и Македонија" (во рамките на манифестацијата "Денови на Јустинијан I")

19 -22 август 2010, Трондхајм, Норвешка
Конференција: "Identity and Memory", Trondheim University.

20 -21 ноември 2010, Солун, Грција
Конференција: "History Education Fostering European Integration", Центар за демократија и помирување во Југоисточна Европа

1- 4 март 2011, Брисел, Белгија
Конференција: "The challenges of the educational system in multicultural societies", Европска комисија

6-11 Јуни 2011, Атина, Грција
Регионален семинар: "A Balkan Tale", Goethe Institut

28 - 31 октомври 2011, Осло, Норвешка
Конференција: "Civic Values in Republic of Macedonia", Осло, Норвешка

11 - 12 ноември 2011, Скопје, Македонија
Меѓународна конференција, "Македонија низ историјата", ФФ - Скопје

Доц д-р Ирена Стефоска во споменатиот период активно објавува свои статии во домашната и меѓународната периодика, како и во научни зборници.

- И. Стефоска-Д. Ѓоргиев, "Македонската историографија 1991 - 2006. Транзиција или континуитет?", во : *Транзициите во историјата и културата* , 720-728, Скопје, 2008, 720-728.
- "Два имена једног града: Τιβεριουπολις- Струмица", *ЗРВИ, 2007/2008*, 123-131.
- "Why the Institute of National History? The Beginnings of the Institutionalized Form of Historiography in the Process of Building the Macedonian Nation", in: *The Echo of the Nation*, Skopje 2009, 76-91.
- "Архиепископијата на Струмица во средниот век", во: *Градот Струмица: историја и култура*, Струмица 2009, 150-158.

4. Во однос на наставната дејност, доц. д-р Ирена Стефоска активно учествува на магистерските и докторските студии при Институтот за национална историја, како во испитните комисии, така, и во комисиите за одбрана. Таа била и секретар на Гласникот на ИНИ и секретар на Друштвото на историчарите на Македонија.

Од 2007 година до денес, д-р Стефоска е член на академскиот Комитет на историчари при Центарот за демократија и помирување во Југоисточна Европа, со седиште во Солун.

Во периодот помеѓу 2007 и 2009 год. таа била член и на Извршниот одбор на швајцарската фондација за култура и уметност „Про Хелвеција" во Република Македонија.

Од приложеното може да се заклучи дека доц. д-р Ирена Стефоска извршила обемна научноистражувачка и апликативна дејност во согласност со

високите стандарди на историјата како наука. Студиите на д-р Стефоска се одликуваат со оригинален пристап во методологијата на истражувањето и презентирањето, со јасен, концизен и аналитички стил на изразот.

При извршеното бодирање на комплетната научноистражувачка, наставна и апликативна дејност на доц д-р Ирена Стефоска, а според важечките Закон за високото образование и Закон за научноистражувачка дејност, Комисијата заклучи дека таа го има потребниот број бодови, што се потврдува со табелата трудови приложена кон оваа рецензија.

Со оглед на презентираната научно – стручна дејност на доцент д-р Ирена Стефоска, Комисијата има задоволство да му предложи на Советот на ИНИ д-р Стефоска да биде избрана во звањето - виш научен соработник.

КОМИСИЈА:

Проф. д-р Анета Шукарова с.р.

Проф. д-р Милан Бошкоски с.р.

Проф. д-р Митко Паанов с.р.

# ОБРАЗЕЦ
# ПРИЛОГ КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕТО ВИШ НАУЧЕН СОРАБОТНИК

Кандидат: ИРЕНА ТОМИСЛАВ СТЕФОСКА
Институција: ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА - СКОПЈЕ

| Реден број | Научно истражувачка (НИ), наставно – научна (НН) и стручно- апликативна дејност (СА) | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | во земјата | во странство |
| 1 | Монографија или научна книга | 8 | |
| 2 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание опфатено во СЦИ/ЦА/останати | 6 | 6 |
| 3 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир | 6 | |
| 4 | Учество на научен собир со реферат | 1,5 | 22 |
| 5 | Учесник во научен проект (соработник) | 2 | |
| 6 | Учесник во меѓународен научен проект (соработник) | | 9 |
| 7 | Член на редакциски одбор | 1 | |
| 8 | Член на комисија за оцена и одбрана на магистратура | 0,3 | |
| 9 | Член на комисија за оцена и одбрана на докторат | 2 | |
| 10 | Член на комисија за избор во звање | 0,2 | |
| 11 | Промоции | 4 | |
| 12 | Рецензии на монографии и статии | 2 | |
| 13 | Членство во извршни тела на меѓународни организации | | 4 |
| 14 | Научноистражувачки (студиски) престои до 3 месеци и повеќе од 6 месеци | | 3,5 |
| 15. | Настапи на радио/ТВ-емисии и други јавни настапи | 5 | |
| 16. | Уредник на зборник на текстови за одреден предмет | 2 | 12 |
| 17. | Одржано предавање по покана на референтен странски универзитет | | 12 |
| | **ВКУПНО :** | 102,5 | |

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕТО ДОЦЕНТ ПО ПРЕДМЕТИТЕ СОВРЕМЕН АЛБАНСКИ ЈАЗИК И ИСТОРИЈА НА АЛБАНСКИОТ ЈАЗИК ПРИ ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ" ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, на својата дваесет и втора редовна седница одржана на 11.1.2012 година, нè избра за членови на Рецензентската комисија во врска со пријавата на д-р Ајтен Ќамили на конкурсот за избор во звањето доцент по предметите: современ албански јазик и историја на албанскиот јазик.

Заблагодарувајќи се за довербата, чест ни е на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје да му го поднесеме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на еден наставник (во сите звања) по предметите: современ албански јазик и историја на албанскиот јазик во весникот "Нова Македонија" од 23. 12. 2011 година се пријави кандидатот д-р Ајтен Ќамили за избор во звањето доцент по наведените предмети.

1. **Биографски податоци и работно искуство**. Ајтен Ќамили (со моминско презиме Хајдари) е родена на 3.2.1979 година во Струга. Основното образование го завршила во ОУ „Браќа Миладиновци" во родниот град со одличен успех. Уште при ова школување освоила неколку награди на локални и регионални натпревари по предметите албански јазик и книжевност, македонски јазик и книжевност, прва помош, историја, биологија, математика и др. Од овој период се издвојува наградата од републичкиот конкурс за книжевни креации: "Најдобра поезија за мајката" во март 1991 год. објавена во весникот "Flaka e vëllazërimit"- Скопје и прогласувањето за најдобар ученик на генерацијата.

Средното образование го завршила во гимназијата "Нико Нестор" во Струга со одличен успех. Била уредник на школското списание "Gjimnazisti", во кое објавила неколку песни и сказни. На републичкиот натпревар "Млади истражувачи од Република Македонија", одржан во Струмица во мај 1994 година, таа го освоила третото место.

Високото образование го завршила на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје при Катедрата за албански јазик и книжевност со висок просек. Во овој период била член на редакцискиот одбор на катедарското студентско списание "Rrezja", во кое има објавено поезија, сказни и интервјуа. Таа беше прогласена за најдобар студент на Факултетот, гордост на Студентскиот сојуз на Филолошкиот факултет и студент со највисок просек од страна на Организацијата на студенти Албанци во Р. Македонија "Fan Stilian Noli", додека од Ректоратот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје беше прогласена за најдобро дипломиран студент со највисок просек во учебната 2001/2002 година, при што беше наградена со златен медал.

Во септември 2003 година завршила со постдипломските студии на отсекот за албански јазик на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје со просек 9,80. Магистрира во мај 2008 година на тема: "Социјалните варијанти на албанските струшки говори и меѓујазичната интерференција (кај еднојазичните, двојазичните и повеќејазичните говорители)". На ден

24.11.2011 година ја одбрани докторската дисертација на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје на тема: "Албанските говори од струшкиот регион (во балкански контекст)" и се здоби со звањето доктор на филолошки науки.

2. **Наставно-образовна дејност.** Кандидатката Ајтен Ќамили од декември 2002 до 2004 година на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје при Катедрата за албански јазик и книжевност беше ангажирана како демонстратор од областа на албанскиот јазик, додека од декември 2004 година е во редовен работен однос како помлад асистент, а од 2008 година како асистент по предметите: фонетика и фонологија на албанскиот јазик, дијалектологија на албанскиот јазик и историја на албанскиот јазик. Таа ги покриваше и вежбите по предметите: лексикологија на албанскиот јазик 1, 2; граматика на албанскиот јазик 1, 2, 3, 4; јазична интерпретација на стари текстови, правопис и правоговор на албанскиот јазик и практикум по албански јазик 1, 2 (во прилог: наставно-образовна дејност на кандидатката - Образец кон извештајот за избор во наставно-научно, научно, наставно-стручно и соработничко звање).

Во наставниот процес д-р Ајтен Ќамили доста успешно ги изведуваше вежбите и воспоставуваше добар контакт со колегите и студентите. Таа се истакнува со својата совесност, трудољубивност и сериозност во исполнувањето на работните обврски. Како вработена на Филолошкиот факултет била активно вклучена во работата на матичната Катедра и како член на одредени комисии на Факултетот и пошироко (во прилог: дејности од поширок интерес - Образец кон извештајот за избор во наставно-научно, научно, наставно-стручно и соработничко звање).

3. **Научноистражувачка дејност.** Освен успесите што ги постигнала во текот на образованието, таа била вклучена во културно-уметничка и театарска активност и во неколку невладини организации во Струга. Кандидатката д-р Ајтен Ќамили, освен поезии, сказни, интервјуа и други трудови во одредени весници и списанија, објавила и неколку статии и учествувала во одреден број семинари, научни конференции во земјата и во странство (во прилог: научноистражувачка дејност - Образец кон извештајот за избор во наставно-научно, научно, наставно-стручно и соработничко звање). Како позначајни ги сметаме:

1. *Другиот на македонски контекст*, Годишен зборник на Филолошкиот факултет "Блаже Конески", книга 29, Скопје, 2003 год.
2. *Јазични контакти на балканските простори*, Годишен зборник на Филолошкиот факултет "Блаже Конески", книга 33, Скопје, 2007 год.
3. *Përvoja e Strugës në proceset e integrimit gjuhësor*, Aktet, Revistë shkencore e Institutit Alb-shkenca, Tiranë, 2008.
4. *Психолонгвистичка анализа кај еднојазичните, двојазичните и повеќејазичните говорители*, Годишен зборник на Филолошкиот факултет "Блаже Конески", книга 35, Скопје, 2009 год.
5. *Disa dukuri gjuhësore dhe jashtëgjuhësore në të folmet e qarkut të Strugës*, Studiuesit shqiptarë në rrjedhat e shkencës botërore, Takimi IV vjetor i Institutit Alb-shkenca, Tetovë, 31. 08. - 02. 09. 2009.
6. *Psikologjia gjuhësore te folësit njëgjuhësh, dygjuhësh dhe shumëgjuhësh*, Aktet, Revistë shkencore e Institutit Alb-shkenca, vëllimi III, nr. 4, 2009, Tiranë – Prishtinë – Shkup, 2010.
7. *Vendi i të folmes së Strugës dhe të Ohrit mes dialekteve të gjuhës shqipe*, Përmbledhje e punimeve shkencore të Takimit V të Institutit Alb-shkenca, Tiranë, 02-05. 09. 2010.

8. *Shtrirja dialektore e fjalës dhe përzgjedhja e formës normative, Konferencë Shkencore Mbarëshqiptare,* "Shqipja në etapën e sotme: politikat e përmirësimit dhe të pasurimit të standardit", Durrës, 15-17. 12. 2010 (në bashkautorësi me A. Hamitin, http://albanologjia.com) - (Дијалектна распространетост на зборовите и изборот на нормативната форма, Сèалбанска научна конференција "Албанскиот јазик во денешна етапа: политиките на подобрување и на збогатување на стандардот", Драч, 15-17. 12. 2010 (во коавторство со А. Хамити).

9. *Dialektologjia shqiptare* (Дијалектологија на албанскиот јазик, одобрен универзитетски учебник од Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје, во ракопис, во коавторство со А. Хамити).

10. *Tosk And Geg In The Spoken Albanian Of Struga,* Folia linguistica et litteraria, Nikšić, 2011.

11. *Албанските говори од струшкиот регион (во балкански контекст),* (заклучок од докторската дисертација), Годишен зборник на Филолошкиот факултет "Блаже Конески", книга 37, Скопје, 2011.

Со своето учество на домашни и меѓународни собири кандидатката покажува особен интерес за областа на која конкурира и способност за квалитетно изведување на наставно-образовната дејност.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Земајќи ги предвид успешната наставно-образовна работа и плодната научноистражувачка дејност на кандидатката, може да се заклучи дека д-р Ајтен Ќамили е солиден наставник и мошне плоден научен работник. Таа ги исполнува сите услови предвидени со Законот за високото образование за избор во звањето за кое конкурира.

Врз основа на гореизложеното, Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје да ја избере д-р Ајтен Ќамили во звањето доцент по предметите современ албански јазик и историја на албанскиот јазик.

Скопје, 18.1.2012 год.

Рецензентска комисија

1. Д-р Аслан Хамити, редовен професор, с.р.
2. Д-р Хаки Имери, редовен професор, с.р.
3. Д-р Агим Пољоска, редовен професор, с.р.

АНЕКС 2

## ОБРАЗЕЦ

## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Ајтен Хајдаршемси Ќамили
(име, татково име и презиме)

**Институција:** Филолошки факултет „Блаже Конески" - Скопје
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област:** современ албански јазик и историја на албанскиот јазик

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | **Одржување на настава во прв циклус при Катедрата за албански јазик и книжевност** | |
| | **2008 / 2009 година, зимски семестар:** | |
| 1 | Фонетика на албанскиот јазик (0+2)<br>2 (ч. неделно) x 15 (недели) x 0,03 (поени за ч. вежби) = | 0,9 |
| 2 | Граматика на албанскиот јазик 1 (ПиТ - мајчин) (0+2)<br>2 (ч. неделно) x 15 (недели) x 0,03 (поени за ч. вежби) = | 0,9 |
| 3 | Граматика на албанскиот јазик 1 (ПиТ - немајчин) (0+2)<br>2 (ч. неделно) x 15 (недели) x 0,03 (поени за ч. вежби) = | 0,9 |
| 4 | Дијалектологија на албанскиот јазик 1 (0+2)<br>2 (ч. неделно) x 15 (недели) x 0,03 (поени за ч. вежби) = | 0,9 |
| 5 | Лексикологија на албанскиот јазик 1 (0+2)<br>2 (ч. неделно) x 15 (недели) x 0,03 (поени за ч. вежби) = | 0,9 |
| 6 | Граматика на албанскиот јазик 3 (ПиТ - мајчин) (0+2)<br>2 (ч. неделно) x 15 (недели) x 0,03 (поени за ч. вежби) = | 0,9 |
| 7 | Граматика на албанскиот јазик 3 (ПиТ - немајчин) (0+2)<br>2 (ч. неделно) x 15 (недели) x 0,03 (поени за ч. вежби) = | 0,9 |
| 8 | Историја на албанскиот јазик 1 (0+2)<br>2 (ч. неделно) x 15 (недели) x 0,03 (поени за ч. вежби) = | 0,9 |
| | **Вкупно:** | **7,2** |
| | **2008 / 2009 година, летен семестар:** | |
| 1 | Фонологија на албанскиот јазик (0+2)<br>2 (ч. неделно) x 15 (недели) x 0,03 (поени за ч. вежби) = | 0,9 |
| 2 | Граматика на албанскиот јазик 2 (ПиТ - мајчин) (0+2)<br>2 (ч. неделно) x 15 (недели) x 0,03 (поени за ч. вежби) = | 0,9 |
| 3 | Граматика на албанскиот јазик 2 (ПиТ - немајчин) (0+2)<br>2 (ч. неделно) x 15 (недели) x 0,03 (поени за ч. вежби) = | 0,9 |
| 4 | Дијалектологија на албанскиот јазик 2 (0+2)<br>2 (ч. неделно) x 15 (недели) x 0,03 (поени за ч. вежби) = | 0,9 |
| 5 | Лексикологија на албанскиот јазик 2 (0+2)<br>2 (ч. неделно) x 15 (недели) x 0,03 (поени за ч. вежби) = | 0,9 |
| 6 | Граматика на албанскиот јазик 4 (ПиТ - мајчин) (0+2)<br>2 (ч. неделно) x 15 (недели) x 0,03 (поени за ч. вежби) = | 0,9 |
| 7 | Граматика на албанскиот јазик 4 (ПиТ - немајчин) (0+2)<br>2 (ч. неделно) x 15 (недели) x 0,03 (поени за ч. вежби) = | 0,9 |

| | | |
|---|---|---|
| 8 | Историја на албанскиот јазик 2 (0+2)<br>2 (ч. неделно) x 15 (недели) x 0,03 (поени за ч. вежби) = | 0,9 |
| 9 | Јазична интерпретација на стари текстови (0+2)<br>2 (ч. неделно) x 15 (недели) x 0,03 (поени за ч. вежби) = | 0,9 |
| | **Вкупно:** | **8,1** |
| | **2009 / 2010 година, зимски семестар:** | |
| 1 | Фонетика на албанскиот јазик (0+2)<br>2 (ч. неделно) x 15 (недели) x 0,03 (поени за ч. вежби) = | 0,9 |
| 2 | Граматика на албанскиот јазик 1 (ПиТ - мајчин) (0+2)<br>2 (ч. неделно) x 15 (недели) x 0,03 (поени за ч. вежби) = | 0,9 |
| 3 | Граматика на албанскиот јазик 1 (ПиТ - немајчин) (0+2)<br>2 (ч. неделно) x 15 (недели) x 0,03 (поени за ч. вежби) = | 0,9 |
| 4 | Дијалектологија на албанскиот јазик 1 (0+2)<br>2 (ч. неделно) x 15 (недели) x 0,03 (поени за ч. вежби) = | 0,9 |
| 5 | Лексикологија на албанскиот јазик 1 (0+2)<br>2 (ч. неделно) x 15 (недели) x 0,03 (поени за ч. вежби) = | 0,9 |
| 6 | Граматика на албанскиот јазик 3 (ПиТ - мајчин) (0+2)<br>2 (ч. неделно) x 15 (недели) x 0,03 (поени за ч. вежби) = | 0,9 |
| 7 | Граматика на албанскиот јазик 3 (ПиТ - немајчин) (0+2)<br>2 (ч. неделно) x 15 (недели) x 0,03 (поени за ч. вежби) = | 0,9 |
| 8 | Правопис на албанскиот јазик (наставна) (0+2)<br>2 (ч. неделно) x 15 (недели) x 0,03 (поени за ч. вежби) = | 0,9 |
| 9 | Правопис на албанскиот јазик (ПиТ- мајчин) (0+2)<br>2 (ч. неделно) x 15 (недели) x 0,03 (поени за ч. вежби) = | 0,9 |
| 10 | Историја на албанскиот јазик 1 (0+2)<br>2 (ч. неделно) x 15 (недели) x 0,03 (поени за ч. вежби) = | 0,9 |
| | **Вкупно:** | **9** |
| | **2009 / 2010 година, летен семестар:** | |
| 1 | Фонологија на албанскиот јазик (0+2)<br>2 (ч. неделно) x 15 (недели) x 0,03 (поени за ч. вежби) = | 0,9 |
| 2 | Граматика на албанскиот јазик 2 (ПиТ - мајчин) (0+2)<br>2 (ч. неделно) x 15 (недели) x 0,03 (поени за ч. вежби) = | 0,9 |
| 3 | Граматика на албанскиот јазик 2 (ПиТ - немајчин) (0+2)<br>2 (ч. неделно) x 15 (недели) x 0,03 (поени за ч. вежби) = | 0,9 |
| 4 | Дијалектологија на албанскиот јазик 2 (0+2)<br>2 (ч. неделно) x 15 (недели) x 0,03 (поени за ч. вежби) = | 0,9 |
| 5 | Лексикологија на албанскиот јазик 2 (0+2)<br>2 (ч. неделно) x 15 (недели) x 0,03 (поени за ч. вежби) = | 0,9 |
| 6 | Граматика на албанскиот јазик 4 (ПиТ - мајчин) (0+2)<br>2 (ч. неделно) x 15 (недели) x 0,03 (поени за ч. вежби) = | 0,9 |
| 7 | Граматика на албанскиот јазик 4 (ПиТ - немајчин) (0+2)<br>2 (ч. неделно) x 15 (недели) x 0,03 (поени за ч. вежби) = | 0,9 |
| 8 | Историја на албанскиот јазик 2 (0+2)<br>2 (ч. неделно) x 15 (недели) x 0,03 (поени за ч. вежби) = | 0,9 |
| 9 | Правоговор на албанскиот јазик (наставна) (0+2)<br>2 (ч. неделно) x 15 (недели) x 0,03 (поени за ч. вежби) = | 0,9 |
| 10 | Правоговор на албанскиот јазик (ПиТ-мајчин) (0+2)<br>2 (ч. неделно) x 15 (недели) x 0,03 (поени за ч. вежби) = | 0,9 |
| | **Вкупно:** | **9** |
| | **2010 / 2011 година, зимски семестар:** | |
| 1 | Фонетика на албанскиот јазик (0+2)<br>2 (ч. неделно) x 15 (недели) x 0,03 (поени за ч. вежби) = | 0,9 |
| | Граматика на албанскиот јазик 1 (ПиТ - мајчин) (0+2) | |

| | | |
|---|---|---|
| 2 | 2 (ч. неделно) x 15 (недели) x 0,03 (поени за ч. вежби) = | 0,9 |
| 3 | Граматика на албанскиот јазик 1 (ПиТ - немајчин) (0+2)<br>2 (ч. неделно) x 15 (недели) x 0,03 (поени за ч. вежби) = | 0,9 |
| 4 | Дијалектологија на албанскиот јазик 1 (0+2)<br>2 (ч. неделно) x 15 (недели) x 0,03 (поени за ч. вежби) = | 0,9 |
| 5 | Лексикологија на албанскиот јазик 1 (0+2)<br>2 (ч. неделно) x 15 (недели) x 0,03 (поени за ч. вежби) = | 0,9 |
| 6 | Граматика на албанскиот јазик 3 (ПиТ - мајчин) (0+2)<br>2 (ч. неделно) x 15 (недели) x 0,03 (поени за ч. вежби) = | 0,9 |
| 7 | Граматика на албанскиот јазик 3 (ПиТ - немајчин) (0+2)<br>2 (ч. неделно) x 15 (недели) x 0,03 (поени за ч. вежби) = | 0,9 |
| 8 | Историја на албанскиот јазик 1 (0+2)<br>2 (ч. неделно) x 15 (недели) x 0,03 (поени за ч. вежби) = | 0,9 |
| 9 | Практикум по албански јазик 1 (наставна) (0+2)<br>2 (ч. неделно) x 15 (недели) x 0,03 (поени за ч. вежби) = | 0,9 |
| 10 | Практикум по албански јазик 1 (ПиТ - мајчин) (0+2)<br>2 (ч. неделно) x 15 (недели) x 0,03 (поени за ч. вежби) = | 0,9 |
| 11 | Правопис на албанскиот јазик (наставна) (0+2)<br>2 (ч. неделно) x 15 (недели) x 0,03 (поени за ч. вежби) = | 0,9 |
| 12 | Правопис на албанскиот јазик (ПиТ- мајчин) (0+2)<br>2 (ч. неделно) x 15 (недели) x 0,03 (поени за ч. вежби) = | 0,9 |
| | **Вкупно:** | **10,8** |
| | **2010 / 2011 година, летен семестар:** | |
| 1 | Фонологија на албанскиот јазик (0+2)<br>2 (ч. неделно) x 15 (недели) x 0,03 (поени за ч. вежби) = | 0,9 |
| 2 | Граматика на албанскиот јазик 2 (ПиТ - мајчин) (0+2)<br>2 (ч. неделно) x 15 (недели) x 0,03 (поени за ч. вежби) = | 0,9 |
| 3 | Граматика на албанскиот јазик 2 (ПиТ - немајчин) (0+2)<br>2 (ч. неделно) x 15 (недели) x 0,03 (поени за ч. вежби) = | 0,9 |
| 4 | Дијалектологија на албанскиот јазик 2 (0+2)<br>2 (ч. неделно) x 15 (недели) x 0,03 (поени за ч. вежби) = | 0,9 |
| 5 | Лексикологија на албанскиот јазик 2 (0+2)<br>2 (ч. неделно) x 15 (недели) x 0,03 (поени за ч. вежби) = | 0,9 |
| 6 | Граматика на албанскиот јазик 4 (ПиТ - мајчин) (0+2)<br>2 (ч. неделно) x 15 (недели) x 0,03 (поени за ч. вежби) = | 0,9 |
| 7 | Граматика на албанскиот јазик 4 (ПиТ - немајчин) (0--2)<br>2 (ч. неделно) x 15 (недели) x 0,03 (поени за ч. вежби) = | 0,9 |
| 8 | Историја на албанскиот јазик 2 (0+2)<br>2 (ч. неделно) x 15 (недели) x 0,03 (поени за ч. вежби) = | 0,9 |
| 9 | Правоговор на албанскиот јазик (наставна) (0+2)<br>2 (ч. неделно) x 15 (недели) x 0,03 (поени за ч. вежби) = | 0,9 |
| 10 | Правоговор на албанскиот јазик (ПиТ-мајчин) (0+2)<br>2 (ч. неделно) x 15 (недели) x 0,03 (поени за ч. вежби) = | 0,9 |
| 11 | Практикум по албански јазик 2 (наставна) (0+2)<br>2 (ч. неделно) x 15 (недели) x 0,03 (поени за ч. Вежби) = | 0,9 |
| 12 | Практикум по албански јазик 2 (ПиТ - мајчин) (0+2)<br>2 (ч. неделно) x 15 (недели) x 0,03 (поени за ч. вежби) = | 0,9 |
| | **Вкупно:** | **10,8** |
| | **2011 / 2012 година, зимски семестар:** | |
| 1 | Практикум по албански јазик 1 (наставна) (2+2)<br>4 (ч. неделно) x 15 (недели) x 0,03 (поени за ч. вежби) = | 1,8 |
| 2 | Практикум по албански јазик 1 (ПиТ - мајчин) (2+2)<br>4 (ч. неделно) x 15 (недели) x 0,03 (поени за ч. вежби) = | 1,8 |
| | Правопис на албанскиот јазик (2+2) | |

| | | |
|---|---|---|
| 3 | 4 (ч. неделно) x 15 (недели) x 0,03 (поени за ч. вежби) = | 1,8 |
| 4 | Лексикологија на албанскиот јазик 1 (2+2)<br>4 (ч. неделно) x 15 (недели) x 0,03 (поени за ч. вежби) = | 1,8 |
| 5 | Граматика на албанскиот јазик 3 (ПиТ - мајчин) (2+2)<br>4 (ч. неделно) x 15 (недели) x 0,03 (поени за ч. вежби) = | 1,8 |
| | **Вкупно:** | **9** |
| 1 | **Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа од 2010 до 2011 година**<br>31 (кандидати) x 0.1 = 3.1 | **3,1** |
| | **Вкупно:** | **67** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | **Назив на активноста:** | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Одбранет магистерски труд на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје на 23. 05. 2008 година:<br>***Социјалните варијанти на албанските струшки говори и меѓујазичната интерференција (кај еднојазичните, двојазичните и повеќејазичните говорители)*** | 4 |
| 2. | Одбранета докторска теза во Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје на 24.11. 2011 година:<br>***Албанските говори од струшкиот регион (во балкански контекст)*** | 8 |
| | **Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник:** | |
| 1 | ***Другиот на македонски контекст***, Годишен зборник на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Филолошки факултет "Блаже Конески", Книга 29, Скопје, 2003. | 2 |
| 2 | ***Јазични контакти на балканските простори*** Годишен зборник на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Филолошки факултет "Блаже Конески", Книга 33, Скопје, 2007. | 2 |
| 3 | ***Психолингвистичка анализа кај еднојазичните, двојазичните и повеќејазичните говорители***, Годишен зборник на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје, Книга 35, Скопје, 2009. | 2 |
| 4 | ***Албанските говори од струшкиот регион (во балкански контекст*** *(заклучок од докторска дисертација)*, Годишен зборник на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје, Книга 37, Скопје, 2011. | 2 |
| | **Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир:** | |
| 1 | ***Përvoja e Strugës në proceset e integrimit gjuhësor*** Aktet, Revistë shkencore e Institutit Alb-Shkenca,Tiranë, 2008 | 2 |
| 2 | ***Vendi i të folmes së Strugës dhe të Ohrit mes dialekteve të gjuhës shqipe***, Përmbledhjet e punimeve shkencore të Takimit të Pestë të Institutit Alb-Shkenca, Tiranë, 02-05 Shtator, 2010. | 2 |
| 3 | ***Psikologjia gjuhësore te folësit njëgjuhësh, dygjuhësh dhe shumëgjuhësh***, Aktet, Revistë shkencore e Institutit Alb-Shkenca, vëll. III, Nr.4, 2009, Tiranë – Prishtinë – Shkup, 2010. | 2 |
| 4 | ***Disa dukuri gjuhësore dhe jashtëgjuhësore në të folmet e qarkut të Strugës***, Studiuesit shqiptarë në rrjedhat e shkencës botërore, Takimi IV vjetor i Institutit Alb-Shkenca, Tetovë, 31.08 - 02.09.2009. | 2 |
| | ***Shtrirja dialektore e fjalës dhe përzgjedhja e formës normative,*** | |

| | | |
|---|---|---|
| 5 | Konferenca Shkencore Mbarëshqiptare "Shqipja në etapën e sotme: politikat e përmirësimit dhe të pasurimit të standardit", Durrës, 15-17. dhjetor 2010, në bashkautorësi me A. Hamitin, http://albanologjia.com. (*Дијалектната распространетост на зборовите и изборот на нормативната форма,* Сеалбанска научна конференција "Албанскиот јазик во денешна етапа: политиките на подобрување и на збогатување на стандардот", Драч, 15-17. декември 2010 (во коавторство со А. Хамити). | 2 |
| | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во стручно/научно популарно списание со меѓународен уредувачки одбор** | |
| 1 | ***Tosk And Geg In The Spoken Albanian Of Struga***, Folia linguistica et litteraria, Nikšić, 2011. | 3 |
| | **Вкупно:** | **33** |

| | | |
|---|---|---|
| **Дејности од поширок интерес:** | | |
| 1 | **Член на уредувачки одбор на научно/стручно списание:** Издавачки совет за издавачката дејност на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје (според одлуката на 25.12. 2008 год.) | 0,5 |
| | **Член на факултетска комисија:** | |
| 1 | Комисија за попис на библиотечниот фонд (според решението на 3.11.2008 год.) | 0,5 |
| 2 | Дисциплинска комисија (според одлуката на 27.4.2009 год.) | 0,5 |
| 3 | Комисија за евалуација на ЕКТС - програмите | 0,5 |
| 4 | Рецензентска комисија за оценување на училишни книги за албански јазик за VII одд. (решение од 11.5.2009) | 0,5 |
| 5 | Комисија за упис и запишување на студенти во учебните 2008/09 и 2009/10 година (според одлуката на 9.7.2008 год. и од 18.8.2009 год.) 2 x0,5=1 | 1 |
| 6 | Комисија за награден конкурс за доделување на наградата "Блаже Конески" по повод патронатот на Филолошкиот факултет (според одлуката на 29.10.2008) | 0,5 |
| 7 | Комисија за инвентар на Факултетот | 0,5 |
| | **Вкупно:** | **4,5** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **67** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **33** |
| **Дејности од поширок интерес** | **04,5** |
| | |
| **Вкупно:** | **104,5** |

Членови на Комисијата

1. Д-р Аслан Хамити, претседател, с.р.

2. Д-р Хаки Имери, член, с.р.

3. Д-р Агим Пољоска, член, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА
# НА УЧЕБНОТО ПОМАГАЛО
# "ЕНДОСКОПИЈА И БРОНХОСКОПИЈА НА ПЛАСТИНИРАН МОДЕЛ ОД КУЧЕ" ОД АВТОРИТЕ Д-Р ВЛАТКО ИЛИЕСКИ, Д-Р ПЛАМЕН ТРОЈАЧАНЕЦ, Д-Р ЛАЗО ПЕНДОВСКИ И М-Р КСЕНИЈА ИЛИЕВСКА

Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје донесе одлука за формирање на Рецензентска комисија за учебното помагало „Ендоскопија и бронхоскопија на пластиниран модел од куче" во следниот состав:

- проф. д-р Вања Крстиќ, редовен професор на Факултетот за ветеринарна медицина при Универзитетот во Белград
- проф. д-р Владимир Петков, редовен професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје,

со задача да изврши рецензија на ракописот „Ендоскопија и бронхоскопија на пластиниран модел од куче" од авторите д-р Влатко Илиески, д-р Пламен Тројачанец, д-р Лазо Пендовски и м-р Ксенија Илиевска. По прегледот на доставениот материјал, го поднесувам следниов

## ИЗВЕШТАЈ

1. Наслов: "Ендоскопија и бронхоскопија на пластиниран модел од куче"
2. Автори: д-р Влатко Илиески, д-р Пламен Тројачанец, д-р Лазо Пендовски, м-р Ксенија Илиевска.
3. Предметни програми: клиничка анатомија на животните, општа хирургија со анестезиологија и специјална хирургија со ортопедија.
4. Области: анатомија на животни, хиругија, ортопедија.
5. Студиска програма: ветеринарна медицина.
6. Семестар на студии: V, VIII, IX
7. Фонд на часови: клиничка анатомија на животните 30 (15+15), општа хирургија со анестезиологија, 90(45+45) и специјална хирургија со ортопедија 150 (90т+60п)
8. Кредитни поени: клиничка анатомија на животните 3.0, општа хирургија со анестезиологија 6.0 и специјална хирургија со ортопедија 5.5
9. Приложениот ракопис е во согласност со наставната програма на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје.
10. Одлука број 03-3948/4-2 од 31.10.2011 година, на Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, на својата редовна седница, по предлог на Комисијата за издавачка дејност на Факултетот за ветеринарна медицина.
11. Се работи за прво издание.
12. Нема објавено сличен учебник на Факултетот.

### Опис и оцена на содржината

Учебното помагало "Ендоскопија и бронхоскопија на пластиниран модел од куче" е првиот материјал кој се занимава со оваа проблематика и целосно одговара на насловот, кој примарно е наменет за студентите по ветеринарна медицина за изведување на вежбите по предметите клиничка анатомија на животните, општа хирургија и анаестезиологија и специјална хирургија со ортопедија. Изработено е во форма на компјутерска интерактивна програма со 29 слајда, во кои се инкорпорирани вкупно 34 линкови и 14 кратки

видеопрезентации. Линковите поврзуваат 20 текстови кои детално ги објаснуваат процедурите на ендоскопија на одделните органи на дигестивниот и респираторниот систем како и текстови за постапките на пластинација.

1. **Вовед**

Во воведот се прикажани идеите и целите за изработка на овој ЦД-ром, како и техниката на пластинација на моделот од куче. Ваквиот пристап за изработката на пластиниран препарат обезбедува високо и квалитетно образование во ветеринарната и хуманата медицина преку имплементирање на директивите на ЕУ и конвенцијата за заштита на животни кои се користат за научни и едукативни цели.

2. **Изработка на пластиниран модел**

Во овој дел се опишани постапките на пластинација со примена на стандардната силикон S-10 процедура заедно со начинот на фикасција на пластинираните органи за скелетот на кучето. Објасната е анатомската поставеност на органите според топографската анатомска положба.

3. **Цели и индикации на ендоскопија**

Во овој дел од учебното помагало се прикажани со видеолинкови бронхоскопија, гастродуоденоскопија и колоноскопија на пластираниот модел преку паралелно следење на светлосниот извор од ендоскопот и визуелно набљудување на морфолошката структура на респираторниот и гастроинтестиналниот тракт на мониторот од ендоскопскиот столб. Одделно се прикажани компаративно бронхоскопија и езофагогастроскопија на пластиниран модел и живо животно.

4. **Предности и негативности на ендоскопија**

Во последниот дел од учебното помагало се наведени предностите и негативностите на ендоскопијата, како единствена процедура која овозможува директен визуелен преглед на луменот на респираторниот и гастроинтестиналниот систем. Како основна предност на учебното помагало во едукацијата е наведена можноста за користење на пластинираните препарати токму поради нивната трајност, можност за манипулација како и пристапот до најоддалечените делови од гастроинтестиналниот и респираторниот систем.

**Општа педагошка оцена**

Учебното помагало „Ендоскопија и бронхоскопија на пластиниран модел од куче" ги опфаќа основните поглавја за стекнување на основни познавања од клиничката анатомија на животните и хирургија наменето за студентите по ветеринарна медицина. Учебникот содржи илустративен материјал неопходен за разбирање на обработените содржини, кој ќе им овозможи на студентите поврзување на базичните познавања од анатомијата и хирургијата на домашни миленици. Посебна вредност на учебното помагало му дава инкорпорирањето на споредбена анатомија на пластиниран препарат со анатомијата на живо животно.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Учебното помагало со наслов „Ендоскопија и бронхоскопија на пластиниран модел од куче", од авторите д-р Влатко Илиески, д-р Пламен Тројачанец, д-р Лазо Пендовски и м-р Ксенија Илиевска, е прв наслов кој ги обработува медицинските теми за примената на ендоскопски и бронхоскопски процедури врз анимален модел од куче кое воедно претставува соодветна замена за живо животно. Како такво е вреден придонес за македонската медицинска литература од ветеринарното поле. Опфаќа важни процедури кои се дел од задолжителниот курикулум на студентите по ветеринарна медицина и претствува неопходна литература за предметите клиничка анатомија на животните, општа хирургија со анестезиологија и специјална хирургија со ортопедија.

Заклучам дека учебното помагало претставува одличен инструмент за едукација при практичната обука на студентите за примената на ендоскопските и бронхоскопски испитувања врз анимален модел од куче.

Земајќи го во предвид горeизнесеното, предлагам учебното помагало со наслов „Ендоскопија и бронхоскопија на пластиниран модел од куче" да се печати како учебно помагало на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје.

**Рецензент**

**Проф. д-р Владимир Петков,**
*Факултет за ветеринарна медицина - Скопје,*
*Универзитет „Св. Кирил и Методиј"* во Скопје с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА
# НА УЧЕБНОТО ПОМАГАЛО
# "ЕНДОСКОПИЈА И БРОНХОСКОПИЈА НА ПЛАСТИНИРАН МОДЕЛ ОД КУЧЕ" ОД АВТОРИТЕ Д-Р ВЛАТКО ИЛИЕСКИ, Д-Р ПЛАМЕН ТРОЈАЧАНЕЦ, Д-Р ЛАЗО ПЕНДОВСКИ И М-Р КСЕНИЈА ИЛИЕВСКА

Врз основа на одлуката на Наставно-научниот на Факултетот за ветеринарна медицина при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, со број 03-3948/4-2 , донесена на 31.10.2011 одредена е Комисија за рецензија на учебното помагало „Ендоскопија и бронхоскопија на пластиниран модел од куче" во следниот состав:

1. проф. д-р Вања Крстич, редовен професор на Факултетот за ветеринарна медицина при Универзитетот во Белград
2. проф. д-р Владимир Петков, редовен професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје,

да извршат рецензија на ракописот „Ендоскопија и бронхоскопија на пластиниран модел од куче" од авторите д-р Влатко Илиески, д-р Пламен Тројачанец, д-р Лазо Пендовски и м-р Ксенија Илиевска. По прегледот на доставениот материјал, проф. д-р Вања Крстич го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Ми претставува особено задоволство да го рецензирам материјалот подготвен на ЦД-ром под наслов: „Ендоскопија и бронхоскопија на пластиниран модел од куче" од авторите д-р Влатко Илиески, д-р Пламен Тројачанец, д-р Лазо Пендовски и м-р Ксенија Илиевска. Авторите се потрудиле на современ начин и во современа форма да ги соединат основите поими, постапки и принципи кои се применуваат во ветеринарната анатомија и хирургија.

Содржината изнесена во овој ЦД-ром целосно одговара на насловот кој примарно е наменет за студентите по ветеринарна медицина за изведување на вежбите по предметите клиничка анатомија на животните, општа хирургија со анестезиологија и специјална хирургија со ортопедија, а воедно претставува дополнително практично едукативно помагало на ветеринарните стручњаци во нашата земја. Според тоа, ракописот „Ендоскопија и бронхоскопија на пластиниран модел од куче" ќе биде наменет, пред сè, за студентите по ветеринарна медицина, но и за ветеринарните практичари.

## КУС ПРИКАЗ НА УЧЕБНОТО ПОМАГАЛО

Учебното помагало „Ендоскопија и бронхоскопија на пластиниран модел од куче", од авторите д-р Влатко Илиески, д-р Пламен Тројачанец, д-р Лазо Пендовски и м-р Ксенија Илиевска, е првиот материјал кој се занимава со оваа проблематика. Направен е во форма на компјутерска интерактивна програма со 29 слајда, во кои се инкорпорирани вкупно 34 линкови и 14 кратки видеопрезентации. Линковите поврзуваат 20 текстови, кои детално ги објаснуваат процедурите на ендоскопија на одделните органи на дигестивниот и респираторниот систем, како и текстови за постапките на пластинација. Секој слајд има прецизно и јасно конципиран линк, со концизен и јасен приказ на суштинските елементи, преку голем број илустрации во боја и видеопрезентации. Ваквиот интерактивен пристап на учебното помагало му дава можност за лесна употреба, а секој текст кој може да се отпечати ќе може да се користи за учење.

Во првата секција, во неколку слајда се прикажани идеите и целите за изработка на овој ЦД-ром, како и техниката на пластинација на моделот од куче со стандардна силиконска метода. Ваквиот пристап за изработката на пластиниран препарат се обезбедува високо, квалитетно, и пред сè хумано образование во ветеринарната и хуманата медицина преку имплементирање на директивите на ЕУ и конвенцијата за заштита на животни кои се користат за научни и едукативни цели. Понатаму, опишани се постапките на пластинација со модификација на стандардната силикон S-10 процедура, во 4 фази, како и фиксација на пластинираните органи за скелетот во природната анатомска положба.

Во продолжение, прикажани се целите и индикациите за ендоскопија како процедура, која примарно може да послужи како во дијагностички така и во терапевтски цели. Во неколку слајдови, со видеолинкови прикажани се бронхоскопија, гастродуоденоскопија и колоноскопија на пластираниот модел преку паралелно следење на светлосниот извор од ендоскопот и визуелно набљудување на морфолошката структура на респираторниот и гастроинтестиналниот тракт на мониторот од ендоскопскиот столб. Како посебен дел од учебното помагало, преку видеолинкови прикажани се бронхоскопија и езофагогастроскопија на пластиниран модел и живо животно, нивна компарација и ефикасност.

Во последниот дел од учебното помагало се наведени предностите и негативностите на ендоскопијата, како единствена процедура која овозможува директен визуелен преглед на луменот на респираторниот и гастроинтестиналниот систем. Иако се смета за безбедна и минимално инвазивна процедура, таа се изведува кај животни исклучиво во целосна анестезија со претходна нивна подготовка. Како основна предност на учебното помагало во едукацијата е наведена можноста за користење на пластинираните препарати токму поради нивната трајност, можност за манипулација, како и непречен пристап до непристапните делови од гастроинтестиналниот и респираторниот систем.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од погоре изнесеното, можам да заклучам дека учебното помагало претставува одлична алатка која ќе придонесе за практичната обука во примената на ендоскопските и бронхоскопски испитувања на анимален модел од куче кое е соодветна замена на живо животно. Сметам дека постои оправданост за објавување на трудот, бидејќи може да се користи за едукација на студентите по ветеринарна медицина, ветеринарните практичари и пошироко.

Земајќи го предвид гореизнесеното, предлагам учебното помагало со наслов „Ендоскопија и бронхоскопија на пластиниран модел од куче", од авторите д-р Влатко Илиески, д-р Пламен Тројачанец, д-р Лазо Пендовски и м-р Ксенија Илиевска, да се печати како како учебно помагало на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје.

**Рецензент:**

Проф. д-р Вања Крстич, с.р.

*Факултет за ветеринарна медицина,*

*Универзитет во Белград*

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ПОДОБНОСТ НА ТЕМАТА ЗА ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА „КЛАРИНЕТОТ ВО МАКЕДОНСКАТА ЧАЛГИСКА ТРАДИЦИЈА" И ОСПОСОБЕНОСТ НА КАНДИДАТОТ М-Р ЉУПЧО ЧЕДОМИРСКИ ЗА НАУЧНА РАБОТА

Со одлука бр. 02-475 на Научниот совет на Институтот за фолклор „Марко Цепенков" во Скопје, донесена на седницата одржана на 29.12.2011 година, избрани сме за членови на Комисијата за оцена и подобност на пријавената тема за докторска дисертација под наслов **Кларинетот во македонската чалгиска традиција**, пријавена од м-р Љупчо Чедомирски. По извршениот преглед на доставената документација, содржината и образложението на темата, Комисијата го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Кратка биографија:**

Роден е на 11.6. 1981 година во Скопје.

Нижото и средното музичко образование ги завршил во МБУЦ „Илија Николовски - Луј" во класата на проф. Манол Јанев.

Дипломирал во 2004 година на Факултетот за музичка уметност, Отсек за кларинет, во класата на проф. м-р Иван Кочаров.

Активно партиципирал на мастер клас студии и приватни часови кај реномирани професори по кларинет.

Во 2008 година посетувал мастер клас за современа музика на Академијата за современи уметности во Грац, Австрија, во класата на проф. Ернесто Молинари.

Во 2009 година посетува мастер клас по кларинет на Факултетот во Острава, Чешка, кај професорите Карел Дохнал, Силвие Хју, Хорхе Монтиља, Игор Франтишак и Роналд Шебеста.

Во 2011 година гизавршил постдипломските студии на Факултетот за музичка уметност во класата на проф. м-р Иван Кочаров и се стекнал со звањето Магистер по кларинет.

Од 2005 година работи како кларинетист во оркестарот на Македонската филхармонија.

Во учебната 2005-2006 година е избран за демонстратор по кларинет на Факултетот за музичка уметност во Скопје, а во учебната 2006/2007 година работел како хонорарен професор по кларинет во Државниот музичко-балетски училишен центар (ДМУЦ) „Тодор Скаловски-Тетоец" во Тетово.

Од 2007 година е хонорарен професор по кларинет во ,ДМБУЦ „Илија Николовски - Луј“ во Скопје.

Во 2008 година го реализирал своето прво ЦД „French Fantasy“ за кларинет и пијано (воедно тоа е првото ЦД со класична музика за кларинет од осамостојувањето на Македонија), а во 2010 година го реализирал своето второ ЦД „Macedonian Composers“, со кое влегува во историјата како прв кларинетист кој што реализирал ЦД за кларинет со македонски композитори.

Има повеќегодишна активна изведувачка дејност како солист и како инструменталист во повеќе музички состави: „Македонска филхармонија”, „Музичка младина на Македонија“, Ансамбл за современа музика „АЛЕА“, Дуо „ДК”, „Mouving Art“ квинтет, Градски дувачки оркестар на град Скопје, Ансамбл „Кочо Рацин“ - Скопје и др. Со тие состави има изведувано музика од различни музички жанри и има реализирано голем број концерти во земјата и странство, аудио-видео снимки и телевизиски настапи.

Добитник е на повеќе награди и признанија по кларинет и по камерна музика.

**Оцена на подобноста на темата на докторската дисертација:**

Од содржината и образложението на темата може да се види дека проучувањата ќе се базираат врз постојни истражувања од областа на етномузикологијата/етноорганологијата, а посебен предизвик е местото и улогата на еден од водечките инструменти во чалгиските инструментални состави без кои не можел ниту во минатото ниту во современото егзистирање да се долови чалгискиот призвук, а тоа е кларинетот како инструмент кој со својот карактеристичен музички израз, техника на изведба и силина на тонови нуди можност за доминација како водечки инструмент во изведувачкиот состав и сл.

Досегашните истражувања покажуваат дека во Македонија досега не е изработен труд кој во целост би ја истражил употребната вредност на кларинетот во македонската чалгиска традиција. Фрагментарноста во досегашните проучувања исклучиво се осврнуваат врз презентирање на дел од општите карактеристики на македонската чалгиска традиција, а тоа е и главната причина, како извонреден инструменталист-кларинетист, за понатамошните истражувања на кандидатот да пристапи кон изработка на докторска дисертација за Кларинетот во македонската чалгиска традиција. Музичкиот репертоар, истакнува кандидатот, влијае врз конечниот музички изглед на еден чалгиски оркестар, при што укажува и на некои основни трансформации во *начинот на изведбата* на чалгиската музика во минатото и денес, а како причина за тоа ги наведува неколкуте фактори, и тоа: глобалната и локалната култура, општественото, социјалното, економското и комуникациското опкружување, притоа служејќи се со современи истражувања на светски познати истражувачи како што се Ричард Мидлтон (Middleton 1990), за популарната музика и Филип В. Болман (Bohlman 1988), за фолклорната музика во модерниот свет.

Значи, поаѓајќи од некои поранешни стандардни пристапи кон улогата на кларинетот во чалгиската традиција, кандидатот предлага да направи преглед на некои од најважните досегашни истражувања на полето на македонската чалгиска

традиција, а со тоа и кон класификација на чалгиската музика за на крајот да ја изложи својата идеја за нов пристап кон етномузиколошките податоци:

- формирање на дигитална секундарна база на податоци за македонската чалгиска музика во која е употребен инструментот кларинет;
- формирање на дополнителна терцијарна база од селективни анализирани примери;
- утврдување на зависноста од обликувањето на македонската чалгиска музика од факторите на опкружувањето;
- продлабочување на методологијата за истражување на фолклорот и популарните жанри и сл.

Комисијата, согласно со мислењето на кандидатот, предлага работната содржина на докторската теза да биде подредена во три главни наслови (во кои ќе следат нивните внатрешни поделби во поднаслови), формирани на следниов начин:

**Вовед**

**1. Преглед за развојот на чалгиската традиција.**
Во овој дел од дисертацијата, кандидатот преку хронолошки и еволутивен пресек ќе се задржи на досегашните истражувања на полето на чалгиската традиција која се развивала во македонските градови, па и пошироко на Балканот.

**2.** Во втората глава на трудот под наслов **Улогата на кларинетот во чалгиската традиција** ќе бидат истакнати техничките и интерпретациските карактеристики на кларинетот, а ќе се зборува и за репертоарот на кларинетот во чалгиската музика. Значи, во рамките на ова поглавје ќе биде елаборирана употребата на кларинетот преку три нејзини компоненти:

1. инструмент - техничките карактеристики на кларинетот;
2. инструменталист - интерпретациски карактеристики на кларинетот;
3. репертоар - при изборот на материјалот ќе бидат застапени најрепрезентативните нотни примери во кои кларинетот ја има главната (водечката) улога на инструментална изведба од чалгиските оркестри низ Републиката.

**3.** Во третата глава: **Анализа на чалгиските инструментални мелодии** ќе биде направена музичка анализа на чалгиските инструментални мелодии, изразена преку *метарот*, *ритамот*, *тоналитетот* и *формите* на истражуваните музички примери, со цел да се истакнат музичко-дијалектните специфики и вредности на македонската чалгиска традиција, сето тоа изразено преку водечката улога на кларинетот.

Во продолжение на трудот, кандидатот поместува:

**4. Заклучок**
**5. Резиме на англиски јазик**
**6. Библиографија**
**7. Прилози** ( *нотни примени, регистри, илустрации и др.)*
**Заклучок**

Теоретско-методолошкиот пристап се базира врз повеќе традиционални и современи методи и пристапи на истражување од страна на домашните и странските истражувачи (што е забележливо од приложената богата библиографија кон експликацијата), чиишто научни резултати ќе му послужат на кандидатот како солидна база трудот да ја постигне својата поставена крајна цел. Ваквата структурна и методолошка поставеност на содржината е соодветна на предметот на истражување. Таа овозможува поцелосен увид во генезата, развојот, обележјата и спецификите на кларинетот во чалгиската традиција. Овој избор е оправдан, бидејќи станува збор за еден репрезентативен сегмент кој содржи музичко-дијалектни специфики на чалгиските оркестри во Република Македонија, изразен преку инструментот кларинет.

Комисијата смета дека содржината на темата: **Кларинетот во македонската чалгиска традиција,** од кандидатот м-р Љупчо Чедомирски, формулирана на овој начин е соодветна на предметот на истражување. Дополнувањата што сигурно ќе се појават во текот на работата нема значително да влијаат врз основната концепција.

Од сето ова може да се заклучи дека изборот на темата, како и методолошките основи на планираното истражување, во целост соодветствуваат на нивото и барањата на една докторска дисертација. Врз основа на изнесеното, Комисијата има чест да му предложи на Научниот совет на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ во Скопје да ја прифати темата **Кларинетот во македонската чалгиска традиција** од кандидатот м-р Љупчо Чедомирски како подобна за изработка на докторска дисертација.

10. 1.2012,
Скопје

Членови на Рецензентската комисија
1. Проф. д-р Родна Величковска, Институт за фолклор „Марко Цепенков“ - Скопје с.р.

______________________

2. Проф д-р Бојан Ортаков,
Факултет за музичка уметност - Скопје с.р.

______________________

3. Проф д-р Владимир Талевски, Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје с.р.

______________________

**РЕЦЕНЗИЈА**

ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКИОТ ТРУД **ВЛИЈАНИЕТО НА ГРУПНАТА ДИНАМИКА ВРЗ ОСТВАРУВАЊЕТО НА ЦЕЛИТЕ ВО ГРУПНАТА СОЦИЈАЛНА РАБОТА,** ИЗРАБОТЕНА ОД **М-Р МИРОСЛАВ ПЕНДАРОВСКИ,** ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот Совет на Филозофскиот Факултет во Скопје на својата XXIII редовна седница одржана на 22.12.2010 г. не избра како комисија за оцена на докторскиот труд под наслов , ***ВЛИЈАНИЕТО НА ГРУПНАТА ДИНАМИКА ВРЗ ОСТВАРУВАЊЕТО НА ЦЕЛИТЕ ВО ГРУПНАТА СОЦИЈАЛНА РАБОТА*** предложен од кандидатот м-р Мирослав Пендаровски

Комисијата во состав проф. д-р Мариа Доневска, проф. д-р Благоја Јанаков, проф. д-р Сузана Борнарова, доц. д-р Светлана Трбојевиќ и доц. д-р Иван Трајков, откако го прегледа и внимателно го проучи докторскиот труд, има чест да го достави следниов

**Извештај**

за докторскиот труд под наслов, ***ВЛИЈАНИЕТО НА ГРУПНАТА ДИНАМИКА ВРЗ ОСТВАРУВАЊЕТО НА ЦЕЛИТЕ ВО ГРУПНАТА СОЦИЈАЛНА РАБОТА,*** изработен од кандидатот м-р Мирослав Пендаровски

Докторската дисертација претставува еден од ретките трудови во нашата земја кои го третираат проблемот на еден од основните методи во социјалната работа-социјална работа со група. Значењто на овој метод потврдува и фактот, што тој е предмет на обука од 1955 година во наставните планови на сите школи за социјална работа, и е практикуван во многу земји. Сепак во Македонија повеќе доминира класичната

социотерапија или социотерапија заснована врз новите правци во психологијата, најчесто применувана во психолошката практика.

## Структура на трудот

Научниот труд е презентиран на 560 страници компјутерски обликуван текст , со бројни слики и графички прикази. Библиографија, што ја користел кандидатот за изработка на трудот, содржи над 120 единици. Во рамки на користените извори можеме да сретнеме претежно странска литература,научно стручни списанија и монографски единици.

Докторската дисертација поднесена од м-р Мирослав Пендаровски претставува значајна научна студија, која во голема мера ќе придонесе во утврдување на најновите сознанија во групната социјална работа. Направените анализи ,толкувања и предлози ќе најдаат своjата примена во едукација на студентите и лицата вработени во установите од социјална заштита, здравство, образование и други подрачја.

Трудот се состои од 9 целини, разработени во посебни поглавја. Содржината на главите и поглавјата соодветствуваат на насловите. Запазени се и соодветни пропорции помеѓу главите и поглавјата. Воведот е мошне концизен и ги опфаќа сите релеванти информации од мериторен и методолошки домен. Во дисертацијата исто така се запазени техничките и формалните барања, со кои се одликува еден научен труд.

## Метод на обработка

Авторот своето внимание го насочува кон теоретско истражување на групната динамика и нејзиното влијание врз остварување на целите во групната социјална работа. Оттука во трудот се користени аналитички, полемички и компаративно- критички анализи на соодветната литература. Исто така, во трудот се приложени интересни примери од практиката во користење на методот групна социјална работа. Независно од тоа што секоја глава претствува посебна целина, трудот е компониран така што

хипотетичките ставови се анализираат низ целиот труд, што пак дава можност да се воочат сите релевантни аспекти на заземените тези. Авторот смело формулира одредени заклучоци кои аргументирано, со дескриптивни дообјаснувања и примери од сопствената пракса, ги потврдува. Сепак генерално во поставувањето на своите тези кај авторот преовладува пристапот *айриори* што може да се оцени како резултат на продлабочено познавање на стручната и научната литература.

## Мериторна оценка со дискусија на централните ставови

Како што веќе споменавме, трудот има два дела, методолошки и теоретски- кој се состои од пет глави меѓусебно поврзани .

Авторот зазема хипотетички став дека **групната динамика преку сите свои димензии влијае на/врз остварување на целите во групната социјална работа**

На анализата на централниот проблем- **групната динамика,** и предходи одговор на прашањето што е група, кои се видовите на групи, кои групи ги нарекуваме третмански? Врз основа на сознанија од тие делови на трудот, авторот го разработува концептот на групна динамика, а понатаму и посебните димензии на истата.

Во првата глава од теоретскиот дел авторот го презентира поимот група, групна работа и групна социјална работа. За самата група постои многу богата литература која ја посочува авторот концентрирајќи се на три основни определби- како е формирана групата, како функционира, како се опишуваат социјалните интеракции кои се случуваат на патот кон формирање на групата. Во истата глава се бара одговор на прашањето за суштината на групната работа, нагласувајќи го нејзиниот мултидисциплинарен, широкоопфатен и мултидимензионален карактер (стр 37). Анализирајќи ги принципите на групната работа, авторот го презентира предлогот на познатата теоретичарка Г. Конопка, додека

начелата ги определува според загребската теоретичарка М. Ајдуковиќ (стр 57).

Многу важна е анализата за целите на групната работа, кои впрочем се и еден од клучните поими во целиот докторат, која е упатена на групните и личните цели од една страна и тие кои се насочени на решавање на социјалните проблеми и заштита на менталното здравје од друга.

Авторот слично постапува и презентирајќи ги фазите на групната социјална работа, при што смета дека треба да се согласиме на постоење на три големи фази во работата- почетна, средна и завршна. Според нашето искуство, фазата на стормирање (бура) посочена од познатиот, во проучуваната област, Б. Такман (стр. 70) има децидно значење во нормирањето на групните односи и може да се дискутира за посебност на таа фаза. Главата завршува со дискусии околу групната социјална работа како научна дисциплина, нејзиниот историски развој и влијанијата кои допринеле за нејзина појава.

Во втората глава авторот ги анализира видови групи во групната социјална работа. Поделбите се презентирани соред Таузленд и Ривас (Toseland, Rivas ), Петерсон (Petterson), Берчер (Bertcher), Застров (Zastrow) Сметаме дека тој дел од трудот е мошне обемен и може да се ограничи до само неколку класификации.

Во главата II-3 посебно внимание е посветено на третманските групи, бидејќи токму тие се карактеристични за групната социјална работа. Имено, како што пишува во воведот, авторот на трудот, третманските групи за својата цел го имаат задоволувањето на низа потреби на членовите на група, се основа за групната работа на полето на личната промена и личен развој. Според Таузленд и Ривас (Toseland i Rivas) третманските групи се делаат на групи за поддршка, едукативни групи, групи за личен развој, тераписки групи и групи за социјализација. М-р М. Пендаровски со право ги елиминира едукативните групи од горе посочениот список и дава соодветни аргументи за тоа (стр 178).

Четвртата глава (II-4) од теоретскиот дел нуди едно богатство на мисли анализирани во делата на врвни социјални психолози и методичари

од областа на групната социјална работа, кои се однесуваат на групната динамика. Авторот забележува дека групната динамика, *како систем на односи, процеси, активности, не може едноставно и доволно концизно да се определи со оглед на богатството на елементи кои ја сочинуваат* (стр. 197). Поради тоа предлага специфирање на одделни елементи на групниот процес, што го прави во наредното поглавје. Користејќи ги анализите на познатите автори, ги презентира базичните елементи на групната динамика и доаѓа до заклучок дека истите може да ги подели на структурални и динамички. Бидејќи предметот на докторската теза е ориентиран кон социјалниот фокус, вниманието во групната динамика треба да се определи на структурални димензии, како што се: односи, норми, структура, комуникација, улоги, кохезија, притисок, моќ, поддршка итн.

Токму посебните димензии на групната динамика се предмет на последната, петта глава на трудот. Тој дел претствува неопходен извор на знаења за практичарите на групната социјална работа.

Понудените 342 страници текст се самите по себе доволни за еден докторат кој, според актуелните барања (кои се поставуваат за овој вид на научен труд), е малку преобемен.

Авторот ја отпочнува последната глава со анализа на групната структура, а продолжува со анализа на комуникацијата и интеракцијата во групата, со цел да ги презентира, главните улоги во групната работа. Овде можеме да му предложиме на авторот потреба од едно кратко резиме на поглавието за улогите во групната работа. Имено од практика знаеме дека диференцјација на групните улоги зависи од проблемот кој ја обединува групата, што треба посебно да се нагласи.

Сите елементи на групната динамика се важни, *сепак комуникациските и интеракциските процеси се есенцијални за групна работа општо и групна динамика посебно* (стр 296), од едноставна причина потенцирана кај повеќе автори, дека токму комуникацијата и интеракцијата во групата е најважно средство за социјалното учење. Тој дел во дисертацијата е презентиран на околу 50 страици и збогатен со посебно интересни примери од праксата.

По исцрпна и неопходна анализа на групните улоги, анализирани се нормите и односите во групата, кохезијата, притисокот и моќта. Понатаму следува феноменот- поддршка, фокусирањето на задачи, групните функции и значењето на водачот на групата.
Групната кохезија е мошне значаен сегмент на севкупната групна динамика. Повеќе автори ја сметаат за најважен елемент на динамиката од кој потоа произлегуваат сите други. Кандидатот презентира мислења на голем број стручни лица за значењето на кохезијата, посочувајќи ги нејзините психолошки и социјални димензии.

Последното поглавје во докторската дисертација е посебно важно од дидактичка гледна точка во едукацијата на водачи на групите. Авторот, исто така и тој фактор на групна динамика го анализира сестрано, почнувајќи од карактеристиката на одлики на терапевти, модели на водство, стилови на раководење и вештини неопходни за групната работа.

Начинот на кој што се спроведени анализите за димензиите на групната динамика даваат посебна тежина на овој труд и покажува дека авторот има богато практично искуство во третманските групи.

Како што самиот автор нагласува, во трудот е презентирана *сублимација на досегашни теоретски сознанија (557) кои дозволуваат да се констатира дека хипотезата поставена во дисертацијата е потврдена.*

## Оценка и предлог

Докторската теза на кандидатот покажува дека авторот беспрекорно ја познава проучуваната материја, слободно се движи во различни области од психолошки, социјален и методски домен. Кандидатот покажува завидно познавање на предметната литература од влијателни автори и нивните толкувања. Смело и аргументирано ја брани својата хипотеза. Посочува на нови, досега неанализирани релации, кои јасно го

отсликуваат значењето на групната динамика во сложениот процес на постигнување на социјалните цели. Докторската дисертација внесува нови сознанија во научната дисциплина **Социјална работа со група**. Поради тоа овој докторски труд е мошне значаен и оргинален и ги задоволува сите формални и суштински услови кои се потребни за негова одбрана. Затоа чест ни е на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет при Универзитет Св.Кирил и Методиј во Скопје да му предложиме да го прифати докторскиот труд од м-р Мирослав Пендаровски и да закаже негова јавна одбрана.

**Комисија**

Проф. д-р Мариа Доневска
Проф. д-р Благоја Јанаков
Проф. д-р Сузана Борнарова
Доц. д-р Светлана Трбојевиќ
Доц. д-р Иван Трајков

# РЕЦЕНЗИЈА
# НА РАКОПИСОТ „МАРКЕТИНГ НА УСЛУГИ" ОД АВТОРОТ ПРОФ. Д-Р СНЕЖАНА РИСТЕВСКА - ЈОВАНОВСКА

Со одлука на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје бр.0202-130/2, донесена на седницата одржана на 27.1.2012 определен сум за гецензент на ракописот со наслов „МАРКЕТИНГ НА УСЛУГИ" од проф. д-р Снежана Ристевска - Јовановска. По деталното проучување на добиениот ракопис, до Наставно - научниот совет на Економскиот факултет, го поднесувам следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Првото издание на учебникот „Маркетинг на услуги" од проф. д-р Снежана Ристевска – Јовановска, содржи 321 страница. Проблематиката опфатена во трудот, освен предговорот (од стр.8-9) и користената литература (од стр. 319-321), е систематизирана во 8 (осум) глави како што следува:

1. **Услуги и услужен сектор (стр. 11 - 60)**
2. **Потрошувачите како корисници на услугите (стр. 61 - 96)**
3. **Комуникациски микс на услугите (стр. 97 - 140)**
4. **Дистрибуција на услугите (стр. 141 - 182)**
5. **Ценовна политика на услугите (стр. 183 - 222)**
6. **Физички параметри (докази) (стр. 223 – 252)**
7. **Кадрите во услужната индустрија (стр. 253 - 286)**
8. **Продуктивност и квалитет на услугите (стр. 287 - 318)**

## I. Приказ на содржината на трудот

**Услуги и услужен сектор (стр. 11 - 60)** – во првата глава, авторката го објаснува концептот на услугите и значењето на услужниот сектор во современата економија, дефинирајќи ги услугите и определувајќи ги основните разлики меѓу производите и услугите. Во оваа глава авторката ги идентификува инструментите на маркетингот на услугите, врши класификација на услугите и ги обработува основните карактеристики на услугите.

Во втората глава од трудот, насловена **Потрошувачите како корисници на услуги (стр. 61-96),** авторката ги разработува факторите кои го детерминираат однесувањето на клиентите, фокусирајќи се на психолошките, социолошките и економските фактори кои влијаат врз нивното однесување. Понатаму, авторката ги обработува стратегиите и тактиките за таргетирање на целните клиенти, како и процесот на управување со проблемите поврзани со купувачите. Во оваа глава се обработува и концептот на задоволство на

потрошувачите и последователната лојалност кон услужните компании.

**Комуникациски микс на услугите (стр. 97-140)** е насловот на третата глава од трудот. На почетокот на оваа глава, авторката ги утврдува целите на комуникацискиот микс и начелата за ефективен комуникациски микс. Понатаму, детално се обработуваат одделните инструменти на комуникацискиот микс со кои се настојува ефективно да се исполнат комуникациските цели. Во рамките на оваа глава се врши преглед и на видовите медиуми и се објаснува процесот на избор на медиум на економската пропаганда. На крајот од третата глава, авторката нуди насоки за дизајнирање на комуникацискиот микс за услугите.

Четвртата глава од трудот е со наслов **Дистрибуција на услугите (стр. 141-182)** и се фокусира на оценување на алтернативните канали на испорака и на стратешките одлуки за продажните канали, подетално елаборирајќи го франшизингот. Во оваа глава се обработуваат и аспектите на локација на услужните компании и квантитативните методи за избор на локација.

**Ценовна политика на услугите (стр. 183-222)** е насловот на петтата глава, во која се разработуваат факторите на политиката на цени на услугите. Понатаму, авторката се фокусира на различните видови ценовни политики – ценовна политика базирана на трошоци, ценовна политика базирана на вредноста и ценовна политика базирана на конкуренцијата. Во оваа глава се обработуваат и други аспекти на ценовната политика, како што се намалување на монетарните и немонетарните трошоци, менаџмент на приходи итн.

**Физички параметри (докази) (стр. 223-252)** е насловот на шестата глава од овој труд, во која се истакнува стратешката улога на физичките параметри и се обработува психологијата на опкружувањето. Во оваа глава се обработуваат и внатрешните и индивидуалните одговори кон услужната средина. На крајот од оваа глава, авторката ги елаборира специфичните тактики за креирање услужна атмосфера.

Седмата глава од трудот носи наслов **Кадрите во услужната индустрија (стр. 253-286)** и се фокусира на значењето на кадрите во услужниот сектор, разработувајќи ги стратегиите за мотивирање и активирање на кадарот. Во оваа глава се обработуваат и круговите на неуспех, просечност и успех, како и процесот на обука на вработените во насока на поуспешно работење. На крајот од оваа глава, авторката го актуализира и прашањето на етичноста и методите за правење етичко решение.

**Продуктивност и квалитет на услугите (стр. 287-311)** е осмата глава од овој труд, во која авторката го истакнува значењето на продуктивноста на услужните компании во процесот на испорачување на задоволство на клиентите. Во оваа глава, авторката се фокусира на квалитетот на услугата и на јазовите на неуспех при неговото испорачување. Исто така, обработен е и процесот на управување со квалитетот на услугата и на градење информациски системи за квалитет.

## II. Оцена на трудот

Првото издание на учебникот „Маркетинг на услуги", од проф. д-р Снежана Ристевска – Јовановска, ќе претставува значаен придонес во збогатувањето на бизнис - литературата од оваа област. Во овој труд авторката на јасен и концизен начин ги објаснува и ги диференцира поимите услуги, комуникациски микс на услугите, дистрибуција на услугите, ценовна политика на услугите, физички параметри, кадри во услужната индустрија, продуктивност и квалитет на услугата. Стилот на пишување се карактеризира со јасно формулирани реченици, кои ја одразуваат суштината на елаборираното прашање. Во трудот се содржани бројни слики и табели кои ја поврзуваат теоријата и практиката на маркетингот, при што со нив се зголемува транспарентноста на текстот и заклучоците кои произлегуваат од практичните истражувања. Тоа несомнено покажува дека овој труд ќе предизвика интерес не само кај студентите, туку и кај маркетинг - менаџерите кои во своето секојдневно работење се занимаваат со проблематиката од областа на маркетингот. Дополнително, предвидениот ракопис во целост ја покрива наставната содржина за предметот маркетинг на услужни дејности – студиска програма маркетинг. Ракописот, исто така, може да послужи и за студентите запишани на втор циклус студии на студиската програма маркетинг.

Ракописот ги содржи сите компоненти неопходни за да биде категоризиран како постојан учебник за потребите на студентите на Економскиот факултет по предметот маркетинг на услужни дејности.

## III. Предлог

Поаѓајќи од презентираната содржина и оцените на понудениот ракопис од авторката проф. д-р Снежана Ристевска – Јовановска, имам пријатно задоволство да му препорачам на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје да го одобри насловот „Маркетинг на услуги" за користење од страна на студентите на Економскиот факултет во Скопје, по предметот: маркетинг на услужни дејности, **како постојан учебник** и истовремено го препорачувам за печатење.

Скопје, 27.1.2012

**РЕЦЕНЗЕНТ**

**Проф. д-р Димитар Граматиков, с.р.**

# РЕЦЕНЗИЈА НА РАКОПИСОТ „МАРКЕТИНГ НА УСЛУГИ" ОД АВТОРОТ ПРОФ. Д-Р СНЕЖАНА РИСТЕВСКА - ЈОВАНОВСКА

Со одлука на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје бр.0202-130/2 донесена на седницата одржана на 27.1.2012 определена сум за рецензент на ракописот со наслов „Маркетинг на услуги" од проф. д-р Снежана Ристевска - Јовановска. По деталното проучување на добиениот ракопис, до Наставно-научниот совет на Економскиот факултет, го поднесувам следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Првото издание на учебникот „Маркетинг на услуги" од проф. д-р Снежана Ристевска - Јовановска постигнува актуелност на обработуваната проблематика, презентирајќи ги современите светски трендови во оваа област. Трудот, во обем, се состои од 321 страници текст, бројни табели, слики и шематски прикази за појасно презентирање и совладување на обработуваната проблематика. Трудот, содржински, освен предговорот и литературата е структуриран во осум поглавја: **Услуги и услужен сектор (стр. 11 - 60); Потрошувачите како корисници на услугите (стр. 61 - 96); Комуникациски микс на услугите (стр. 97 - 140); Дистрибуција на услугите (стр. 141 – 182); Ценовна политика на услугите (стр. 183 - 222); Физички параметри (докази) (стр. 223 – 252); Кадрите во услужната индустрија (стр. 253 - 286); Продуктивност и квалитет на услугите (стр. 287 - 318).**

### I. Приказ на содржината на трудот

**Услуги и услужен сектор (стр. 11 - 60),** првото поглавје од овој труд, авторката логично го посветува на согледување на воведните елементи од концептот на маректинг на услуги. Притоа, авторката врши дефинирање и класифицирање на услугите, определувајќи ги нивните основни карактеристики. Понатаму, авторката ги разработува инструментите на маркетингот на услугите, фазите на развој и динамичната околина на услугите, основните разлики меѓу производите и услугите, како и основните и суплементарните елементи на услугите.

**Потрошувачите како корисници на услуги (стр. 61-96)** е второто поглавје на трудот, во кое авторката се фокусира на потрошувачите и на факторите кои влијаат врз нивното однесување во рамките на услужниот сектор. Притоа, авторката го објаснува и процесот на таргетирање на целни клиенти, постигнување задоволство и лојалност на потрошувачите, како и управувањето со проблемите поврзани со потрошувачите.

Насловот на третото поглавје од трудот е **Комуникациски микс на услугите (стр. 97-140),** во кој се разработени промотивните аспекти од маркетинг - миксот на услугите. Притоа, во оваа глава се

објаснуваат начелата за ефективен комуникациски микс, инструментите на комуникацискиот микс и целите кои треба да бидат остварени. Во ова поглавје, исто така, се обработува и процесот на избор на медиуми на економска пропаганда и на дизајнирање на комуникациски микс за услуги. На крајот од оваа глава се обработуваат и алтернативните техники на комуникацискиот микс.

**Дистрибуција на услугите (стр. 141-182)** е насловот на четвртото поглавје на трудот, во кое авторката го објаснува процесот на оценување на алтернативните канали на испорака, како и на меѓународна дистрибуција на услугите. Понатаму, во ова поглавје, авторката го обработува франшизингот како алтернативен начин на дистрибуција и ги обработува квантитативните методи за избор на локација на услужните компании.

Петтото поглавје е насловено **Ценовна политика на услугите (стр. 183-222)** и ја обработува политиката на носење на ценовните одлуки во услужниот сектор. Ова поглавје се фокусира на факторите кои се пресудни при водење на политиката на цени на услугите, која се разгледува како ценовна политика базирана на трошоци, ценовна политика базирана на вредноста и ценовна политика базирана на конкуренцијата.

Шестото поглавје од овој труд е насловено **Физички параметри (докази) (стр. 223-252)**, во кое се обработуваат аспектите на окружувањето во услужниот маркетинг, истакнувајќи го стратешкото значење на физичките параметри. Понатаму, авторката го разработува СОО моделот кој се однесува на психологијата на окружувањето и се фокусира на специфичните тактики за креирање на услужна атмосфера.

**Кадрите во услужната индустрија (стр. 253-286)** е насловот на седмото поглавје од трудот, во кое авторката ја утврдува улогата на предната линија на услужниот персонал и нивното значење во испорачувањето на квалитетна услуга. Понатаму, се обработени се мотивирањето и активирањето на кадарот, активната обука на вработените и услужното раководство и бизнис - културата. Во ова поглавје се прави осврт и на етичките аспекти во маркетингот на услуги.

**Продуктивност и квалитет на услугите (стр. 287-311)** е осмото и последно поглавје од овој труд, во кое се обработува продуктивноста во услужниот сектор и квалитетот на услугата што се испорачува во овој сектор. Притоа, управувањето со квалитетот на услугата се разработува во насока на постигнување на задоволство на потрошувачите, разработувајќи го и процесот на градење информациони системи за квалитет.

## II. Оцена на трудот

Авторот на првото издание на учебникот „Маркетинг на услуги", проф. д-р Снежана Ристевска - Јовановска, во својот труд разработува многу актуелна и значајна проблематика, што претставува значаен придонес на теоретската мисла во областа на маркетингот на услуги, како и на деловната практика во оваа област. Досегашното искуство на авторката во наставата на факултетот и воопшто, работата во оваа

област му овозможиле да изврши вистински избор на содржините на трудот и на консултираната литература при подготовката на трудот. Стилот на пишување се карактеризира со концизни реченици, кои јасно ја презентираат идејата и намерата на авторот и ја објаснуваат суштината на конкретното прашање.

Првото издание на учебникот „Маркетинг на услуги", од проф. д-р Снежана Ристевска – Јовановска, и концепциски и методолошки претставува комплетен, сеопфатен и научен труд кој ја третира проблематиката од областа на маркетингот на услугите. Практичната димензија на трудот е она што го издвојува овој труд од останатите трудови кои делумно обработуваат поширок или потесен круг на прашања од маркетиншката област. Овој труд на едноставен и јасен начин ги обработува најактуелните прашања од областа на маркетингот на услугите, истакнувајќи го неговото значење во секојдневното работење на компаниите.

Структурата на материјата опфатена во трудот во целост одговара на прифатената предметна програма на предметот маркетинг на услужни дејности - студиска програма маркетинг. Овој труд ги исполнува сите критериуми кои се неопходни за да се користи како постојан учебник за потребите на студентите на Економскиот факултет по предметот маркетинг на услужни дејности. Со современиот пристап на содржините на овој труд се потврдува дека студентите ќе добијат соодветен учебник, а другите заинтересирани ќе имаат модел за научен приод во маркетингот на услуги.

## III. Предлог

Имајќи ги на увид содржината на трудот и понудениот квалитет на трудот од проф. д-р Снежана Ристевска - Јовановска, имам чест на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје да му го предложам трудот со наслов „Маркетинг на услуги" да биде прифатен за публикување како **постојан учебник** по предметот маркетинг на услужни дејности.

Скопје, 27.1.2012

**РЕЦЕНЗЕНТ**

**Проф. д-р Нада Секуловска, с.р.**

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ОСНОВИ НА НАДВОРЕШНО-ПОЛИТИЧКАТА И ДИПЛОМАТСКО-БЕЗБЕДНОСНАТА СТРАТЕГИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“, ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ТОНИ ПЕТРЕСКИ, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 82 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус студии - докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и член 38 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Филозофскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата XXI редовна седница, одржана на 19.X 2011 година, донесе одлука за формирање Комисија за оцена на докторската дисертација под наслов: "Основи на надворешно-политичката и дипломатско-безбедносната стратегија на Република Македонија", поднесена од м-р Тони Петрески, пријавена на Институтот за безбедност, одбрана и мир - од областа на одбраната. Комисијата во состав: проф. д-р Зоран Нацев, проф. д-р Билјана Ванковска, проф. д-р Лидија Георгиева, проф. д-р Оливер Бакрески и проф. д-р Ванчо Кенков го разгледа трудот и до Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет го доставува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Трудот е изложен на вкупно 293 страници и е структуриран од следниве елементи: вовед, девет глави со повеќе потглавја, заклучок и литература. Носечките сегменти се со следен наслов: (1) стратегија; (2) надворешна политика; (3) дипломатија; (4) безбедност; (5) надворешна политика на Р.Македонија; (6) дипломатијата на Р.Македонија; (7) општата и воената дипломатија на Р.Македонија во функција на интегрирањето во ЕУ и НАТО; (8) национална безбедност на Р.Македонија и (9) основи на надворешно-политичката и дипломатско-безбедносната стратегија на Р.Македонија.

Во воведниот дел, како што тоа е методолошки вообичаено, искажани се основите на проблемот и предметот на истражување со назнаки на контекстот и насоките во кои се движи проучувањето. Потоа следува првиот дел под наслов „Стратегија", во кој се даваат теоретските основи на значењето на поимот, како и односот меѓу стратегијата, политиката и економијата.

Во втората глава именувана како „Надворешна политика", изложена на околу педесетина страници, кандидатот преку шест поглавја обработува повеќе аспекти поврзани со внатрешната и надворешната политика. Имено, по дефинирањето на поимите, искажувањата поврзани со начинот на креирање, спроведување и очекувањата од надворешната политика се даваат основите на водечките

теории во толкувањето за тоа кои се субјекти на надворешната политика и нивните надлежности во водењето на оваа политика. Потоа се анализира современиот политички и безбедносен контекст во кој преовладуваат видувањата поврзани со глобализациските процеси и евроатлантските интеграции. Овој дел завршува со изложување на елементарни сознанија поврзани со реалните можности на малите држави да водат самостојна надворешна политика и каква е релацијата меѓу надворешната политика и дипломатијата.

Третата глава во целост ја обработува дипломатијата од повеќе аспекти, и тоа: појмовно, потоа развој на дипломатијата, функции и видови на дипломатијата, методи во дипломатијата техники на преговарање, дипломатски јазик и дипломатски преставник. Потоа, по кусо навраќање на тоа што претставува превентивна и јавна дипломатија, во нешто поголем обем се разработува воената дипломатија, и тоа следниве аспекти: поим, историски развој, нејзината функција и задачи, поделбата на воената дипломатија, методи на дејствување, како и врските и релациите меѓу воената дипломатија, разузнавањето и безбедноста.

Во наредната глава се презентирани современите релевантни теориски аспекти поврзани со категоријата "безбедност" преку елаборација на сознанијата поврзани со националната, колективната и глобалната безбедност. Меѓу другото, посебно се разгледуваат глобалните предизвици за светската безбедност олицетворени во тероризам, пролиферација на оружјето за масовно уништување и климатските промени. Сообразно на нашите интенции и настојувања на надворешнополитички план, но и на потребата од елаборација на одделни ставови кои следат во понатамошниот текст, презентирани се суштината и определбите искажани во новата стратегија за национална безбедност на САД и стратегијата за безбедност на ЕУ.

Петтата глава се однесува на надворешната политика на Р.Македонија и во неа е даден кус историски преглед на нејзиното остварување во одделни временски периоди и накусо надлежностите на примарните органи за вршење на надворешните работи, и тоа: претседателот на Р.Македонија, Собранието, владата и Министерството за надворешни работи. На ова се надоврзуваат четири можне суптилни и промислени видувања поврзани со надворешнополитичките приоритети на Р.Македонија, ние во глобализациските процеси, односите на нашата земја со САД и Турција.

Шестата глава е посветена на дипломатијата на Р.Македонија во смисла на согледување на развојните фази, нивоата на водење и задачите на дипломатијата по однос на приоритетите на надворешнополитички и безбедносен план, но се потенцирани и основните превентивно-дипломатски активности кои беа преземени во земјава по осамостојувањето. Предмет на разработка во овој сегмент е и јавната и економската дипломатија на Р.Македонија, при што повеќе простор во разгледувањето е отстапен на воената дипломатија во смисла на нејзиниот развој, задачи, организација и надлежности.

Предметот на истражување во седмата глава се однесува на улогата на општата и воената дипломатија на Р.Македонија во функција на интегрирањето во ЕУ и НАТО. Имено, по изнесувањето на хронологијата на практичните чекори кои ги презела македонската

дипломатија за интегрирањето во ЕУ, се потенцираат основите на институционалната рамка за управување и координирање на активностите поврзани со тој процес со нагласка на општополитичкиот и воениот придонес на Р.Македонија кон заедничката надворешна и безбедносна политика на ЕУ.

Идентичен пристап на обработка е применет и во однос на патот на Р.Македонија кон НАТО, но, се разбира, со презентација на поинаков содржински аспект на доближување почнувајќи од Партнерството за мир, па сè до актуелните реформи во одбраната и АРМ со цел финиширање на процесот на интегрирање.

Во претпоследната глава се изнесени основните стратешки определби и ставови на Р.Македонија по однос на безбедноста и одбраната утврдени во државните документи, како што се: Националната концепција за безбедност и одбрана, Стратегијата за одбрана, Стратегијата за интеграција на Р.Македонија во ЕУ и други, по однос на вредностите, интересите и целите, предизвиците, заканите и ризиците во овој домен, со посебен акцент на борбата против тероризмот.

Последната глава е всушност сублимат на определби, проекции и концептуална рамка на научно базирано видување за основите на надворешнополитичката и дипломатско-безбедносната супстратегија на Р.Македонија. Односно, во овој сегмент се потенцирани пет приоритети на Р.Македонија, а се однесуваат на членството во ЕУ и НАТО, за лидерската позиција во регионот, односот со соседите и на дипломатските ангажмани. Поширокиот контекст опфаќа и релации со САД, Турција, Руската Федерација и Кина.Врз база на истражувањата на кандидатот и важечките ставови и определби во доменот на безбедноста и одбраната се даваат основите на содржината на стратегијата за национална безбедност во делот на интересите, внатрешната безбедносна, одбранбена, економска и политика на заштита на животната средина.

Следува заклучок во кој таксативно се изложени суштинските поенти од истражувањето.

## П р е д л о г

Комисијата смета дека се работи за труд во кој се разработува мошне сложен истражувачки проблем при што неговата предметна елаборација претставува сложена мрежа на редица научни факти, сознанија, процеси и релации со цел изнаоѓање на релевантни определби поврзани со надворешната политика и дипломатските активности во функција на безбедноста на Р.Македонија. Кандидатот, во основа, успева да оформи и да структурира адекватна и коегзистентна содржина, а изнесените ставови и определби главно кореспондираат со интенциите на трудот. Притоа, Комисијата нема забелешки по однос на содржината во повеќето од сегментите од текстот но смета дека заради повисок квалитет потребно е да се направат одделни дополнувања и измени поврзани со техничко-јазичките корекции, да се досреди литературата, да се редуцираат по обем одделни искажувања во делот на

теоретските основи и најважно, да се направи интервју и анализа на ставовите на релевантни политички, дипломатски, воени и академски авторитети со цел дополнителна потврда, зајакнување или корекција на дел од презентираните стратегиски ставови и определби. Бидејќи тоа бара определен ангажман и време, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет, на кандидатот м-р Тони Петрески да му **одобри дополнителен временски рок**, согласно со важечките прописи, во кој ќе ги вгради изнесените забелешки.

Скопје

16.1.2012 год.

Членови на Комисијата

1. Проф.д-р Зоран Нацев, с.р.
2. Проф.д-р Билјана Ванковска, с.р.
3. Проф. д-р Лидија Георгиева, с.р.
4. Проф. д-р Оливер Бакрески, с.р.
5. Проф. д-р Ванчо Кенков, с.р.

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ТРАНСВЕРЗАЛНА АНАЛИТИЧКА СТУДИЈА ЗА УПОТРЕБАТА НА ДОДАТОЦИТЕ НА ХРАНА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ГРАД СКОПЈЕ" ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р Д-Р РОЗЕТА МИЛЕВА-ПЕЦЕВА, ПРИЈАВЕНА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, на својата XI редовна седница одржана на 22.12.2011 година, по предлог на Научниот одбор на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, а врз основа на Законот за високото образование на Република Македонија, определи **Рецензентска комисија за оцена на докторскиот труд** на **д-р Розета Милева-Пецева** под наслов **„Трансверзална аналитичка студија за употребата на додатоците на храна на територијата на град Скопје"**, во состав:

1. проф. д-р Билјана Таушанова
2. проф. д-р Розалинда Исјановска
3. проф.д-р Маја Сланинка Мицеска

Врз основа на законските определби за високото образование на Република Македонија, а по детално разгледување на доставениот докторски труд, Комисијата има чест до Наставно-научниот совет да го достави следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### 1. Општ извештај за докторскиот труд

Содржината на докторскиот труд под наслов „Трансверзална аналитичка студија за употребата на додатоците на храна на територија на град Скопје" е прегледно изложена, збогатена со табели, графици и географска карта. Докторскиот труд е поделен на 8 дела: вовед, мотив, цели, материјал и методи, резултати, дискусија, заклучоци и референци. Пред воведот, прикажан е апстракт на трудот на македонски и англиски јазик. Научната мисла на докторантката и стилот на изложување се јасни, лесно разбирливи и концизни, што овозможува лесно следење на приложениот материјал.

## 2. Извештај за одделни делови од докторскиот труд

Во **воведниот дел** за темата, докторантката дава осврт на дефиницијата на производите кои се катагоризирани како додатоци на храна, регулаторниот, како и јавноздравствениот аспект поврзан со нивната употреба. Понатаму, студијата се фокусира на употребата на додатоците на храна кои содржат витамини и минерали во популацијата и е даден осврт на истражувањата (вклучувајќи и национални студии) кои се изведени во оваа област од повеќе автори во светот. Осврт е даден и на хипотезата на инверзна суплементација, според која, популацијата кај која постои ризик од неадекватен внес на нутритивни состојки или кај која постои зголемена потреба од внес на нутритивни материи, не е и популација која внесува додатоци на храната.
Во воведниот дел, докторантката се осврнува и на предикторните фактори од страна на самиот производ (името на производот, цената, времетраењето на присуство на производот на пазарот, обликот на дозажната форма, режимот на дозирање) и нивната улога тој да биде прифатен на пазарот.

**Мотивот** на докторантката за изработка на овој труд е оскудноста на податоците за примената на додатоците на храна кои содржат витамини и минерали меѓу пациентите, како и недоволниот број податоци за факторите кои влијаат на лекарите нив да ги препорачуваат во наши услови. Од друга страна, сè поголем број фармакоепидемиолошки истражувања во светот ги проучуваат различните аспекти на примена на додатоците на храната кои содржат витамини и минерали во популацијата. Токму актуелноста на овие истражувања во светот и лимитираноста на податоците во наши услови, кандидатката ги наведува како главен поттик за изведување на оваа студија.

**Целите на испитувањето, докторантката ги дели во две групи.** Првата група се однесува на **корисниците** на додатоците на храна кои содржат витамини и минерали и тоа:

1. да се одреди преваленцата на користење на додатоци на храна кои содржат витамини и минерали кај матичните пациенти над 18 годишна возраст на територија на град Скопје;
2. преку анализирање на демографските карактеристики на испитаниците (пол, возраст, брачна состојба, етничка припадност, степен на образование, работен статус, место на живеење) кои примаат и не примаат додатоци на храна кои содржат витамини и минерали, да се даде прототип на „типичен консумент" на овие додатоците на храна во наши услови;
3. да се тестираат разликите меѓу корисниците и некорисниците на додатоците на храна кои содржат витамини и минерали во однос на изворите на информации за овие производи и во однос на нивните ставови околу безбедноста за нивната примена.
4. да се тестираат разликите меѓу корисниците и некорисниците на додатоците на храна кои содржат витамини и минерали во однос на нивните ставови околу примената на овие производи.

Втората група цели се однесува на матичните лекари кои можат да го препорачуваат користењето на додатоците на храна кои содржат витамини и минерали, и тоа:

1. да се одреди бројот (апсолутен и релативен) на матични лекари на територијата на град Скопје кои во својата рутинска практика ги препорачуваат додатоците на храна кои содржат витамини и минерали на пациентите;
2. да се одреди дали одредени демографски фактори на матичните лекари (пол, возраст, етничка припадност, должина на работен стаж), локација на ординацијата- во градот/во приградска населба на градот) имаат влијание врз нивната практика да препорачуваат примена на додатоци на храна кои содржат витамини и минерали;
3. да се одреди дали одредени карактеристики на додатокот на храна кој содржи витамини и минерали (името, времетраењето на присуство на производот на пазарот, режимот на дозирање, цената) имаат влијание матичниот лекар тој производ да го препорача на пациентот;
4. да се одреди дали постоењето на лични и публицирани искуства на лекарот со производот има влијание тој да биде препорачан на пациентот;
5. да се одреди дали брошурите и другиот печатен материјал за производот, рекламирањето на производот во разни медиуми, запознаеноста на лекарот со производителот на производот (пример „широко познат производител") и фреквенцијата на посети на претставникот на производителот на производот имаат влијание врз практиката на лекарот да им го препорачува тој производот на пациентите.

Во делот за **материјал и методи,** докторантката дава образложение за дизајнот на студијата и методолошките постапки.

Студијата е дизајнирана како студија на пресек, и е изведена во амбуланти на матичните лекари на територијата на град Скопје. За колектирање на податоците за употребата на додатоците на храна кои содржат витамини и/или минерали користен е методот на интервју, додека како инструмент на истражувањето се користеле специјално дизајнирани анкетни прашалници, и тоа: Анкетен прашалник за пациентот и Анкетен прашалник за матичниот лекар. Потребниот контингент на испитаници се добил преку рандомизиран примерок од 2000 пациенти на возраст над 18 години и 400 матични лекари кои дале податоци во истражувањето.

Кандидатката го објаснува протоколот на студијата: Истражувањето било изведено во две фази. Во првата фаза, при посета на амбулантите биле интервјуирани матичните пациенти кои по случаен избор дошле во посета на својот лекар (биле интервјуирани 5 матични пациенти од секој лекар), а во втората фаза, при истата посета на лекарот, бил интервјуиран матичниот лекар.

**Критериуми за вклучување на пациентите** во испитувањето биле пациентот да е над 18-годишна возраст, со матичен лекар на територијата на град Скопје и да биде способен самостојно да одговори на анкетниот прашалник.

**Критериумите за невклучување на пациентите** во испитувањето се однесувале за пациентите помлади од 18 години, пациентите кои не биле во состојба самостојно да одговорат на анкетниот прашалник и пациентите кои одбиле да одговорат на анкетниот прашалник.

**Критериуми за вклучување на матичните лекари** во испитувањето биле лекарот да е од редот на матичните лекари (општите лекари, специјалистите по општа медицина и специјалисти по медицина на трудот), чии ординации се наоѓаат на територијата на град Скопје и лекарот да се согласи за учество во испитувањето.
**Критериуми за невклучување на матичните лекари** во испитувањето биле лекарот да е од редот на матичните лекари-педијатри или гинеколози, или лекарот да не се согласи да учествува во испитувањето.

Делот од магистериумот кој се однесува на **резултатите** опфаќа дескриптивен и аналитички дел. Во **дескриптивниот дел,** кој се однесува на пациентите, со користење на табели и графици, прикажана е дистрибуцијата на испитаниците според полот, возраста, етничката припадност, брачната состојба, местото на живеење, образованието, работната состојба, навиката за пушење цигари и консумирање алкохолни пијалаци, присуството на хронично заболување како и според тоа дали применуваат додатоци на храната кои содржат витамини и/или минерали. Во овој дел, прикажани се видовите на производи кои пациентите ги применуваат, изворите на информации за овие производи и местото на нивна набавка, како и ставовите на пациентите околу постоење на можност од појава на несакано дејство, интеракција или предозирање при нивно консумирање. Прикажана е и структурата на испитаниците според тоа дали самоиницијативно го информирале својот лекар дека го применуваат производот и дали лекарот ги прашал дали применуваат вакви производи.
Во **дескриптивниот дел** кој се однесува на матичните лекари, табеларно и графички е прикажана структурата на лекарите според демографските карактеристики (пол, возраст, етничка припадност, брачна состојба, место на живеење), како и според тоа дали во рутинската практика препорачуваат додатоци на храна кои содржат витамини и минерали и дали такви производи самите применуваат. Прикажана е и структурата на матичните лекари според тоа дали одредени фактори од страна на производот (заштитното име, времетраењето на присуство на производот на пазарот, режимот на дозирање, цената), како и професионалното искуство со тој производ, публицираните искуства, брошурите, препознатливоста на производителот, честотата на посети на претставникот на фирмата-производител имаат влијание тој да им биде препорачан на пациентите.

Во **аналитичкиот дел** од испитувањето се прикажани резултатите од истражувањето, кои се добиени со анализирање на разликите регистрирани меѓу одредени варијабли и параметри.
Докторантката утврдува дека преваленцата за користење на додатоци на храна кои содржат витамини и минерали кај испитаниците е 42,45%, а најчесто користени се мултивитаминските препарати, по што следат суплементите кои содржат витамин Ц и оние со витамини од Б-групата. Од суплементите кои содржат минерали, најчесто се употребувани монокомпонентните додатоци со калциум и магнезиум. Производите најчесто се набавуваат во аптеките, по што следат супермаркетите, а најчест извор на информација за овие додатоци се лекарите, по што следат списанијата, весниците и телевизијата. Како независни сигнификантни фактори, односно предиктори за користење на додатоци на храна,

истражувањето ги потврди полот, возраста, брачниот статус, местото на живеење, степенот на образование и работната структура. Истражувањето заклучи дека секој втор корисник на овие додатоци самоиницијативно го информира својот лекар за примената на продуктот.

Докторантката утврдува дека преваленцата на матични лекари кои препорачуваат додатоци на храната кои содржат витамини и минерали на своите пациентите во испитуваната група е 73,25%. Лекарите од машки пол, оние што ординирале во приградските ординации, и оние на возраст до 39 години или над 60 години статистички значајно почесто ги препорачуваат овие производи. Истражувањето утврди дека детерминирачки фактори за производот да биде прифатен и препорачуван од страна на матичните лекари е тој да биде брендиран, да биде присутен на пазарот одредено време, неговото дозирање да биде еднаш на ден и да има избалансирана и прифатлива цена за стандардот на локалното население. Брошурите имаат влијание врз одлуката за препорачување на производот кај 73,50% од лекарите, а честотата на посетите на претставникот на фирмата-производител на производот кај 65,75% лекари во испитувањето. Личното професионално искуство на лекарот со производот, публицираните искуства, како и препознатливоста на компанијата-производител, имаат улога кај над 80% од лекарите да им препорачаат одреден ваков производ на пациентите.

Во делот за **дискусија,** елаборирани се добиените резултати, компарирани се со оние од други автори и истакнати се придобивките од оваа студија. Придонесот на овој труд, меѓу другото се состои во тоа што тој прикажува продлабочени сознанија за преваленцата на употреба и факторите кои влијаат на примената на додатоци на храна кои содржат витамини и минерали меѓу пациентите, а кои би биле смерници при планирање на јавноздравствени активности. Истражувањето дава широк осврт и на аспектот на препорачување на овие активности од страна на матичните лекари, што дава смерници при дизајнот на нови производи.

Во однос на **заклучоците од студијата**, докторантката ја утврдува преваленцата за користење на додатоци на храна кои содржат витамини и минерали кај испитаниците на возраст над 18 години кои живеат во скопскиот регион и притоа ги наведува најчесто употребувани продукти во наши услови, најчестите индикации за нивната примена и изворите преку кои пациентите се информираат за овие производи. Студијата заклучува кои се сигнификантните демографски фактори, односно предиктори за користење на овие додатоци, а се осврнува и на протокот на информации меѓу лекарите и пациентите во однос на примената на овие додатоци.

Истражувањето дава приказ и на преваленцата на матични лекари кои препорачуваат додатоци на храната кои содржат витамини и минерали на своите пациентите. Прикажани се и демографските фактори на матичните лекари кои се поврзани со препорачувањето на овие производи, како и карактеристиките на производот кои придонесуваат тој да биде прифатен и препорачан од страна на лекарот. Овие податоци претставуваат одредени смерници при дизајнирањето на вакви производи од страна на индустријата.

Во докторската дисертација е приложена листа на правилно цитирани **референци** од современи научни трудови од референтни списанија за дадената област на интерес и работа, кои се поврзани со темата на докторскиот труд.

### 3. Оцена на докторскиот труд и предлог

Врз основа на приложениот материјал, Комисијата оценува дека докторскиот труд е интересен, актуелен и од практична важност, бидејќи податоците поврзани со примена на додатоците на храна кои содржат витамини и минерали во Р.Македонија се оскудни.

Рецензентската комисија оценува дека темата ги задоволува принципите на научна работа и дава научен придонес за медицинската практика.

Комисијата дава позитивна рецензија за оваа научноистражувачка студија и има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, да ја прифати позитивната рецензија на докторскиот труд изработен од страна на д-р Розета Милева-Пецева под наслов „Трансверзална аналитичка студија за употребата на додатоците на храна на територија на град Скопје" и тој да биде проследен за понатамошна постапка.

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Билјана Таушанова с.р

2. Проф. д-р Розалинда Исјановска с.р

3. Проф.д-р Маја Сланинка Мицеска с.р

# РЕЦЕНЗИЈА
НА УЧЕБНО ПОМАГАЛО „НЕВРОМУАСКУЛЕН БОЛК" ОД АВТОРОТ В.Н.СОР. Д-Р МИРЈАНА ШОШОЛЧЕВА

**Наслов:** „Невромускулен блок"
**Автор:** в.н. сор. д-р Мирјана Шошолчева
**Предметна програма:** анестезиологија со реанимација и анестезиологија со интензивна медицина
**Обрласт:** медицина, анестезиологија
**Намена:** Учебник за студентите по општа медицина и специјализантите по специјалноста анестезиологија со интензивна медицина.
**Семестар:** Предметот анестезија со реанимација се слуша во IX семестар и XII за студентите по медицина, а во VI семестар за насоката СМС/Т. Во специјализацијата анестезиологија со интензивна медицина, специјализантите практицираат општа и специјална анестезиологија 36 месеци.
**Фонд на часови:** Проблемот на невромускулниот блок е застапен со еден час кај студентите од додипломската настава (општа медицина, насоките СМС/Т и радиолошки технолози) и во клиничките вештини со 10 часа. Во специјалноста анестезиологија со интензивна медицина, застапен е со 90 (30/60) часа.
**Оцена (дали приложениот ракопис е во согласност со наставната програма):** Книгата во целост ја задоволува наставната програма за студиите за општа медицина и насоките СМС/Т и радиолошки технолози, како и за специјализција по специјалноста анестезиологија со интензивна медицина.
**Одлука:**
**Наставно –научниот совет на Медицинскиот факултет** во состав на УКИМ во Скопје, на својата X редовна седница одржана на 27.10.2011 година, врз основа на член 53 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на медицинскиот факултет, донесе одлука за определување на рецензенти за рецензија за печатење на учебник, учебно помагало со наслов „Невромускулен блок" од авторот в.н. сор. д-р Мирјана Шошолчева.
за рецензенти се избрани: проф. д-р Марија Шољакова и проф. д-р Васка Антевска.
**Издание:**
Книгата „Невромускулен блок" од авторот в.н. сор. д-р Мирјана Шошолчева е прво издание и прв учебник за овој проблем печатен на македонски јазик на овој Факултет и во Р. Македонија.
**Општи податоци за ракописот:**
Ракописот е испечатен во формат А4 (22/28 см), на 109 страници. Содржината е поделена на две главни подрачја. Првиот дел е посветен на невромускулната физиологија, која е организирана во четири поднаслови. Во нив се обработуваат невромускулната врска, невромускулната функција

на блокот, менханизмите на блокада на невромускулната трансмисија, како и во подглави, при што се обработени самиот невромускулен блок од аспект на видовите невромускулен блок, фармакокинетиката на деполаризантните и недеполаризантните мускулни релаксанти, како и мониторингот на степенот на невромускулниот блок. Книгата е богато илустрирана со 19 слики и табели

**Краток опис на содржината:**

Книгата има за цел да даде исцрпни информации и да го приближи и претстави невромускулниот блок, без кој не може да се замисли современиот начин на анестезирање и лекување на хируршките пациенти. Гледајќи го стручниот и научен опус на авторката, јасно е дека таа повеќе години го изучува проблемот на невромускулниот блок. Познавањето на проблемот и примената на невромускулните блокирачки агенси во секојдневната практика, како и постоењето на одредени парадокси во тоа поле кои тешко да се објаснат со класичната фармакологија на невромускулниот блок, ѝ е предизвик да ја напише оваа книга. Издавањето на оваа книга, - учебник, претставува само континуум на нејзината долгогодишна работна активност во ова поле.

Во првата глава е даден општ приказ на физиологијата на невромускулната врска. Оваа глава започнува со историски вовед, во кој се дадени првите описи за користење на отров кој предизвикува мускулна парализа (кураре). Притоа се прикажани историските обиди да се детектира составот на отровот, па сè до експерименталните трудови на Клод Бернард, кој утврдил дека станува збор за хемиски препарат кој го спречува преминувањето на нервната стимулација кон мускулот. Промените кои ги предизвикувал лекот биле парализа на механиката на дишењето и смрт. Оваа особина на лекот да предизвика парализа на мускулната активност е искористена во анестезиологијата, што детално е опишано во овој историски приказ. Потоа следува дел во кој се обработува невромускулната врска. Авторката ја претставува невромускулната врска како модел според кој се истражува механизмот на комуникација меѓу клетките. Претставена е морфологијата на регионот на завршната моторна плоча, местото каде што завршува моторниот нерв на површината на мускулот што го инервира. Во продолжение на оваа глава се обработува микроанатомијата на невромускулната врска, при што се истакнува придонесот на електронската микроскопија во расветлување на некои енигми околу мускулната плоча, ацетилхолинските рецептори, како и регулацијата на рецепторите за ацетил холин. Следниот дел е посветен на проблемот на невромускулната функција и блок во кој се елаборира неврофизиолошката основа со постсинаптичкиот ацетилхолински рецептор, екстрајункциските рецептори како и пресинаптичките рецептори. По овој дел се опфатени невромускулната трансмисија, физиолошките механизми одговорни за неа, како и почетокот и преносот на акцискиот потенцијал како и мембранскиот потенцијал. Следуваат делови со современи податоци за активација на холинорецепторот, синтезата и ослободувањето на ацетилхолинот, па дел за пресинаптичките никотински рецептори и ацетилхолин и клиничкото значење на пресинаптичкиот feedback. Авторката многу вешто своите

истражувања ги вклопува во сознанијата кои се наоѓаат во литературата за пресинаптичкиот никотински рецептор и десензитирачкиот каналски блок, постсинаптичките никотински рецептори и ацетилхолинот, како и за ацетилхолинестеразата и антихолинесеразните инхибитори. Потоа следат механизмите на болкада на невромускулната трансмисија, како и ефектите на некои лекови врз невромускулната врска. Тие се претставени систематизирано во четири групи, како лекови со дејство во продукцијата на cAMP, лекови со ефект врз синаптичката пукнатина, лекови со постсинаптичен ефект и лекови со непознато место на дејство. Вториот дел од книгата се однесува на невромускулниот блок. Кога клиничарите го употребуваат терминот невромусклен блок (НМБ), тоа вообичаено се однесува или на деполаризантен или на недеполаризантен блок. Невромускулниот блок се добива со употреба на две групи на лекови, т.н. невромускулни блокирачки агенси (НМБА) или вообичаен термин, мускулни релаксанти (МР). Во овој дел, авторката сувопарните фармаколошки податоци за одредени релаксанти ги претставува низ клиничката практика што го чини материјалот да е лесно профатлив за читателите, особено за студентите. Детално се опишани деполаризантниот блок, класичното дејство на деполаризантните мускулни релаксанти, како и моделите на деполаризантните невромускулни блокови: пресинаптички ефект, блок од фаза II и каналскиот блок. Следуваат, недеполаризантниот невромускулен блок, карактеристиките на фармакокинетиката на двата вида блокови, како и дел во кој детално се обработува мониторингот на степенот на невромускулниот блок. Осбено овој дел од книгата има голема клиничка практична вредност. Овде доаѓа до израз примарната замисла на авторката, книгата да отвори можност за понатамошни истражувања во ова поле и да се најдат конечни одговори на прашањата за невромускулните релаксанти.

**Категоризација на книгата:** Книгата ги има сите елементи на базичен учебник за невромускулен блок.

**Главен аспект на книгата и педагошка оцена:** Книгата „Невромускулен блок" од авторот в.н. сор. д-р Мирјана Шошолчева, е посветена, на прво место, за студентите по општа медицина и сестринските насоки, како и за специјализаните по специјалноста анестезиологија со интензивна медицина. Согледувајќи ја актуелноста на проблемот (современа општа анестезија), како и недостатокот од достапна литература за студентите, идните лекари и медицински сестри, како и специјализантите по специјалноста анестезиологија со интензивна медицина и другите професионалци кои се занимаваат со овој проблем, авторката го подготви овој учебник. Како резултат на нејзиниот пристап кон проблемот, книгата излегува од рамките на класичен студентски учебник и претставува неопходна литература за идните анестезиолози во нашата земја. Според тоа, книгата „Невромускулен блок", од авторот в.н. сор. д-р Мирјана Шошолчева, има строго стручна намена и нејзините потенцијални читатели ќе бидат студентите по општа медицина, специјализантите-хирурзи анестезиолози и реаниматори, потоа специјалистите-хирурзи, како и другите специјалисти кои се занимаваат со

проблемите на општа анестезија. Таа претставува одлична литература за лекарите кои имаат намера да си ги прошират знаењата од оваа област.
Книгата претставува прв обид да ѝ се претстави на македонската научна јавност четиво од ваков вид. Секако дека овој учебник не можел да ги опфати, ниту пак е цел на авторката, сите аспекти на невромускулната блокада. Меѓутоа, оваа книга претставува придонес во македонската академска литература и ја пополнува празнината која постоеше во неа за оваа тема. Книгата е лесна и достапна за читање. Постапноста во објаснувањето на проблемот, јасниот опис на нештата и клиничката поврзаност го чини учебникот прифатлив за студентите.
**Ограничувања:** Книгата е наменета за строго профилирани групи на специјализанти, студенти, научници и специјализирани професионалци кои се занимаваат со природните науки, поконкретно со анестезиологијата. Таа е наменета исто така за лекарите кои имаат желба да ги продлабочат своите занења во секојдневната практика за примената на овој метод.

**Заклучок:** Книгата „Невромускулен блок", од авторот в.н. сор. д-р Мирјана Шошолчева, претставува придонес кон литературата од подрачјето на невромускулната блокада. Таа, на едноставен, разбирлив начин за студентите, ја доближува оваа толку тешка материја. Токму затоа оваа книга претставува идеален избор, од кој студентите (идните лекари и медицински сестри), како и другите професионалци, можат да најдат на едно место комплексни информации за мускулната блокада, физиологијата на невромускулниот блок, како и за клиничката примен на разни мускулни релаксанти.
Земајќи го во предвид сето погоре кажано, предлагаме книгата „Невромускулен блок" од авторот в.н. сор. д-р Мирјана Шошолчева, да се процедурира до Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет при Универзитетот **„Св. Кирил и Методиј"** и да се печати како учебник за студентите по медицина и сродните насоки, како и за специјализантите по специјалноста анестезиологија со интензивна медицина.

Рецнзенти

Проф. д-р Марија Шољакова, с.р.

Проф. д-р Васка Антевска, с.р.

Скопје 30.12.2011

# П Р Е Г Л Е Д

**на одобрени теми за изработка на докторски дисертации на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Природно-математички факултет - Скопје, на седницата на Наставно-научниот совет на Факултетот, одржана на 22. 12.2011 година**

| Кандидат | Тема | Комисија |
|---|---|---|
| Христина Оџаклиеска, магистер по технички науки од областа на инженерство на животна средина | „АНАЛИЗА НА АНТРОПОГЕНИТЕ ПРИТИСОЦИ ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА СО ОДРЕДУВАЊЕ НА ЕКОЛОШКАТА СТАПКА ВО СКОПСКИОТ РЕГИОН“ | - д-р Олгица Димитровска, вонр. проф. на ПМФ – Скопје<br>- д-р Благоја Маркоски, ред. проф. на ПМФ – Скопје<br>- д-р Ивица Милевски, вонр. проф. на ПМФ – Скопје |
| Невена Серафимова, магистер на математички науки | „КАТЕГОРИСКО-ТЕОРЕТСКИ КОНСТРУКЦИИ ВО МОДЕЛИТЕ НА УЧЕЊЕ ВО ИГРИ“ | - акад. Дончо Димовски, ред. проф. на ПМФ – Скопје<br>- акад. Петар Кендеров, ред.проф. ИМИ,БАН, - Софија, Р. Бугарија<br>- д-р Невена Ацковска, доцент на ФИНКИ- Скопје |
| Томи Димовски, магистер на математички науки | „ПРИСТАПИ ЗА ИНДУЦИРАЊЕ ТОПОЛОГИИ ОД 3-МЕТРИКИ“ | - акад. Дончо Димовски, ред. проф. на ПМФ – Скопје<br>- д-р Љубиша Кочинац, ред. проф. на ПМФ, Ниш Р: Србија<br>- д-р Билјана Крстеска, ред. проф. на ПМФ – Скопје |
| Билјана Златановска, магистер на математички науки | ДИНАМИЧКИ СИСТЕМИ: ЛОРЕНЦОВ СИСТЕМ, РЕШАВАЊЕ И АНАЛИЗА НА НЕГОВОТО ОДНЕСУВАЊЕ ВО ЗАВИСНОСТ ОД ПАРАМЕТРИТЕ И ПРИМЕНА“ | - акад. Дончо Димовски, ред. проф. на ПМФ – Скопје<br>- акад. Љупчо Коцарев, ред. проф. на ФИНКИ - Скопје<br>- д-р Никита Шекутковски, ред. проф. на ПМФ – Скопје |
| Ане Тунтев, магистер на физички науки | „СИНХРОНИЗАЦИЈА НА КОМПЛЕКСНИ МРЕЖИ И МОЖНИ ПРИМЕНИ ВО МОДЕЛИРАЊЕТО НА НЕКОИ ГЕОФИЗИЧКИ ПОЈАВИ“ | - акад. Љупчо Коцарев, ред. проф. на ФИНКИ - Скопје<br>- д-р Миливој Гаврилов, насловен вонр. проф. на ПМФ – Скопје<br>- д-р Ласко Баснарков, доцент на ФИНКИ - Скопје |

| | | |
|---|---|---|
| Ристе Попески-Димовски, магистер на физички науки | „ИСТРАЖУВАЊЕ НА ДИНАМИКАТА НА МУКОАДХЕЗИЈАТА“ | - д-р Стојан Рендевски, вонр. проф. на Електро-технички факултет – Штип<br>- д-р Доне Гершановски, ред. проф. на ПМФ-Скопје<br>- д-р Александар Андоновски, ред. проф. на ПМФ – Скопје (во пензија) |
| Јован Јанушески, магистер на физички науки | „УСЛОВИ ЗА ПРИМЕНА НА УЧЕЊЕТО БАЗИРАНО НА ПРОЕКТИ ВО НАСТАВАТА ПО ФИЗИКА ВО СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“ | - д-р Оливер Зајков, вонр. проф. на ПМФ – Скопје<br>- д-р Благоја Вељаноски, ред. проф. на ПМФ – Скопје<br>- д-р Јулијана Велевска, вонр. проф. на ПМФ – Скопје |
| Ана Петковска, магистер на хемиски науки | „ПРОУЧУВАЊЕ НА ПОЛИФЕНОЛНИОТ СОСТАВ И АНТИОКСИДАНТНАТА АКТИВНОСТ НА ИЗБРАНИ СОРТИ ЈАБОЛКА ОД МАКЕДОНИЈА СО ПРИМЕНА НА СПЕКТРОФОТОМЕТРИЈА, ТЕЧНА ХРОМАТОГРАФИЈА И МАСЕНА СПЕКТРОМЕТРИЈА“ | - д-р Симка Петровска-Јовановиќ, ред. проф. на ПМФ – Скопје<br>- д-р Виолета Иванова, доцент на Земјоделскиот факултет при Универзитетот “Гоце Делчев“ – Штип<br>- д-р Марина Стефова, вонр. проф. на ПМФ – Скопје |

# П Р Е Г Л Е Д

**на одобрени теми за изработка на магистерски трудови на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј„ во Скопје, Природно-математички факултет - Скопје, на седницата на Наставно-научниот совет на Факултетот, одржана на 22.12.2011 година**

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Љупчо Лазаровски, професор по математика-физика во основното образование | „ФУНКЦИИТЕ НА МИТАГ – ЛЕФЛЕР И НИВНА ПРИМЕНА ВО ТЕОРИЈАТА НА ФРАКЦИОНАЛНОТО СМЕТАЊЕ“ | - д-р Живорад Томовски, ред. проф. на ПМФ – Скопје |
| Велибор Тасевски, дипломиран професор по географија | „УГОСТИТЕЛСТВОТО КАКО ФАКТОР ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ ВО СКОПЈЕ“ | - д-р Никола Панов, ред. проф. на ПМФ – Скопје |
| Ангелчо Ристовски, дипломиран професор по физика | „ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ДАЛЕЧИНА НА ПУКАЊЕ ПРЕКУ ДЕФОРМАЦИИТЕ НА ПРОЕКТИЛОТ“ | - д-р Олга Галбова, ред. проф. на ПМФ – Скопје |

# П Р Е Г Л Е Д

**на одобрена тема за изработка на специјалистички труд на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Природно-математички факултет - Скопје, на седницата на Наставно-научниот совет на Факултетот, одржана на 22. 12.2011 година**

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Гордана Османли, дипломиран инженер по биологија | „МИКРОБИОЛОШКА АНАЛИЗА НА МЛЕКО ПРОИЗВЕДЕНО ВО КОНТРОЛИРАНИ И НЕКОНТРОЛИРАНИ ХИГИЕНСКИ УСЛОВИ" | - д-р Џоко Кунгуловски, ред. проф. на ПМФ - Скопје |

П Р Е Г Л Е Д

на пријавени и прифатени теми за изработка на **магистерски труд по здравствен менаџмент и фармакоекономија** на Универзитет „ Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, **Фармацевтски факултет**

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Лирим Шабани | „Регулаторни предизвици на наномедицината како иновативна технологија на 21-от век" | Проф. д-р Сузана Трајковиќ Јолевска |

П Р Е Г Л Е Д

на пријавени и прифатени теми за изработка на **специјалистички труд по здравствен менаџмент и фармакоекономија** на Универзитет „ Св. Кирил и Методиј“во Скопје, **Фармацевтски факултет**

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Ева Везенкоска | „Есенцијална листа на лекови како елемент за подобрување на системот за снабдување со лекови“ | Проф. д-р Сузана Трајковиќ Јолевска |
| Весна Мазнева | „Донации на лекови како дел од снабдувањето со лекови“ | Проф. д-р Сузана Трајковиќ Јолевска |
| Милена Јаниќевиќ Христова | „Политика на развој и истражување во формирање на цената на лекот “ | Проф. д-р Рубин Зарески |

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје**
**Факултет за електротехника и информациски технолс гии**

## ПРЕГЛЕД

на теми за изработка на докторска дисертација на
Факултет за електротехника и информациски технологии во Скопје
прифатени на седниците на Наставно-научниот совет одржна на **25.1.2012** г.

| Ред. бр. | кандидат | тема | ментор |
|---|---|---|---|
| 1. | м-р *Владо Илиевски* | ***Подобрување на функционалноста на електроенергетски систем со примена на современи системи на заштита*** | *проф. д-р Мито Златаноски* |
| 2. | м-р *Бојанчо Митев* | ***Методи за поефикасно бизнис управување во телекомуникациите и воведување на сервиси од идните генерации*** | *проф. д-р Александар Ристески* |
| 3. | м-р *Лилјана Најденова* | ***Дизајн и оптимизација на телекомуникациски мрежи на идната генерација*** | *проф. д-р Александар Ристески* |
| 4. | *м-р Игор Лазов* | ***Анализа и моделирање на перформансите на сообраќајот кај безжичните компјутерски мрежи*** | *проф. д-р Аристотел Тентов* |
| 5. | *м-р Верица Тасеска* | ***Интегрален пристап на одредување на можностите на електроенергетски систем за прифаќање на капацитет на ветерни електрични централи*** | *доц. д-р Мирко Тодоровски* |
| 6. | *м-р Ејуп Беќири* | ***Оптимизација на работа на хидроенергетскиот систем Маврово во услови на либерализација на пазарот на електрична енергија*** | *проф. д-р Атанас Илиев* |
| 7. | *м-р Славче Пејоски* | ***Примена на компримирано земање на примероци за естимација и компресија во безжични телекомуникациски системи*** | *проф. д-р Венцеслав Кафеџиски* |

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ПО ПРЕДМЕТОТ ФИСКАЛЕН И МОНЕТАРЕН СИСТЕМ НА ЕУ, НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на одредбите од Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Правилникот за условите, критериумите, постапката и начинот за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и Правилникот за внатрешните односи и работењето на Економскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје , Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 27.1.2012 година, донесе одлука за формирање на Рецензентска комисија за избор на наставник по предметот фискален и монетарен систем на ЕУ. По разгледувањето на пристигнатите пријави, Комисијата го изготви рефератот во согласност со член 45 и член 48 од Правилникот за условите, критериумите, постапката и начинот за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј' во Скопје и во врска со тоа го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На распишаниот конкурс за наставник по предметот фискален и монетарен систем на ЕУ, објавен на 13.1.2012 година во дневниот весник „Нова Македонија", се јавија двајца кандидати: д-р Ѓорѓи Гоцков, вработен на Економскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје како помлад асистент по група предмети од областа на финансиите и д-р Емилија Стевановска, вработена како доцент на Факултетот за економски науки при Европскиот универзитет во Скопје.

## 1. Д-р Ѓорѓи Гоцков

### БИОГРАФИЈА

Кандидатот д-р Ѓорѓи Гоцков е роден на 7.6.1973 година во Валандово. По завршувањето на средното насочено училиште по математика и информатика во гимназијата „Раде Јовчевски-Корчагин" во Скопје, се запишал на Економскиот факултет во Скопје. Во 1997 година успешно ги завршил студиите и дипломирал на Економскиот факултет во Скопје на Отсекот за деловна (Бизнис) економија, насока финансиско-сметководствен менаџмент.

Во јуни 2009 година успешно ги завршил постдипломските студии од областа на монетарната економија и се стекнал со научно звање - магистер на економски науки од областа на монетарната економија. Насловот на магистерскиот труд беше „Методологија за следење и анализа на финансиските текови во Република Македонија".

Во почетокот на декември 2011 година успешно ја одбранил докторската дисертација под наслов „Интегрирани макроекономски сметки и случајот на Република Македонија", со што се стекнал со титулата – научен степен - доктор на економски науки.

Во својата кариера кандидатот д-р Ѓорѓи Гоцков има богато работно искуство, проследено со работа на неколку раководни позиции. Имено, на почетокот на 1999 година се вработил во Народната банка на Република Македонија во Дирекцијата за истражување, каде што извршувал задачи поврзани со анализа на макроекономските движења со посебен акцент на движењата во монетарната сфера. Во 2003 година работел во Министерството за финансии како раководител на Секторот за макроекономска и развојна политика на националната економија. Во 2004 година, со реорганизацијата на Народната банка, е именуван за директор на новоформираната Дирекција за статистика, и оваа функција ја извршувал до крајот на 2009 година. Во периодот додека ги извршувал овие функции, д-р Ѓорѓи Гоцков учествувал во подготовката на повеќе национални документи (закони, подзаконски акти, стратегии, годишни извештаи, макроекономски проекции и сл.).

Како претставник од Народната банка, во периодот 2006-2009 година бил член во Irving Fisher - комитетот за статистика на централните банки во рамки на Банката за меѓународни порамнувања (BIS) во Базел. Исто така, во тој период бил член и на Комитетот за монетарна, платно билансна и финансиска статистика на ЕУРОСТАТ во рамки на Европската комисија. Во периодот 2007-2009 година бил член на Советот на Државниот завод за статистика.

На крајот на 2009 година се вработил на Економскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", како помлад асистент по група предмети од областа на финансиите.

Покрај редовното образование, во текот на својот работен стаж учествувал на бројни меѓународни семинари, обуки, курсеви работилници и конференции од областа на макроекономијата и статистиката во организација на Меѓународниот монетарен фонд, Европската централна банка, ЕУРОСТАТ и централни банки на повеќе развиени земји.

Автор е на повеќе трудови од научноистражувачката дејност од областа на макроекономијата и финансиите.

Покрај претходното, кандидатот во својата досегашна кариера активно се служи со англискиот јазик и има одлични вештини во користењето на компјутери, каде што има познавање за работа со Windows 7, Microsoft Office (World, Excel, Outlook, Power Point), како и за работа со апликативни програми.

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

Кандидатот д-р Ѓорѓи Гоцков, во периодот од неговиот избор за помлад асистент по група предмети од областа на финансиите до денес, покажа забележителна активност на полето на наставно-образовната дејност. Во целиот овој период се истакнувал со своето исклучително залагање во спроведувањето на предавањата по предметите монетарна економија, банкарство и фискален и монетарен систем на ЕУ. Во тој

контекс, постојано настојувал да внесува современ и интерактивен пристап во излагањето на наставната материја и да воспоставува отворен однос кон студентите, одржувајќи интензивна комуникација со нив. Особено е забележлива неговата активност во помагањето околу изведувањето на наставата (консултации со голем број на студенти, подготовка на студентите при изработка на индивидуални и групни проектни задачи и семинарски трудови, како и организирање на испити) по група предмети од областа на финансиите: монетарна економија, финансиски пазари и институции, јавни финансии, банкарство, меѓународни финансии, фискален и монетарен систем на ЕУ, банкарски менаџмент и хартии од вредност и портфолио менаџмент.

Како вработен на Економскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, д-р Ѓорѓи Гоцков совесно и професионално ги извршувал сите обврски кои произлегуваат од работното место, работејќи со голем број на студенти.

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

Покрај во наставно-образовната дејност, кандидатот д-р Ѓорѓи Гоцков е активен и во научноистражувачката дејност, што се изразува преку објавување на научни трудови и со учество на конференции и научно-стручни собири. Притоа, и покрај интересот за повеќе проблеми од областа на економијата, неговото внимание е претежно насочено кон прашањата од областа на финансиите и макроекономијата. До денес, кандидатот д-р Ѓорѓи Гоцков ги има објавено следниве трудови:

- Интегрирани макроекономски сметки и случајот на Република Македонија [докторска дисертација], Економски факултет-Скопје, Скопје, 2011;
- "Investigating the macroeconomic imbalances amongst the countries – a sectoral and quantitative analyses", *procceding from the International Conference*, Faculty of Economics, Skopje, 2011;
- "Паричните текови помеѓу секторите во македонската економија", *Годишник на Економскиот факултет*, Скопје, 2010;
- Колкав е износот на домашните и надворешните обврски на државата - излезна стратегија и можни сценарија, *Билтен на Фондацијата Институт отворено општество*, Скопје, 2010;
- Методологија за следење и анализа на финансиските текови во Република Македонија [магистерски труд], Економски факултет-Скопје, Скопје, 2009;
- Реален девизен курс како однос помеѓу цени на разменливи и неразменливи стоки", *Билтен на Министерството за финансии*, Скопје, 2006;
- Анализа на девизниот курс на националната валута базирана на Big Mac индексот, *Билтен на Министерството за финансии*, 2003;
- Улогата на штедењето и инвестициите во транзиционите економии, *Економски истражувања*, Народна банка на Република Македонија, 2002;

- Македонската економија во десетгодишниот период на монетарна самостојност, *Економски истражувања*, Народна банка на Република Македонија, 2002;
- Странските валути во оптек во земјите во транзиција и придонесот на еврокониверзијата за мерење на нивниот износ - со посебен осврт на Република Македонија, *Економски истражувања*, Народна банка на Република Македонија, 2001.

Посебно треба да се истакне неговиот труд Investigating the macroeconomic imbalances amongst the countries – a sectoral and quantitative analyses, кој е објавен во зборник на трудови со меѓународен уредувачки одбор.

Покрај публикувањето на научни трудови, во периодот 2010-2012 година кандидатот д-р Ѓорѓи Гоцков учествувал и во реализацијата на меѓународниот научен и стручен проект Technical Assistance to the State Statistical Office, во организација на ASA Institute, во рамките на ЕУ. Исто така, во досегашната негова работна кариера учествувал на повеќе конференции, семинари, советувања и работилници, на коишто се претставил со свои трудови и презентации. Во овој контекст, посебно би го извоиле неговото пленарно предавање на научниот/стручен собир со меѓународно учество - Finance and monetary policy after the global financial crises, International conference, Faculty of Economics, Skopje, 2011, и пленарното предавање на научниот/стручен собир - Може ли државата да ни банкротира?, конференција, Институт отворено општество, Скопје, 2010.

Во продолжение ќе дадеме краток осврт на некои од позначајните трудови на кандидатот д-р Ѓорѓи Гоцков.

*Интегрирани макроекономски сметки и случајот на Република Македонија [докторска дисертација], Економски факултет-Скопје, Скопје, 2011.* Во современите услови на работење, носителите на макроекономските политики се повеќе имаат потреба од располагање со квалитетни, конзистентни и навремени информации и податоци. Дизајнирањето и спроведувањето на квалитетни и конзистентни макроекономски политики е во директна зависност од располагањето со интегрирани и усогласени макроекономски сметки. Предмет на проучување во докторската дисертација на кандидатот д-р Ѓорѓи Гоцков е проблематиката поврзана со главните макроекономски сметки, главно анализирана од три аспекти: (1) методолошките основи за нивно изготвување, со посебен акцент на степенот на нивната хармонизираност и усогласеност; (2) поврзаностите помеѓу макроекономските сметки и тестирање на нивната интегралност; (3) тековите на финансиски средства помеѓу главните институционални сектори во економијата. Сите овие аспекти се предмет на посебна теоретска и квантитативна анализа на случајот на Република Македонија. Посебна нагласка е ставена на воспоставувањето и развивањето на методолошка рамка (сметка) за следење и анализа на финансиските текови во Република Македонија.

Докторската дисертација на кандидатот д-р Ѓорѓи Гоцков обработува актуелна и значајна проблематика поврзана со главните макроекономски сметки кои се изготвуваат во националните економии – национални

сметки, меѓународни сметки, монетарни сметки и фискални сметки. Притоа, за првпат во оваа докторска дисертација се обработуваат тековите на финансиски средства помеѓу институционалните сектори во македонската економија, анализирани низ призмата на поврзаностите помеѓу поодделните макроекономски сметки. Ова е од особено значење, имајќи ги предвид искуствата од последните кризи во развојните пазарни економии кои укажуваат на потребата од посветување на поголемо внимание на секторските биланси и нивната анализа од аспект на ранливоста и ризиците од појава на системски кризи. Во овој контекст, прашањето за тековите на финансиски средства помеѓу институционалните сектори кое детално го обработува кандидатот, станува исклучително значајно за носителите на макроекономските политики.

Посебна придобивка претставува деталното елаборирање на методолошките основи за изготвување на поодделните макроекономски статистики, со што се влијае во насока на зголемување на аналитичката моќ и подобрување на анализата на макроекономските движења во земјата. Во овој контекст, познавањето и почитувањето на методолошките стандарди, принципи и правила донесени од релевантни меѓународни институции доведува до тоа земјата да располага со квалитетни, релевантни, конзистентни и меѓународно споредливи макроекономски сметки. Интегрираните и усогласените макроекономски сметки најдобро им служат на носителите на политики во процесот на дизајнирање и спроведување на квалитетни и конзистентни макроекономски политики.

Посебен придонес овој труд дава од аспект на збогатување и унапредување на анализата на макроекономските движења во Република Македонија. Унапредувањето се огледа во тоа што анализата на макроекономските нерамнотежи во Република Македонија се врши низ призмата на статистиката на текови на финансиски средства помеѓу институционалните сектори во економијата. На тој начин се утврдуваат и анализираат должничките/доверителските позиции на главните сектори во македонската економија.

Преку сублимирање на извршените анализи на макроекономските сметки од неколку аспекти, кандидатот д-р Ѓорѓи Гоцков дава еден концепт чии препораки се применливи првенствено од изготвувачите на макроеномски сметки и носителите на макроекономски политики во Република Македонија, но и пошироко, со што презентираната структура на докторската дисертација ја остварува својата основна цел.

*"Investigating the macroeconomic imbalances amongst the countries – a sectoral and quantitative analyses", procceding from the International Conference*, Faculty of Economics, Skopje, 2011 (коавтор). Во трудот предмет на анализа е разликата (гапот) штедење-инвестиции на селектирана група на земји, со посебен осврт на случајот на Република Македонија. Притоа, посебно се истражува секторската детерминираност на оваа разлика, со цел да се утврдат главните институционални сектори кои се предизвикувачи на глобалните макроекономски нерамнотежи во земјите со различен степен на развој. За таа цел, применета е методолошка рамка од сметководството на националните сметки, при што е користена голема база на податоци за

различни земји. Генералниот заклучок од овој труд е дека кај развиените земји, државниот сектор е нето-должник и главен детерминатор на макроекономските нерамнотежи, додека во помалку развиените земји (вклучително и Република Македонија) тоа е приватниот сектор.

*Паричните текови помеѓу секторите во македонската економија, Годишник на Економскиот факултет, Скопје, 2010.* Во овој труд, предмет на анализа е матрицата (сметката) на парични текови помеѓу главните сектори во македонската економија. Користена е интегрирана и методолошки конзистентна макроекономска рамка со цел да се утврдат и квантифицираат нето-должничките/доверителските позиции на главните сектори во македонската економија. Исто така, во овој труд се прави обид за квантифицирање на тековите и насоките на движење на финансиски средства помеѓу основните сектори во македонската економија (приватен сектор, државен сектор, секторот на депозитни банки, секторот странство) за периодот 2004-2009 година.

*Колкав е износот на домашните и надворешните обврски на државата - излезна стратегија и можни сценарија, Билтен на Фондацијата Институт отворено општество, Скопје, 2010.* Во овој труд се анализираат неколку значајни аспекти од макроекономската политика и движења во периодот за време и непосредно по глобалната економска и финансиска криза. Посебен предмет на анализа е карактерот на монетарната и фискалната политика во светски рамки и посебно во случајот на Република Македонија, како и можностите за финансирање на буџетските дефицити. Тука посебно се анализира степенот на задолженост на македонската економија, и се истражуваат можностите за домашно и странско задолжување во специфичните услови кои владеат на домашниот и меѓународниот финансиски пазар.

*Реален девизен курс како однос помеѓу цени на разменливи и неразменливи стоки", Билтен на Министерството за финансии, Скопје, 2006.* Во овој труд авторот го истражувал прашањето за урамнотеженоста на девизниот курс на денарот во периодот 1995-2005 година преку анализа на реалниот девизен курс пресметан како однос на разменливи и неразменливи стоки. Општиот заклучок од ова истражување е дека во анализираниот период во Република Македонија постои тренд на намалување на реалниот девизен курс што може да укажува на намалување на трошоците за домашно производство на разменливи стоки и, следствено, на зголемена конкурентност на секторот на разменливи стоки.

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Покрај наставно-образовната и научноистражувачката дејност, кандидатот д-р Ѓорѓи Гоцков бил многу активен и во стручно-апликативната дејност, односно бил особено активен на повеќе полиња од поширок академски и општествен интерес.

Во продолжение, даваме преглед на некои активности кои кандидатот ги има извршувано досега:

- учество во промотивни активности на Економскиот факултет во Скопје, во 2010 и 2011 година;

- член на Уредувачкиот одбор на списанието „Билтен" на Министерството за финансии во 2003 година;
- член на Организациониот одбор на меѓународната конференција "Finance and monetary policy after the global financial crises", Економски факултет, 2011;
- остварено голем број на студиски престои во странство (23 на број);
- член на меѓународниот Irving Fisher - комитет за статистика на централните банки во рамки на Банката за меѓународни порамнувања, Базел, Швајцарија, 2005-2009;
- член на меѓународниот Комитет за монетарна, платнобилансна и финансиска статистика во рамки на EUROSTAT, Европска комисија, Луксембург, 2005-2009;
- член на Комисијата за денационализација, 2003;
- член на Проектната група за макроекономско програмирање, 2005;
- член на Комитетот за оперативна монетарна политика, 2004-2009;
- член на Комитетот за управување со активата и пасивата на НБРМ, 2005-2009;
- член на Комисијата за разгледување на акти од девизното работење, 2005-2009;
- член на Комитетот за финансиско известување и изготвување на нов контен план за банките, 2005-2009;
- член на Советот на Државниот завод за статистика, 2007-2009;
- член на Клубот на истражувачи во организација на НБРМ, 2011-;
- учество во изработка на Макроекономската политика на Република Македонија за 2004 година;
- учество во изработка на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија во периодот 2006-2009 година;
- член на Комисијата за обработка на податоци за упис на нови студенти во прва година во учебната 2010/2011 и 2011/2012 година.

**АНЕКС 2**

## ОБРАЗЕЦ
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** **Ѓорѓи Славко Гоцков**
**Институција:** **Економски факултет - Скопје**
**Научна област: економски науки, финансии**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Одржување на настава:<br>• Монетарна економија - дисперзирана паралелка во Струга: 6*15*0,04 = 3,6<br>• Банкарство - дисперзирана паралелка во Струга: 6*15*0,04 = 3,6 | 7,2 |
| 2 | Одржување на вежби (изработка на семинарски труд):<br>• Финансиски пазари и институции: 2*15*0,03*2 = 1,8<br>• Меѓународни финансии: 2*15*0,03*2 = 1,8<br>• Банкарство: 2*15*0,03*2 = 1,8<br>• Монетарна економија: 2*15*0,03*2 = 1,8<br>• Јавни финансии: 2*15*0,03*2 = 1,8<br>• Банкарски менаџмент: 2*15*0,03*2 = 1,8 | 10,8 |
| 3 | Консултации со студенти:<br>• Монетарна економија: 300 (студенти)*0,002*2 = 1,2<br>• Финансиски пазари и институции: 700 (студенти) *0,002*3 = 4,2<br>• Јавни финансии: 900 (студенти)*0,002*2 = 3,6<br>• Банкарство: 350 (студенти)*0,002*2 = 1,4<br>• Меѓународни финансии: 400 (студенти)*0,002*2 = 1,6<br>• Банкарски менаџмент: 350 (студенти)*0,002*2 = 1,4<br>• Фискален и монетарен систем на ЕУ: 150 (студенти)*0,002*1 = 0,3<br>• Хартии од вредност и портфолио менаџмент: 150 (студенти)*0,002*2 = 0,6 | 14,3 |
| | **Вкупно** | 32,3 |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1 | Учесник во меѓународен научен проект:<br>• Technical Assistance to the State Statistical Office, ASA Institute, EU, 2010/2011 | 5 |
| 2 | Монографија:<br>• "Интегрирани макроекономски сметки и случајот на Република Македонија", докторска дисертација, Економски факултет, Скопје, 2011 = 8 поени<br>• "Методологија за следење и анализа на финансиските текови во Република Македонија", магистерски труд, Економски факултет, Скопје, 2009 = 8 поени | 16 |
| 3 | Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание:<br>• "Странските валути во оптек во земјите во транзиција и придонесот на евроконверзијата за мерење на нивниот износ - со посебен осврт на Република Македонија", *Економски истражувања*, Народна банка на Република Македонија, 2001 = (коавтор) 80% од 4 = 3,2 поени<br>• "Македонската економија во десетгодишниот период | 26,4 |

| | | |
|---|---|---|
| | на монетарна самостојност", *Економски истражувања*, Народна банка на Република Македонија, 2002 = (коавтор) 80% од 4 = 3,2 поени<br>• "Улогата на штедењето и инвестициите во транзиционите економии", *Економски истражувања*, Народна банка на Република Македонија, 2002 = 4 поени<br>• "Анализа на девизниот курс на националната валута базирана на Big Mac - индексот", *Билтен*, Министерство за финансии, 2003 = 4 поени<br>• "Реален девизен курс како однос помеѓу цени на разменливи и неразменливи стоки", *Билтен*, Министерство за финансии, 2006 = 4 поени<br>• "Паричните текови помеѓу секторите во македонската економија", *Годишник на Економскиот факултет*, Скопје, 2010 = 4 поени<br>• "Колкав е износот на домашните и надворешните обврски на државата - излезна стратегија и можни сценарија", *Билтен на Фондацијата Институт отворено општество*, Скопје, 2010 = 4 поени | |
| 4 | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор:<br>• "Investigating the macroeconomic imbalances amongst the countries – a sectoral and quantitative analyses", procceding from the International Conference, Faculty of Economics, Skopje, 2011 = (коавтор) 90% од 3 = 2,7 | 2,7 |
| 5 | Пленарно предавање на научен/стручен собир:<br>• "Може ли државата да ни банкротира?", конференција, Институт Отворено Општество, Скопје, 2010 | 2 |
| 6 | Пленарно предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество:<br>"Finance and monetary policy after the global financial crises", International Conference, Faculty of Economics, Skopje, 2011 | 3 |
| | **Вкупно** | 55,1 |

**СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | | / |
| | **Вкупно** | / |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Учество во промотивни активности на факултетот /институтот: | 1,5 |

| | | |
|---|---|---|
| | (3 * 0,5 поени = 1,5 поени)<br>• Промоција на Економскиот факулет во Скопје, 2010<br>• Промоција на Економскиот факултет во Скопје, 2011<br>• Промоција на Економскиот факултет во Скопје, 10 средни училишта, 2011 | |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 2 | Член на уредувачки одбор на научно/стручно списание:<br>• член на Уредувачкиот одбор на списанието "Билтен" на Министерството за финансии, 2003 | 0,5 |
| 3 | Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир:<br>• член на Организациониот одбор на меѓународната конференција "Finance and monetary policy after the global financial crises", Економски факултет, 2011 | 1 |
| 4 | Студиски престој во странство (до три месеци):<br>(23 * 0,5 поени = 10 поени)<br>• Seminar on "A comparative study of the banking and financial systems" - *Banque de France*, Paris, France (September 1999);<br>• Seminar on "Monetary policy in a liberalized financial environment" - *BIS, Joint Vienna Institute,* Vienna, Austria (November, 1999);<br>• Seminar on "Macroeconomic Management and Policy" - *IMF*, Washington, United States (March-May, 2000);<br>• Seminar on "Operational Monetary Policy" - *De Nederlandsche Bank*, Amsterdam, Netherlands (September, 2000);<br>• Seminar on "Advanced Macroeconomic and Financial Management" - *IMF, Joint Vienna Institute*, Vienna, Austria (February, 2001);<br>• Seminar on "Central bank strategy, monetary institution and performance of the economy" - *Central Bank of Switzerland*, Gerzensee, Switzerland (February, 2002);<br>• Seminar on "Promoting monetary stability" - *IMF, Joint Vienna Institute*, Vienna, Austria (June, 2002);<br>• Seminar on "Monetary Policy Strategy and Implementation in the Eurosystem" - *Deutsche Bundesbank*, Frankfurt, Germany (March, 2003);<br>• Seminar on "The European Experience in the field of statistical harmonization" - *Banque de France*, Paris, France (June, 2004);<br>• Conference on "Financial Accounts" – *EUROSTAT*, Luxembourg (November, 2004);<br>• Conference on "Regular Reporting of Key Economic Indicators fo BIS Bi-monthly Meetings" - *Bank for International Settlements*, Basel, Switzerland (February 2005);<br>• Seminar on "Monetary and Financial Statistics Collected | 11,5 |

| | | |
|---|---|---|
| | and Compiled by the ESCB" - *Oesterreichische Natinalbank*,Vienna, Austria (June, 2005);<br>• Seminar on "Statistical Data Management" - *Banca d'Italia*, Rome, Italia (June, 2006);<br>• Conference on "Measuring the Financial Position of the Household Sector" - *Irving Fisher Committee*, Basel, Switzerland (August, 2006);<br>• Conference on "Monetary, Financial and Balance of Payment Statistics" – *EUROSTAT*, Luxembourg, (January,2007);<br>• Seminar on "Institutional Challenges on the Road to the EU and EMU (ICR)" - *Oesterreichische Natinalbank*,Vienna, Austria (February, 2007);<br>• Meeting with the Bank of Slovenia staff on macroeconomic statistics topics – *Bank of Slovenia*, Ljubljana, Slovenia (October, 2007);<br>• Conference on "Euroindicators" – *EUROSTAT*, Luxembourg (December, 2007);<br>• Conference on "Monetary, Financial and Balance of Payment Statistics" – *EUROSTAT*, Luxembourg (January, 2008);<br>• Conference on "Monetary, Financial and Balance of Payment Statistics" – *EUROSTAT*, Luxembourg (July, 2008);<br>• Seminar on "Statistics for Managers and Officers" - *European Central Bank* (December, 2008);<br>• Conference on "Monetary, Financial and Balance of Payment Statistics" – *EUROSTAT*, Luxembourg (February, 2009);<br>• Conference on "Monetary, Financial and Balance of Payment Statistics" – *EUROSTAT*, Luxembourg (July, 2009). | |
| 5 | Членство во извршно тело на меѓународна организација која поддржува/организира научноистражувачка дејност:<br>(2*2 поени = 4 поени)<br>• член на Irving Fisher - комитетот за статистика на централните банки во рамки на Банката за меѓународни порамнувања, Базел, Швајцарија, 2005-2009<br>• член на Комитетот за монетарна, платнобилансна и финансиска статистика во рамки на EUROSTAT, Европска комисија, Луксембург, 2005-2009 | 4 |
| 6 | Раководител на внатрешна организациона единица:<br>• директор на Дирекцијата за статистика во НБРМ, 2004 - 2009, 3 мандата * 3 поени = 9 поени<br>• раководител на Секторот за макроекономска и развојна политика на националната економија во Министерството за финансии, 2003, 1 мандат * 3 поени = 3 поени | 12 |
| 7 | Подготовка на национални документи (стратегии, закони и | 46 |

| | | |
|---|---|---|
| | сл.):<br>(23 * 2 поени = 46 поени)<br>• Закон за Народна банка<br>• Закон за банки<br>• Закон за девизно работење<br>• Закон за државна статистика<br>• Закон за јавен долг<br>• Годишен извештај на НБРМ за 1999<br>• Годишен извештај на НБРМ за 2000<br>• Годишен извештај на НБРМ за 2001<br>• Годишен извештај на НБРМ за 2002<br>• Годишен извештај на НБРМ за 2004<br>• Годишен извештај на НБРМ за 2005<br>• Годишен извештај на НБРМ за 2006<br>• Годишен извештај на НБРМ за 2007<br>• Годишен извештај на НБРМ за 2008<br>• Одлука за целите и задачите на монетарната политика, 2000<br>• Одлука за целите и задачите на монетарната политика, 2001<br>• Одлука за целите и задачите на монетарната политика, 2002<br>• Одлука за целите и задачите на монетарната политика, 2003<br>• Одлука за доставување на податоци за каматни стапки на примени депозити и дадени кредити<br>• Одлука за доставување на податоци за состојбата и прометот на сметките од сметковниот план на банките и финансиските извештаи<br>• Одлука за евидентирање на кредитните работи со странство<br>• Одлука за начинот и условите за поднесување извештаи за склучени кредитни работи<br>• Одлука за начинот на вршење на платен промет со странство | |
| 8 | Член на факултетска комисија:<br>(2 * 0,5 поени = 1 поен)<br>• член на Комисијата за обработка на податоци за упис на нови студенти во прва година во учебната 2010/2011 година<br>• член на Комисијата за обработка на податоци за упис на нови студенти во прва година во учебната 2011/2012 година | 1 |
| 9 | Учество во комисии и тела на државни и други органи:<br>(8 * 1 поен = 8 поени)<br>• член на Комисијата за денационализација, 2003<br>• член на Проектната група за макроекономско програмирање, 2005<br>• член на Комитетот за оперативна монетарна | 8 |

| | | |
|---|---|---|
| | политика, 2004-2009<br>• член на Комитетот за управување со активата и пасивата на НБРМ, 2005-2009<br>• член на Комитетот за финансиско известување и изготвување на нов контен план за банките<br>• член на Комисијата за разгледување на акти од девизното работење, 2005-2009<br>• член на Советот на Државниот завод за статистика, 2007-2009<br>• член на Клубот на истражувачи во организација на НБРМ, 2011- | |
| 10 | Учество во изработка на национална програма од одредена област:<br>(5 * 3 поени = 15 поени)<br>• Макроекономска политика на Република Македонија за 2004 година<br>• Национална програма за усвојување на правото на Европската унија, 2006<br>• Национална програма за усвојување на правото на Европската унија, 2007<br>• Национална програма за усвојување на правото на Европската унија, 2008<br>• Национална програма за усвојување на правото на Европската унија, 2009 | 15 |
| | **Вкупно** | 100,5 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 32,3 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 55,1 |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | --- |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 100,5 |
| **Вкупно** | 187,9 |

2. **Д-р Емилија Стевановска**

**БИОГРАФИЈА**

Кандидатката д-р Емилија Стевановска е родена на 18.2.1977 година во Битола. Основно и средно образование завршила во своето родно место, по што се запишала на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Климент Охридски" во Прилеп. Во 2000 година дипломирала на истиот Факултет на насоката меѓународна економија и се стекнала со научен степен - дипломиран економист. Истата година се запишала на постдипломските

студии на Економскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје на насоката европски студии. Во 2005 успешно го одбранила магистерскиот труд „Искуствата од функционирањето на современите пазари на труд и нивната релевантност за македонската економија", со што се здобила со научен степен - магистер на економски науки. Во 2009 година успешно ја одбранила докторската дисертација под наслов „Пазарот на труд во Република Македонија и аспирациите за членство во Европската унија", со што се здобила со научен степен - доктор на економски науки.

Во својата професионална кариера, од крајот на 2000 година до средината на 2004 година работела како финансиски менаџер во приватната фирма ДОО Енигма Битола. Од средината на 2004 година се вработила на Факултетот за економски науки при приватниот Европски универзитет во Скопје, веднаш како асистент по предметите: основи на економија, монетарна економија, менаџерска економија и меѓународни финансии. Во мај 2009 година е избрана за доцент на Факултетот за економски науки при првиот приватен универзитет Европски универзитет – Република Македонија (ЕУРМ) по предметот монетарна економија. Тековно кандидатката ги предава следниве предмети: менаџерска економија, монетарна економија, хартии од вредност и портфолио менаџмент, меѓународни економски односи, фискален систем и фискална политика на ЕУ и девизна политика.

Покрај наставно-образовната дејност на ЕУРМ ја врши и функцијата раководител на Центарот за кариера на истиот Факултет. Има објавено неколку научни трудови, учебни помагала за студентите и учествувано на неколку семинари претежно во земјата.

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

Во рамките на наставно-образовната дејност, кандидатката д-р Емилија Стевановска е ангажирана во спроведувањето на предавања на додипломските и постдипломските студии на Факултетот за економски науки при Европскиот универзитет во Скопје, на следните предмети: менаџерска економија, монетарна економија, хартии од вредност и портфолио менаџмент, меѓународни економски односи, фискален систем и фискална политика на ЕУ и девизна политика. Автор е на еден учебник за додипломски студии (монетарна економија), еден учебник за постдипломски студии (фискален систем и фискална политика на ЕУ), а коавтор на еден учебник за додипломски студии (промоција) на Факултетот за економски науки при првиот приватен универзитет Европски универзитет – Република Македонија.

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

Во својата досегашна професионална кариера, кандидатката д-р Емилија Стевановска ги има објавено следниве трудови:

- Пазарот на труд во Република Македонија и аспирациите за членство во Европската унија [докторска дисертација], Економски факултет-Скопје, Скопје, 2009;
- Бевериџ кривата во економската анализа на пазарот на труд, *Зборник на трудови*, Европски универзитет, Скопје, 2010;

- Трендот на европската невработеност, *Годишник на трудови*, Европски универзитет, Скопје, 2008;
- Флексибилноста на пазарот на труд", *Зборник на трудови*, Европски универзитет, Скопје, 2008;
- Еволуција на природната стапка на невработеност во Европската унија", *Журнал*, Економски институт, Скопје, 2007;
- Искуствата од функционирањето на современите пазари на труд и нивната релевантност за македонската економија [магистерски труд], Економски факултет, Скопје, 2005.

Имајќи ги предвид објавените научни трудови, може да се заклучи дека функционирањето на пазарот на трудот и невработеноста претставува главно поле на истражување на кандидатката.

Во продолжение ќе дадеме краток осврт на некои од трудовите на кандидатката д-р Емилија Стевановска.

*Пазарот на труд во Република Македонија и аспирациите за членство во Европската унија, [докторска дисертација], Економски факултет-Скопје, Скопје, 2009.* Појдовната теза на докторската дисертација ја сочинуваат неколку прашања: На кој начин функционира пазарот на труд и зошто тој е специфичен по своето реагирање во различни земји? Зошто токму функционирањето на пазарот на трудот претставува главна преокупација на современата економска теорија? Кои фактори влијаат врз порастот на невработеноста? Каква е улогата и мерките на економската политика на полето на пазарот на труд? Зошто ЕУ се одликува со повисока природна стапка на невработеност во споредба со останатите високоразвиени земји? Кои се искуствата и перспективите на ЕУ во создавањето на институционална рамка за подобрување на пазарот на труд и кохерентна социјална политика? Можат ли да се извлечат генерални заклучоци за функционирањето на пазарот на труд кои би биле релевантни и за Република Македонија? Каква е природата на невработеноста во Република Македонија? Од што произлегува нејзината перзистентност? Дали знаеме доволно за појавата и опстојувањето на невработеноста за да дадеме совет? Кои се најдобрите начини за борба против високата стапка на невработеност во нашата земја?

Во првиот дел од трудот се изложени теоретско-методолошките аспекти на функционирањето на пазарот на труд, каде што се наведуваат постулатите на ортодоксниот пристап на пазарот на труд, нивната валидност и издржливост во денешни услови. Во овој дел, предмет на обработка е и невработеноста, ригидноста на наемнините и влијанието на економската политика на краток и долг рок врз пазарот на труд. Вториот дел се задржува на објаснување на пазарот на труд во ЕУ, водејќи сметка за неговите карактеристики во поединечните земји - членки на ЕУ. Во овој дел е објаснета поголемата ригидност на пазарот на труд во ЕУ во споредба со останатите високоразвиени земји.

Во рамките на третиот дел е опфатена анализата на пазарот на трудот во Република Македонија. Анализата е направена главно преку примена на макроекономски пристап, со цел да се извлечат заклучоци за функционирањето на македонскиот пазар на труд и причините за високата

невработеност. Заклучено е дека невработеноста во Република Македонија е структурна и циклична, и таа не може да се реши преку зголемување на флексибилноста на наемнините по европскиот пример. Исто така, заклучено е дека покрај високата регистрирана невработеност, во македонското стопанство постои и т.н. скриена невработеност во форма на заостанати плати, кои не се исплатени повеќе години. На крајот на докторската дисертација е даден заклучок за целосното функционирање на пазарот на труд во Република Македонија, споредени со пазарите на развиените економии во ЕУ, со нагласување дека перспективите за полноправно членство во ЕУ влеваат оптимизам за подобрување на вкупните економски показатели, а со тоа и на вработеноста.

*Еволуција на природната стапка на невработеност во Европската унија, Журнал, Економски институт, Скопје, 2007.* Овој труд претставува теоретска и емпириска анализа за сумирање на обидите за откривање на причините за растот на невработеноста на европското тло, која својот врзв го достигна во средината на деведесеттите години од минатиот век. Во фокусот на истражувањето за растот на невработеноста првично се најде улогата на шоковите кои ја потресоа светската економија, а потоа вниманието е препасочено кон механизмите кои предизвикуваат перзистентност на невработеноста.

*Флексибилноста на пазарот на труд, Зборник на трудови, Европски универзитет, Скопје, 2008.* Овој труд претставува обид за изнесување на специфичните карактеристики и начинот на урамнотежување на пазарот на трудот. Во него се изнесуваат различните гледишта за пазарот на труд согласно со неокласичниот и ортодоксниот пристап, како и критиките на овие два основни пристапа за пазарот на труд. Анализирано е и неокензијанското мислење за невработеноста, Филипсовата крива и бевериџ кривата, како елементи и индикатори битни при анализата на пазарот на труд.

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

Во делот на стручно-апликативна дејност, односно остварување на поширок академски и општествен интерес, кандидатката покажува релативно скромна активност. Во својата досегашна кариера има реализирано два стручни престоја во странство и реализирала две раководни позиции: финансиски директор на приватна компанија и раководител на Центарот за кариера на Факултетот за економски науки при Европскиот универзитет во Скопје.

**АНЕКС 2**

**ОБРАЗЕЦ**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** **Емилија Киро Стевановска**
**Институција:** **Факултет за економски науки – Европски универзитет, Скопје**
**Научна област: економски науки**

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Одржување на настава:<br>- од прв циклус на студии (Европски универзитет, Скопје):<br>• Монетарна економија: 3*15*0,04*2 = 3,6<br>• Менаџерска економија: 3*15*0,04*2 = 3,6<br>• Хартии од вредност и портфолио менаџмент: 3*15*0,04*2 = 3,6<br>• Меѓународни економски односи: 3*15*0,04*2 = 3,6<br>- од втор циклус на студии (Европски универзитет, Скопје):<br>• Фискален систем и фискална политика на ЕУ: 3*15*0,05*2 = 4,5<br>• Девизна политика: 3*15*0,05*2 = 4,5 | 23,4 |
| 2 | Консултации со студенти:<br>• Монетарна економија: 50*0,002*2 = 0,2<br>• Менаџерска економија: 50*0,002*2 = 0,2<br>• Хартии од вредност и портфолио менаџмент: 50*0,002*2 = 0,2<br>• Меѓународни економски односи: 50*0,002*2 = 0,2<br>• Фискален систем и фискална политика на ЕУ: 50*0,002*2 = 0,2<br>• Девизна политика: 50*0,002*2 = 0,2 | 1,2 |
| 3 | Позитивно рецензиран универзитетски учебник:<br>- автор:<br>• Монетарна економија: 8 поени<br>• Фискален систем и фискална политика на ЕУ: 8 поени<br>- коавтор:<br>• Промоција: 6 поени | 22 |
| | **Вкупно** | 46,6 |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Монографија:<br>• "Пазарот на труд во Република Македонија и аспирациите за членство во Европската унија", докторска дисертација, Економски факултет, Скопје, 2009 = 8 поени<br>• "Искуствата од функционирањето на современите пазари на труд и нивната релевантност за македонската економија", магистерски труд, Економски факултет, Скопје, 2005 = 8 поени | 16 |
| 2 | Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание: | 8 |

| | | |
|---|---|---|
| | • "Трендот на европската невработеност", *Годишник на трудови*, Европски универзитет, Скопје, 2008 = 4 поени<br>• "Еволуција на природната стапка на невработеност во Европската унија", *Журнал*, Економски институт, Скопје, 2007 = 4 поени | |
| 3 | Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир:<br>• "Бевериџ кривата во економската анализа на пазарот на труд", *Зборник на трудови*, Европски универзитет, Скопје, 2010 = 2 поени<br>• "Флексибилноста на пазарот на труд", *Зборник на трудови*, Европски универзитет, Скопје, 2008 = 2 поени | 4 |
| | **Вкупно** | 28 |

**СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | | / |
| | **Вкупно** | / |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | | |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 1 | Студиски престој во странство (до три месеци):<br>(2 * 0,5 поени = 1 поен)<br>• Напредна програма за претприемништво, Information Agency, United States, 1993<br>• Напредна програма за претприемништво, Agency for Development, United States, 1993 | 1 |
| 2 | Раководител на внатрешна организациона единица:<br>• финансиски директор, ДОО Енигма, Битола, 2000 – 2004 = 3 поени<br>• Раководител на Центарот за кариера при Европскиот универзитет, Скопје = 3 поени | 6 |
| | **Вкупно** | 7 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 46,6 |

| | |
|---|---|
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 28 |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | --- |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 7 |
| **Вкупно** | 81,6 |

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на приложената документација за активностите и досегашниот ангажман на кандидатите кои се јавија на конкурсот за избор на наставник по предметот фискален и монетарен систем на ЕУ: д-р Ѓорѓи Гоцков и д-р Емилија Стевановска, Комисијата го дава следниов заклучок со предлог: членовите на Рецензентската комисија едногласно предност му дадоа на кандидатот д-р Ѓорѓи Гоцков, кој во изминатиот период има постигнато значајни резултати во сите области на наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност. Потврда за ова се и релативно повисокиот број на вкупни поени (187,9) на д-р Ѓорѓи Гоцков утврдени врз основа на наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност (Анекс 2 од соодветниот документ на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје). Тоа е секако резултат на неговиот постојан континуитет во работата, научниот афинитет, постојната надградба и ангажираност. Во наставно-образовниот процес во којшто беше и е ангажиран, учествува трудољубиво, ангажирано и квалитетно. Секогаш има коректен и конструктивен однос и соработка со студентите и колегите. Посебно треба да се истакне дисциплинираноста во пристапот кон работата, исполнителноста, максималната ангажираност и совесност.

Научните трудови на д-р Ѓорѓи Гоцков, публикувани во научно/стручни списанија или презентирани на собири во земјата и во странство се однесуваат на актуелна и современа проблематика, со своевиден придонес кон развојот на научната и стручна мисла во областа на макроекономијата и финансиите, како област за која и конкурира. Во овој домен е и неговата докторска дисертација, за разлика од другиот кандидат чиј главен интерес на истражување е пазарот на трудот и невработеноста, како подрачја кои се анализираат и во неговата докторска дисертација.

Големата ангажираност на кандидатот д-р Ѓорѓи Гоцков особено може да се согледа анализирајќи ја и стручно-апликативната дејност, како и дејностите од поширок општествен интерес, кои говорат за кандидат со богато професионално искуство во доменот на монетарната сфера и јавните финансии, како област за која и конкурира.

Врз основа на изнесеното, Комисијата констатира дека кандидатот д-р Ѓорѓи Гоцков во целост ги исполнува законските услови, научните критериуми и условите предвидени со релевантните акти на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Земајќи го предвид горенаведеното, Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на

Економскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, **кандидатот д-р Ѓорѓи Гоцков да биде избран за наставник по предметот фискален и монетарен систем на ЕУ, во звањето доцент на Економскиот факултет во Скопје.**

**Членови на Комисијата**

1. Проф. д-р Михаил Петковски, с.р
2. Проф. д-р Љубе Трпески с.р.
3. Проф. д-р Љубица Костовска, с.р.

# ПРЕГЛЕД
## на прифатени теми за изработка на докторска дисертација на Економскиот институт во Скопје

1

| *Ред. бр.* | *Име на кандидатот* | *Наслов на темата* | *Комисија за подобност* |
|---|---|---|---|
| *1.* | м-р Соња Маркова | "Влијание на социјалните медиуми врз однесување на интернет потрошувачите и стратегиската насока на електронскиот бизнис" | -д-р Татјана Петковска-Мирчевска<br>-д-р Татјана Петковска<br>-д-р Зоран Јаневски |
| *2.* | м-р Бисера Војческа | "Примена на маркетинг инструментите за задоволување на потребите на корисниците на услугите во јавниот сектор и можности за нивно унапредување во Република Македонија" | -д-р Татјана Петковска-Мирчевска<br>-д-р Татјана Петковска<br>-д-р Биљана Ангелова |
| *3.* | м-р Маја Богдановска-Стојаноска | "Управувањесо ликвидноста во јавното финансирање со посебен осврт на трезорскиот систем на работење" | д-р Снежана Костадиноска-Милошеска<br>-д-р Диана Бошковска<br>-д-р Наташа Данилоска |
| *4.* | м-р Амелија Јанковска | "Особености на пазарот на лекови во Европската Унија и Република Македонија" | д-р Снежана Костадиноска-Милошеска<br>-д-р Татјана Петковска<br>-д-р Климентина Попоска |
| *5.* | м-р Силвана Петревска | "Примена на концептот родово буџетирање во функција на економскиот развој" | -д-р Снежана Костадиноска-Милошеска<br>-д-р Верица Јанеска<br>-д-р Климентина Попоска |
| *6.* | м-р Арбен Халили | "Фискалните ефекти на земјоделските политики во Република Македонија" | -д-р Биљана Ангелова<br>-д-р Дејан Пендев<br>-д-р Наташа Данилоска |

# ПРЕГЛЕД
на прифатени теми за изработка на магистерски труд
на Економскиот институт во Скопје

II

| *Ред. бр.* | *Име на кандидатот* | *Наслов на темата* | *Ментор* |
|---|---|---|---|
| 1. | Панореја Десовска | "Управување со проектниот циклус кај проекти финансирани од фондовите за надворешна помош на Европската комисија" | д-р Биљана Ангелова |
| 2. | Ленче Ѓуриќ | "Значењето на ефективна организациска комуникација при трансформација на јавните претпријатија-со осврт на ЈП Македонски Железници" | д-р Васил Поповски |
| 3. | Ивица Јаковлевски | "Примена на моделот за претприемничкиот менаџмент во спортските организации" | д-р Дејан Пендев |
| 4. | Александра Илиевски | "Влијание на креативноста и интелектуалниот капитал врз финансиските резултати на компаниите" | д-р Климентина Попоска |

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА ПОД НАСЛОВ „ЕМОЦИОНАЛНАТА КЛИМА И ОДНЕСУВАЊЕТО НА УЧЕНИЦИТЕ“ ОД М-Р ДЕСПИНА СИВЕВСКА, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 82 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус студии-докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и член 38 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Филозофскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата XXIII редовна седница одржана на 22.XII 2011 година, донесе одлука за формирање на Комисија за оцена на докторската дисертација под наслов *Емоционалнаша клима и однесувањешо на ученициише во училиишешо*, поднесена од м-р Деспина Сивевска, во состав: проф. д-р Марија Костова, проф. д-р Марија Тофовиќ Ќамилова, проф. д-р Наташа Ангелоска-Галевска, проф. д-р Анета Бараковска и проф. д-р Вера Стојановска.

Заблагодарувајќи се за укажаната доверба, имаме чест на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет да му го поднесеме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација под наслов *Емоционалнаша клима и однесувањешо на ученициише во училиишешо*, поднесена од м-р Деспина Сивевска, претставува оригинален труд кој актуализира мошне значаен и современ проблем, кој во последниве години има значајна улога во креирањето и реализирањето на современата настава.

Основниот текст на докторската дисертација е глобално структуриран во неколку глобални делови, со следниов редослед: *Теорешска елаборација на проблемош; Мешодологија на исшражувањешо; Иншерпрешација и анализа на резулшашише од исшражувањешо; Дискусија на добиенише резулшаши и заклучни согледувања*. Во прилог на основниот текст се дадени примероци од инструментите кои се користени за потребите на истражувањето, како и список на користена литература за изработка на докторската дисертација, која опфаќа 132 библиографски единици на актуелни и тематски релевантни домашни и странски извори.

Целосниот труд содржи вкупно 290 страници компјутерски обликуван тескт.

Првиот дел од дисертацијата претставува мошне солидна теоретска елаборација на дефинирањето и значењето на училишната и одделенската клима воопшто, како и на емоционалната клима, за подобрувањето на успехот и однесувањето на учениците во училиштето, заснована врз основа на теоретска

анализа на бројни научни студии и релевантни истражувања и анализа на релевантни педагошки документи.

Во теоретскиот дел, темата е поделена на осум поглавја. Во првото поглавје се дадени дефиниции за училишната и одделенската клима, одговори за значењето на училишната клима, определување на карактеристиките на позитивната одделенска клима, дефинирање на типовите училишна клима, детерминирање на факторите кои ја определуваат училишната клима, елементите и димензиите на училишната клима.

Во второто поглавје е даден преглед на релевантни истражувања на училишната клима, вклучувајќи модалитети на истражување на педагошката клима, рани истражувања на одделенската клима, истражувања кои опфаќаат користење на инструменти за испитување на одделенската клима (поврзаноста на одделенската клима и постигнувањата на учениците, разлика меѓу ученичките перцепции на актуелната и посакуваната училница (одделенска клима), премин од основно кон средно училиште, студии кои вклучуваат други независни варијабли, подобрување на училишната и одделенската клима), меѓународни истражувања: валидација на инструментите и резултатите од истражувањата.

Третото поглавје содржи преглед на инструментите кои се користат при проучувањето на одделенската клима, вклучувајќи ги: пристапите во проучувањето на одделенската клима, инструменти за проучување на одделенската клима (*Скала на амбиент на научна лабораторија (SLEI), Преглед на конструктивистичкото опкружување за учење (CLES), Прашалник за интеракцијата ученик-наставник (QTI)* и *Што се случува во училницата (WIHIC)*), преглед на прашалниците кои се со историско значење, како и употребата на прашалниците во проучувањето на климата во одделението.

Во четвртото поглавје се дадени дефиниции за значењето и разграничувањето на поимите училишна клима и училишна култура, кои честопати како поими се прифаќаат и се толкуваат сининимно.

Во петтото поглавје се опфатени интерперсоналните односи како индикатори за педагошката клима во училиштето и одделението, притоа дефинирајќи ги интерперсоналните односи, видовите на интерперсонални односи, интерперсоналните односи во воспитанието, како и факторите кои се значајни за еден успешен интерперсонален однос.

Шестото поглавје ја третира проблематиката на интерперсоналната комуникација во образованието и зависноста меѓу климата и комуникацијата во одделението.

Во седмото поглавје, вниманието е насочено кон определувањето и дефинирањето на социјалната клима во класот.

Осмото поглавје се однесува на емоционалната клима: нејзино дефинирање, емоционалната клима и резултатите од учењето, определуање на компонентите за формирање на позитивна емоционална клима (интеракцијата ученик-наставник, стил на раководење на наставникот, личноста на наставникот, стручната подготвеност на наставникот, емпатичноста и поддршката од страна на наставникот).

Во вториот глобален дел на дисертацијата е објаснета методолошката поставеност на емпириското истражување. Во овој дел се обработени во посебни поглавја, *предметот и значењето на истражувањето, основните поими кои се*

*содржани во предметот на истражувањето, целта, задачите, хипотезите и варијаблите на истражувањето, методите, техниките и инструментите, примерокот на истражувањето, организацијата и текот на истражувањето, како и обработката на податоците.*

Како предмет на истражување во оваа дисертација е климата во класот, детерминирана од начинот на работа на наставникот и нејзиното влијание врз однесувањето на учениците. Од предметот произлегува и целта на истражувањето, која се однесува на утврдувањето на ставовите на учениците и наставниците за тоа како ја доживуваат и оценуваат емоционалната клима во класот и какво е влијанието на емоционалната клима врз однесувањето на учениците.

Со оглед на поставената цел на истражувањето, како посебни задачи ги има поставено следниве:

**I гр. задачи**

Првата група на задачи се однесува на определување на емоционалната клима која владее во училницата преку начинот на кој наставникот го организира часот (преку следниве категории):

1. Да се утврдат интерперсоналните односи во одделението;
2. Да се утврдат личните особини на наставникот;
3. Да се утврди стручната оспособеност на наставникот;
4. Да се утврди стилот на раководење на наставникот;
5. Да се утврдат формите на работа во училницата;
6. Да се утврди кои средствата на работа ги користи наставникот.

**II гр. задачи**

Втората група на задачи се однесува на споредувањето на разликите во проценките:

1. Да се утврдат разликите во проценката на емоционалната клима, меѓу учениците од различни средни училишта;
2. Да се утврдат разликите во проценката на емоционалната клима, меѓу учениците со различен училишен успех
3. Да се утврдат разликите во проценката на емоционалната клима, меѓу учениците од различен пол;
4. Да се утврдат разликите во проценката меѓу учениците и наставниците во проценувањето на емоционалната клима;
5. Да се утврдат разликите во проценката меѓу наставниците од различни средни училишта;
6. Да се утврдат разликите во проценката меѓу наставниците со различно работно искуство.

Во согласност со теоретската рамка на овој проект, поставените цели, задачи и истражувачки хипотези, истражувањето е емпириско, засновано на дескриптивниот метод низ моделите на аналитичко-дескриптивниот приод, компаративно-дескриптивниот и интерпретативно-дескриптивниот приод.

Доминантно обележје на истражувањето е тоа дека се потпира на перцепцијата (доживувањето) на учениците на одделенската/емоционалната

клима, односно на субјективни, а не на објективни показатели на емоционалната клима во одделението, изразена преку категориите: интерперсонални односи, лични особини на наставникот, стручна оспособеност на наставникот, стил на раководење на наставникот.

При истражувањето е користен инструмент, прашалник / скала на процена, за учениците и за наставниците, кој е конструиран, целно за потребите на истражувањето (по урнек на стандардизираните тестови за проценување на климата во одделението). Инструментот се состои од два дела. Првиот дел опфаќа прашања за собирање на општи податоци, прашања во кои се операционализирани индикаторите на независните вријабли: вид на училиште, работно искуство на наставниците, пол на ученикот, успех на ученикот. Вториот дел од инструментот за ученици го сочинуваат искази, ајтеми на инструментот, кој е конструиран за потребите на истражувањето, со цел да се утврди емоционалната клима која владее во класот, проценета преку пет категории: интерперсонални односи, лични особини на наставникот, стручна оспособеност на наставникот, стил на раководење, форми и средства на работа на часот.

Кај инструментот за наставници, покрај исказите, ајтемите за проценка на климата во одделението кои се дадени во прашалникот за ученици, додадени се дополнителни прашања преку кои тие го проценуваат својот ангажман во креирањето на позитивна клима во класот и активностите и мерките кои ги преземаат за нејзино подобрување.

За потребите на истражувањето е користен примерок - **збир** - испитаниците опфатени во истражувањето се вклучени како членови на група (цел клас). Изборот на класовите е намерен. Во примерокот се опфатени класови од средните училишта во општина Штип, Радовиш, Кратово и Струмица (III и IV година од средните училишта), со вкупен број на 580 ученици, распоредени во 22 (дваесет и два) класа, во шест различни средни училишта.

Со ова истражување, покрај учениците, опфатени се и наставниците кои работат со тие ученици. Популацијата наставници ја сочинуваат 22 (дваесет и два) наставника кои се класни раководители на соодветните класови опфатени со примерокот.

Истражувањето е спроведено во првото полугодие на учебната 2010/11 година, во соработка со учениците, наставниците и директорите од училиштата кои се вклучени во примерокот за истражување. Истражувањето е спроведено анонимно, доброволно и временски ограничено на еден школски час (односно за време на класниот час).

Добиените истражувачки податоци се обработени квантитативно, со помош на статистичкиот пакет SPSS19.

Третиот дел од дисертацијата опфаќа интерпретација и анализа на резултатите од истражувањето. Резултатите се групирани и добро систематизирани, согласно со поставените хипотези и се презентирани по следниот редослед: утврдување на ставовите на учениците во однос на проценувањето на емоционалната клима која постои во нивниот клас (проценета преку категориите: интерперсонални односи, лични особини на наставникот, стручна оспособеност на наставникот, стил на раководење на наставникот и форми и методи кои ги користи наставникот во текот на својата работа); да се утврди дали постојат разлики во ставовите на учениците со различен успех во

однос на проценката на емоционалната клима која владее во класот; утврдување на ставовите на учениците од различен пол во однос на емоционалната клима која владее во класот; да се идентификуваат начините на кој наставниците ја креираат климата во одделението, односно да се утврди дали креирањето на климата во одделението зависи од типот на училиште во кое предава наставникот и дали тоа зависи од нивното работно искуство; да се утврдат разликите меѓу учениците и наставниците во проценувањето на емоционалната клима во нивниот клас. Наведените резултати од трудот се прегледно средени во повеќе табели и графикони и тие се промислено анализирани со цел да се провери, односно да се процени каква е веродостојноста на поставените хипотези.

Четвртиот дел, со наслов „Општи заклучоци од истражувањето", содржи сумарен преглед на заклучоците и констатациите што се изведени врз основа на добиените резултати од истражувањето. Сознанијата што се добиени генерално говорат дека учениците од сите средни училишта позитивно ја проценуваат емоционалната клима во нивниот клас, дека успехот во голема мера не го детерминира перцепирањето на емоционалната клима во класот и однесувањето на учениците, меѓутоа генерално анализирајќи ги одговорите на учениците кои ги дале на понудените искази, ќе се забележи дека учениците кои се со подобар училиштен успех попозитивно ја проценуваат емоционалната клима во класот. Разлики во проценувањето на емоционалната клима во класот не постојат и меѓу учениците во однос на полот, но според разликите кои се добиени кај одредени искази може да се заклучиме дека женските сакаат повеќе кооперативност, попријателски се расположени, препознаваат емпатичност кај своите наставници, работата на наставникот попозитивно ја оценуваат за разлика од машките, кои повеќе сакаат натпревар и кои кај наставникот го препознаваат автократскиот стил на раководење. Односно, во целина може да се заклучи дека женските поповолно ја оценуваат емоционалната клима во класот.

Наставниците позитивно ја оценуваат емоционалната клима во својот клас. Во однос на разликата меѓу видот на училиште и мерките и активностите кои ги преземаат наставниците за подобрување на емоционалната клима во класот, добиените резултати покажаа дека не постои каузална врска меѓу нив, односно дека наставниците без разлика од кое средно училиште доаѓаат применуваат исти или слични мерки и активности со цел да ја унапредат емоционалната клима во класот и индиректно да го подобрат и однесувањето на учениците.

Не постојат разлики меѓу наставниците со различно работно искуство во однос на нивната проценка на емоционалната клима која постои во класот. Меѓутоа и покрај тоа, од прегледот на резултатите, може да се генерализира дека наставниците на почетокот од својот работен стаж повеќе внимание посветуваат на односите кои ќе ги воспостават со учениците и на карактеристиките на својата личност, додека оние што се поголемо работно искуство внимание посветуваат на стилот на раководење, односно на начинот на кој ќе работат со учениците и на изнаоѓањето на соодветни форми и средства со кои посоодветно би го пренеле наставното градиво на своите ученици.

Постојат разлики во перцепциите на емоционалната клима во класот меѓу учениците и наставниците. Наставниците значително повисоко ја оценуваат климата во класот, за разлика од нивните ученици. Причина за ваквата состојба може да биде и социјалната перцепција, односно разликите во социјалните улоги

врз проценката на климата во одделението. Во тој контекст и резултатите од истражувањето покажуваат дека наставниците просечно попозитивно ја проценуваат климата од нивните ученици.

Врз основа на изнесените теоретски сознанија и емпириски показатели во врска со значењето на емоционалната клима за однесувањето на учениците, кандидатката изнесува и одредени сугестии и предлози кои се во функција на подобрување на квалитетот на наставата.

***Заклучок и предлог***

Докторската дисертација под наслов *Емоционалната клима и однесувањето на учениците во училиштето*, поднесена од м-р Деспина Сивевска, претставува мошне квалитетен научен труд кој целосно ги задоволува стандардите во однос на методолошкиот пристап, студиозноста и аналитичноста на добиените резултати, како и нивната систематичност. Во трудот се презентирани научно вредни информации кои сумарно говорат за значењето на емоционалната клима за подобрувањето на однесувањето на учениците.

Давајќи позитивна оцена на докторската дисертација под наслов *Емоционалната клима и однесувањето на учениците во училиштето*", поднесена од м-р Деспина Сивевска, Комисијата има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет да го прифати овој извештај и да одобри јавна усна одбрана на дисертацијата.

За одбрана на докторската дисертација ја предлагаме истата Комисија, која со одлука на Наставно-научниот совет беше формирана за оцена на дисертацијата.

Скопје,
18.1.2012

**Членови на Комисијата**

1. Проф. д-р Марија Костова, с.р.
2. Проф. д-р Марија Тофовиќ Камилова, с.р.
3. Проф. д-р Наташа Ангелоска Галевска, с.р.
4. Проф. д-р Анета Бараковска, с.р.
5. Проф. д-р Вера Стојановска, с.р.

**П Р Е Г Л Е Д**
**на одобрени теми за изработка на докторски дисертации на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје**
**Наставно-научен совет – 27.01.2012 година**

| Кандидат | Тема | Комисија |
|---|---|---|
| М-р Шабан Сулејмани | Семејното насилство кај албанската етничка заедница во Република Македонија | Д-р М.Каневчев<br>Д-р Г.Бужаровска<br>Д-р А.Груевска Дракулевски |
| М-р Агрон Бека | Организираниот криминал во урбанизмот и прометот со недвижнини со посебен осврт на територијата на Косово | Д-р В.Камбовски<br>Д-р Љ.Арнаудовски<br>Д-р Н.Тупанчески |
| М-р Верка Костовска | Одмерување на казна за дела во стек | Д-р В.Камбовски<br>Д-р М.Каневчев<br>Д-р Н.Тупанчески |
| М-р Елена Јовановска Брезоска | Оцена на законитоста на лишувањето од слобода во кривичната постапка | Д-р В.Камбовски<br>Д-р Г.Бужаровска<br>Д-р Г.Калајџиев |

# ПРЕГЛЕД
на прифатени теми за изработка на докторски дисертации на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје

| Кандидат | Тема | Комисија |
|---|---|---|
| **м-р Нада Петрушева** | **Корпоративно управување во друштвата за осигурување** | **1. Проф. д-р Александар Николовски**<br>**2.Проф. д-р Тито Беличанец**<br>**3.Проф. д-р Елена Градишки Лазаревска** |
| **м-р Биљана Петревска** | **Ризиците во банкарскиот сектор во Република Македонија – помеѓу правната регулатива и практиката** | **1.Проф. д-р Софија Тодорова**<br>**2.Проф. д-р Ванчо Узунов**<br>**3.Проф. д-р Димитар Гелев** |

ДЕКАН
---------------------------------
проф.д-р Борче Давитковски

ПРЕГЛЕД
на прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје
Наставно-научен совет – 27.01.2012 година

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Сања Ташкова | Феноменолошки и етиолошки карактеристики на криминалитетот на белите јаки | Д-р Методија Каневчев |
| Ангелина Глигоровска | Казнено правен третман на малолетниците – сторители на казнени дела | Д-р Методија Каневчев |
| Катерина Кузмановска | Непресметливост | Д-р Методија Каневчев |
| Гонца Ангелова | Превенција и спречување на тероризмот | Д-р Никола Тупанчески |
| Елена Вељановска | Овластувањата на полицијата во кривичната постапка | Д-р Гордан Калајџиев |
| Милка Спировска | Истрага на место на извршување на кривичното дело | Д-р Гордан Калајџиев |
| Сања Стојановска | Личните побуди на сторителот како квалификаторна околност кај казненото дело убиство од ниски побуди | Д-р Никола Тупанчески |
| Гаврил Ристовски | Измама | Д-р Никола Тупанчески |
| Марија Димитровска | Постапка за вработување на државни службеници, фактор за создавање на стручна и компетентна државна администрација | Д-р Борче Давитковски |
| Маја Стаменковска | Одговорност на администрација, со посебен осврт на | Д-р Борче Давитковски |

| | | |
|---|---|---|
| | одговорност за штетата настаната од вооружените сили | |
| Александра Петковска | Ефикасноста на Агенцијата за електронски комуникации врз основа на нејзината правна положба, надлежност и овластувања | Д-р Борче Давитковски |
| Благоја Јовановски | Феноменологија на малолетничката деликвенција во практиката на Основниот суд во Битола во периодот 2007-2010 година | Д-р Гордана Бужаровска |
| Јулијана Неделковска | Регулирање на граѓанско-правни деликти со странски елемент со осврт на Хашката Конвенција за меродавно право за патни сообраќајни несреќи од 1971 година | Д-р Поликсена Гавроска |
| Данче Попева | Правото на жалба во управен спор во Република Македонија | Д-р Борче Давитковски |
| Наташа Здравковска | Организации со јавни овластувања со посебен осврт на Коморите во здравството | Д-р Борче Давитковски |
| Марија Маневска | Одлучувањето и одговорноста на органите на јавните установи со посебен осврт на високообразовните установи | Д-р Борче Давитковски |
| Еџевит Аљији | Забрана на вршење професија, дејност или должност | Д-р Никола Тупанчески |

# ПРЕГЛЕД

на прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Ивица Пеповски | Финансиската реформа на Обединетите Нации – Лекции за Република Македонија | проф. д-р Весна Пендовска |
| Емилија Аринтоновска | Заштита на авторските права во новите медиуми | проф д-р Димитар Гелеі |
| Ирина Спасоска | Карактеристики на правните режими за депонирање и чување на хартии од вредност | проф. д-р Димитар Гелев |
| Ирена Трајановска | Дискриминацијата во работните односи во Р Македонија | проф. д-р Тодор Каламатиев |
| Томче Дончев | Правни аспекти на заштитата на жената при работа | проф. д-р Тодор Каламатиев |
| Душан Босиљанов | Зголемување на вработеноста во Р.Македонија преку инструментите на претпристапна помш на ЕУ | проф. д-р Тодор Каламатиев |
| Магдалена Миланова | Правна регулација на градењето надвор од урбанизираните области | проф. д-р Димитар Гелев |
| Душко Билески | Правна регулација на земјоделските земјишта во правниот систем на Република Македонија | проф. д-р Родна Живковска |
| Јован Чочковски | Причини за развод на брак | проф. д-р Дејан Мицкевиќ |

ДЕКАН

Проф.д-р Борче Давитковски

# ПРЕГЛЕД
на прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје

| **Кандидат** | **Тема** | **Ментор** |
|---|---|---|
| **Весна Невеселовска** | **Глобализацијата и заштитата на податоци** | **проф.д-р Гордана Силјановска Давкова.** |
| **Драган Василов** | **Создавањето на македонската революционерна организација и нејзиниот развој до 1903 година ( Илинденскиот период )** | **проф.д-р Билјана Поповска** |
| **Маја Тодоровска** | **The European economic Area and its democratic dificit-the case of Norway ( Европската Економска област и нејзиниот демократски дефицит - случајот на Норвешка )** | **доц.д-р Зоран Илиевски** |

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ - АСИСТЕНТ НА НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПРИМЕНЕТИ ПОЛИТИЧКИ НАУКИ НА ПОЛИТИЧКИТЕ СТУДИИ НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ" ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, на седницата одржана на 27.1.2012 година, донесе одлука за формирање на Комисија за избор/преизбор на соработник во соработничко звање - асистент на научната област применети политички науки на политички студии.

Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Татјана Петрушевска, проф. д-р Тања Каракмишева-Јовановска и доц. д-р Зоран Илиевски, ги разгледа поднесените пријави и на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје му го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На конкурсот објавен во дневниот весник „Дневник" од 27.12.2011 година, за избор на соработник во соработничко звање - асистент на научната област применети политички науки на политички студии се пријавија два кандидати:

1. м-р Апостоловска Милена
2. м-р Александар Пацески

### I. *Податоци за кандидатите*

**1. М-р Апостоловска Милена** е родена на 10.8.1984 година во Скопје.

<u>*Образование*</u>

Средното образование (општа гимназија) го завршила во гимназијата „Јосип Броз-Тито"во Скопје во 2003 година, како најдобар ученик во генерацијата. Во учебната 2003/2004 година се запишала на правните студии на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, каде што дипломирала во 2008 година со просечна оценка 9,40, стекнувајќи се со стручен назив *дипломиран правник*. Прогласена е за трет најдобар студент во генерацијата за што е добитник на наградата „бронзен Јустинијан" на Правниот факултет.

Во 2008 година се запишала на постдипломски студии по политички науки, насока: Применети политики. Магистрира во декември 2011 година на темата „Институционалните промени во ЕУ со Лисабонскиот договор"и се стекнува со називот *магистер на политички науки од областа на применета политика*. Постдипломските студии ги завршува со просечен успех 9,5.

Кандидатката активно говори и пишува англиски јазик, а има основни познавања од германскиот јазик. Се служи со повеќе компјутерски програми и апликации.

*Работно искуство:*

- 2009 – денес: помлад асистент на научната област применети политички науки на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје (одлука за избор во соработничко звање - помлад асистент, донесена од Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје на седницата одржана на 4.6.2009 година). М-р Апостоловска Милена е вклучена во изведување на вежбите од прв циклус студии на правни науки, политички науки и новинарство. Така, во прв циклус на студии по правни науки кандидатката е вклучена во одржувањето на вежбите по предметот социологија на правото од 2010 година до денес, на политичките студии кандидатката е ангажирана на предметот политичка социологија и на студиите по новинарство одржува вежби по предметите новинарство во печатени и електронски медиуми и слобода на изразување. Во учебната 2009/10 кандидатката е ангажирана во изведувањето на вежбите во втор циклус студии, насока: примената политика, на следниве предмети: применета политика, анализа на политики и вреднување на политики.
- 2006-2008: демонстратор на предметите уставно право и политички систем на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје. Во овој период, кандидатката учествува во изведувањето на вежбите на Катедрата за уставно право.

- 2006-2009: помлад соработник во Кабинетот на претседателот на Владата на Република Македонија.

*Учество на конференции, семинари и истражувачки посети:*

- Мај 2011 година – Бурса, Р.Турција, Balkan States Media Forum (Меѓународна конференција во организација на Владата на Р.Турција);
- 10-16 април 2011, Дубровник, Р.Хрватска, Jean Monnet Seminar Advanced Issues of European Law the first year of the treaty of Lisbon

*Кандидатката е автор на следниве трудови:*

- „Институционален развој на ЕУ од основањето до денес"-Зборник на Правниот факултет во чест на проф. Зеленков(во печатење);

- „Анализа на надлежностите на ЕУ институциите и реформата направена со Договорот од Лисабон"-Зборник на Правниот факултет во чест на проф. кики Мангова(во печатење).

**2. М-р Александар Пацески** е роден на 30.10.1984 година .

*Образование*

Во 2008 година го одбранил магистерскиот труд на Софискиот универзитет „Св.Климент Охридски“ и се стекнал со звањето магистер по меѓународни односи. Кандидатот има завршено Средно економско училиште во Охрид каде што се стекнал со звањето економски техничар.

*Работно искуство:*

Во приложената биографија кандидатот напишал дека има волонтирано во повеќе организации без притоа да даде повеќе информации за тоа кои се истите. Кандидатот нема доставено податоци за објавени трудови или посети на конференции и семинари.

Кандидатот навел дека се служи со англискиот и бугарскиот јазик.

## *II. Заклучна оцена и предлог*

Комисијата со внимание ги разгледа доставените пријави на двата кандидати со приложените документи. Врз основа на Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, одлучи да предложи м-р Апостоловска Милена да биде избрана во соработничкото звање асистент на научната област применети политички науки на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.

Кандидатката е докажан млад и амбициозен научен работник и истражувач, која уште како студент покажуваше одлични резултати и заради тоа беше вклучена во наставата како демонстратор, а потоа и како помлад асистент на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје. Се работи за вреден, одговорен и сериозен соработник кој досега со успех ги извршува зададените обврски и задачи во предвидениот рок. Подготвеноста за тимска работа, со нагласено чувство за колегијалност и соработка, како и истакнатите комуникациски и аналитички способности се дел од карактеристиките на предложениот кандидат. Кај кандидатката м-р Апостоловска Милена е препознатлив потенцијалот за понатамошен научен развој и сметаме дека ќе се развива во солиден наставно-научен кадар на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.

Кандидатката изработи и одбрани магистерски труд со завидна оригиналност и интердисциплинарност. Кандидатката покрива, во својство на

соработник, повеќе и разновидни дисциплини, со што покажува способност за иден развој во повеќе научни области.

Имајќи го предвид горенаведеното, ни причинува особено задоволство на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје да му предложиме **м-р Апостоловска Милена да биде избрана за асистент на научната област применети политички науки на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје.**

**Комисија**

Проф. д-р Татјана Петрушевска с.р

Проф. д-р Тања Каракамишева-Јовановска с.р

Доц. д-р Зоран Илиевски с.р